ЈАСМИНА ДЕЛЧЕВА ДИЗДАРЕВИЌ

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

УЧЕБНИК ЗА 4 ОДДЕЛЕНИЕ
ВО ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

4



Јасмина Делчева Диздаревиќ

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

ЗА ЧЕТВРТО ОДДЕЛЕНИЕ НА ОСНОВНОТО ДЕВЕТГОДИШНО ОБРАЗОВАНИЕ

**МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК 4**
**учебник за четврто одделение во деветгодишно основно образование**

**Издавач:**
Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, 1000 Скопје

**Автор:**
Јасмина Делчева-Диздаревиќ

**Рецензенти:**
Гордана Алексова
Сузана Аврамовска
Сузана Милошева Левкова

**Компјутерска обработка, графичко уредување и илустрации:**
Младен Јакимовски и Андреј Лавчански

**Јазична лектура:** Дејан Василевски

**Стручна редакција:** Орданка Мицкова

**Уредник:** Орданка Мицкова

**Графичко и техничко уредување:** Љеон Џинго, Елена Стефановска– АРС СТУДИО

**Место и година на издавање: Скопје, 2022 година**

Со Одлука за одобрување и употреба на учебник по предметот Македонски јазик за IV одделение во деветгодишно основно образование бр. 26-645/1 од 1.09.2022 година, донесена од Националната комисија за учебници.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

373.3.016:811.163.3(075.2)

ДЕЛЧЕВА Диздаревиќ, Јасмина
Македонски јазик за четврто одделение на основното деветгодишно образование [Електронски извор] / Јасмина Делчева Диздаревиќ ; [илустрации Младен Јакимовски и Андреј Лавчански]. - Скопје : Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија, 2022

Начин на пристапување (URL):
https://www.e-ucebnici.mon.gov.mk/pdf/Makedonskijazik_4_makedonski.pdf. - Текст во PDF формат, содржи 191 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 17.10.2022

ISBN 978-608-273-091-2

COBISS.MK-ID 58366469

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

# 4

Скопје, 2022 година

# СОДРЖИНА


ДО УЧИЛИШТЕТО И НАЗАД .......... 9
НОВИ ЗАПОЗНАВАЊА – НОВИ ДРУГАРУВАЊА .......... 11
ПЕСНА ЗА ТАТКОВИНАТА .......... 12
КАРАНИЦА ЗА ЕСЕНТА .......... 14
ИЗВЕСТУВАЊЕ .......... 17
ЕСЕНСКИ ПЛОДОВИ .......... 18
ВРЕМЕНСКИ И КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ .......... 20
НЕПОЗНАТИ ЗБОРОВИ .......... 22
ЗБОРОВИ СО ИСТО И ЗБОРОВИ СО СПРОТИВНО ЗНАЧЕЊЕ .......... 24
БОНТОН ВО ТИМСКА РАБОТА .......... 27
МУДРУВАЊЕ .......... 29
МЕНЕ МИ Е ДОСАДНО .......... 31
НА ИЗЛЕТ .......... 33
ПОД ОСКОРУША .......... 35
ГЛАСОВИ И БУКВИ .......... 37
ЗБОР, ПОДЕЛБА НА ЗБОРОТ НА СЛОГОВИ .......... 38
ZOŠTO VRNE DOŽD .......... 41
ДОЖДОТ ДОЖДИ .......... 42
КЛУПА ЗА ПОДДРШКА .......... 43
НЕДОРАЗБИРАЊЕ .......... 45
КВИЗ .......... 46
РАЗЛИЧНИ, А СЕПАК ИСТИ .......... 47
НА КОНКУРСОТ ЗА НОВО ИМЕ НА ЗОЛНИК ПОБЕДИ ПРЕДЛОГОТ НА СЛЕПОТО ДЕТЕ – ГРАДОТ ДА СЕ ВИКА ДОБРИНО .......... 49
ПОСТЕР .......... 52
БЛИЗНАЦИ – УМНИЦИ .......... 54
ДЕТСКИ СОН .......... 56
КАРАТЕ-МАЈСТОР .......... 58
ПРИКАЗНАТА ЗА ЖАПЧЕТО И ЗМИЈЧЕТО .......... 60
МАПА .......... 62
УБАВИОТ ЗБОР ЖЕЛЕЗНИ ВРАТИ ОТВОРА .......... 64
СЛАТКАТА ТРЕВА .......... 65
ПОЗАЈМУВАЊЕ .......... 66
ДРУГАРСТВО ИЛИ? .......... 68
НА ПОСТАРИТЕ СЕСТРИ ИМ Е ПОТЕШКО .......... 70
ПРАВДА СО ДУПКИ .......... 72
ИМЕНКИ .......... 73
ВЕЖБИ ЗА ИМЕНКИ .......... 77
РОДЕНДЕН .......... 79
НАЈДОБРИ ДРУГАРКИ ЗАСЕКОГАШ .......... 82
ПОКАНА .......... 85
ПРИДАВКИ .......... 87
ПЛАНИНИТЕ МАКЕДОНСКИ .......... 91
ТЕЛЕФОНСКИ РАЗГОВОР .......... 92
ВИРУСИ .......... 93
ЗОШТО ПЛАЧЕМЕ? .......... 94
ЕДИНИЦА ЗА ЗАДУТРЕ .......... 95
ГЛЕДАМЕ ФИЛМ .......... 97
ДЕКЕМВРИ .......... 98
КАКО ДОАЃА НОВАТА ГОДИНА .......... 99
НОВОГОДИШЕН ПОДАРОК .......... 100
ДЕДО МРАЗ И ВЕШТЕРКАТА .......... 103
КУЧЕТО ШТО БЕШЕ НИЧИЕ .......... 105
ЦРЕШАТА СЕ БУДИ .......... 107
КАКОВ ОРКЕСТАР БИ БИЛ .......... 108
ОТКАЧЕНА ИГРА .......... 109
ЛИЧНИ ЗАМЕНКИ .......... 112
НЕОБИЧНО БЕГСТВО .......... 116

КРУГ ........ 117
СЛИКИЧЕТО НА ТОШО ........ 119
ТЕАТАР ........ 121
ОХРИДСКА ПАСТРМКА ........ 122
ОБЛАК НАД ЕЗЕРОТО ........ 124
МАЛЕЧКА РЕКА ........ 125
МАЈЧИНА ЉУБОВ ........ 126
МАШКО-ЖЕНСКИ РАБОТИ ........ 127
ЧИЧКОТО СО ЛОПАТАТА ........ 128
ГЛАГОЛИ ........ 131
ЈАС СЕ ИНФОРМИРАМ ........ 135
ПИСМО ........ 137
ЧОВЕКОТ ШТО МУ ПОМОГНАЛ НА ЕДЕН ДРУГ ЧОВЕК ДА СИ ЈА ИЗВАДИ КОЛАТА ШТО МУ БИЛА ПРОПАДНАТА ВО КАЛ ........ 139
ПРОЛЕТ ........ 141
ПРОЛЕТНО БУДЕЊЕ ........ 142
ЗБОР-ДВА ЗА ПЕПЕРУГИТЕ ВО НАШАТА ДРЖАВА ........ 144
ПЕПЕРУТКА ВО ЛЕТ ........ 146
УНИВЕРЗУМОТ И ПЛАНЕТИТЕ ........ 147
ПЕСНА ЗА МЕСЕЧКО ........ 149
КОНТИНЕНТИ ........ 150
РЕЧЕНИЦИ ........ 151
СТРУКТУРА НА РЕЧЕНИЦА ........ 152
ИНТЕРПУНКЦИСКИ ЗНАЦИ ........ 153
ПОРАКА ........ 155
АЈДЕ ДА ПОВТОРИМЕ ........ 156
ГУЛАБИТЕ И ЛОВЕЦОТ ........ 158
КОШУЛАТА НА СРЕЌНИОТ ЧОВЕК ........ 161
ВОЛШЕБНОТО ГРНЧЕ ........ 164
ЛИСИЦАТА И ШТРКОТ ........ 166
ЕЖ И ЗАЈАК ........ 168
ДВЕ ЖАБИ ........ 170
ЛАВОТ И ЗАЈАКОТ ........ 171
NEČESNIOT MLEKAR ........ 172
МРЗЛИВАТА ЖЕНА ........ 173
ОД НАРОДНОТО ТВОРЕШТВО ........ 174
...ПРОПУШТЕНАТА ПОСЕТА ВО СТАРАТА ЧАРШИЈА ........ 175
ХЕРОЈ ........ 176
ТАТКОВИНА ........ 177
ЕКОЛОГИЈА И РЕЦИКЛИРАЊЕ ........ 178
МАГАРЕТО, ВОДЕНИЧАРОТ И ВОДЕНИЧАРСКИОТ СИН ........ 180
ЛЕТУВАЛИШТЕТО НА ВОЛКОТ ........ 182
ДИЈАЛЕКТ И СТАНДАРДЕН ЈАЗИК ........ 184
ПАТОРОТ ВЕСЕЛКО ........ 186
АЈДЕ ДА ПОВТОРИМЕ ........ 188
ПОСЕТА НА КИНО ........ 189
ЛЕТЕН ОДМОР НÈ ЧЕКА ........ 190

Драг ученику, драга ученичке,

Пред тебе е учебникот по предметот македонски јазик за четврто одделение со кој ќе другаруваш оваа учебна година.

Во нив ќе најдеш различни текстови: песни, раскази, приказни, бајки, басни, едночинки, како и текстови што не се литературни, но се интересни и поврзани со темите што ги изучуваш и од другите предмети.

Со овие материјали ќе вежбаш да читаш и, разбирајќи го прочитаното, ќе одговараш на прашањата. Ќе раскажуваш и прераскажуваш, ќе опишуваш и анализираш, ќе научиш многу нови зборови и како да ги применуваш.

Ќе ги продлабочиш своите знаења за медиумите, ќе умееш да го користиш дигиталниот речник, ќе читаш плакати, постери и возни редови.

Преку примерите ќе вежбаш и наученото соодветно ќе го применуваш.

Покрај знаењата, редовно искажувај ги своите ставови, разговарај, прашувај и мисли слободно, различно и креативно.

Ти посакувам успех во совладувањето на новите знаења.



## ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА



На крајот од учебната година треба да:

1. прераскажуваме слушнати и прочитани текстови и дијалози што се различни по содржина и должина;
2. разговараме на определена тема, слушнат текст;
3. читаме течно на глас текстови од разни стилови и со различна тежина за читање, а со брзина соодветна на нашата возраст;
4. интерпретираме податоци презентирани во нелитературни текстови;
5. разликуваме народен јазик (дијалекти) наспрема стандарден македонски јазик;
6. составуваме текстови (усни и писмени) за разни комуникациски потреби на стандарден јазик, користејќи новонаучени зборови и почитувајќи ги усвоените граматички и правописни правила.



## ЛИТЕРАТУРА И ТВОРЕЊЕ



На крајот од учебната година треба да:

1. разликуваме литературни творби и да ги објаснуваме нивните разлики;
2. анализираме и интерпретираме литературен текст на ниво на содржина и да користиме цитати за поддршка на анализата;
3. прераскажуваме литературни текстови, да раскажуваме настани (усно и писмено) и да создаваме текстови на зададена и на слободна тема.



## МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА



На крајот од учебната година треба да:

1. знаеме да пребаруваме, издвојуваме и користиме информации од различни медиуми;
2. ја сфаќаме и пренесуваме пораката од културен настан (посетен или најавен).


УЧИЛИШТЕ

# ДО УЧИЛИШТЕТО И НАЗАД

Септември е,
нови патеки важат.
Најчести:
– До училиштето и назад.

И еве ти ги
основците со првачињата
сами или со другарчињата.
Брзаница по тротоарите,
детска врева
крај булеварите.

Па дури и кај автобусите со два ката
мешаница
на излезната врата.

Излозите
со видеоигри подновени,
денес заобиколени.

Уште од дома се збори:
– Фаќај ги правите зебри
и зелените семафори.

На враќање
мобилните заѕвонуваат,
твоите те пречекуваат.

И уште по некои птици
задоцнето кон југ разлетани
те поздравуваат...

Дали на соседите да им се
објаснува?
Веќе сме ученици
брзо што пораснаа!

Васил Мукаетов





## РАЗГОВАРАМЕ

- Зошто септември е важен за сите?
- Каде водат сите патеки?
- Како е опишан септември во втората строфа?
- Каква промена има низ улиците во септември?
- Разговарајте со другарчињата во одделението за последните стихови од песната: **„Веќе сме ученици брзо што порачнаа!“**
- Дали се чувствуваш така како што велат стиховите?





## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

- Раскажи како ти го помина твојот прв училиштен ден.
- Што ти остави најубав впечаток?



# НОВИ ЗАПОЗНАВАЊА – НОВИ ДРУГАРУВАЊА

## РАЗМИСЛУВАМЕ

Замисли дека ти си детето кое се упатува кон другите деца кои си играат заедно.

Што ќе им кажеш кога ќе се доближиш? Што ќе ги прашаш? Како ќе се претставиш?

______________________________________________





## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

Напиши по една реченица што би ја кажало секое од децата за да се претстави.

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________



# ПЕСНА ЗА ТАТКОВИНАТА

Неа ја носиш со себе,
во својата кревка душа,
само таа во уши ти ѕуни
и со радост ја слушаш.

Таа повикува на љубов,
на чесно живеење,
таа не бара дует –
туку хорско пеење.

Таа не е обична песна,
ниту обично се слуша,
таа извира како извор
од секое грло и душа!

Саво Костадиновски



Поезијата се пишува
во стихови. Стиховите
сочинуваат песни.

Стихот е еден ред од песна.

Неколку стиха групирани
во мала смисловна целина
прават строфа.



## РАЗГОВАРАМЕ

- Според поетот, каде ја носиме татковината?
- На што повикува татковината? Знаеш ли што е дует? Знаеш ли што е хорско пеење? Колкумина учествуваат во хорско пеење?
- Објасни со свои зборови што значат овие стихови: „таа не бара дует/ туку хорско пеење“.
- Што забележуваш, како поетот ја нарекува татковината во последната строфа?





## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

- Нашата земја има преубави предели и пејзажи. Одбери еден пејзаж што тебе ти е познат и кој те воодушевил, а потоа опиши го. Текстот можеш да го збогатиш со фотографии, цртежи, сликички и информации од различни медиуми, учебници, весници, енциклопедии и блогови.

# КАРАНИЦА ЗА ЕСЕНТА

Лица: **Јован**, **Иванка** и **Бабата**

(Јован и Иванка се далечни братучеди. Јован живее во град, а Иванка е дојдена на гости од село. Седат на троседот и разговараат. Иванка јаде јаболко.)

Иванка: А Иванка: Сакаш ли едно јаболко? Од нашата нива се. Највкусни јаболка на светот!

Јован: Како ние овде да не сме виделе јаболка! На пазар има колку што ќе посакаш. И поубави и поголеми од вашите црвливи јаболчиња!

Иванка: А од каде ги носат на пазарите? Од некое село како нашето! Ние на нивата имаме сè: јаболка, круши, сливи, ореви..., а вие овде немате ништо!

Јован: Да не ви расте и ананас на нивата?

Бабата: Без караници, деца! Не сте се виделе две години, а веднаш почнувате со карање!

Иванка: Добро, бабо! Но, Јован мора да признае дека на село есента е поубава отколку во градот! Во нашите полиња лисјата на дрвјата веќе пожолтеа и испопаѓаа. Прекрасно е да одиш по нив додека ти шушкаат под нозете!

Јован: Само кај вас има дрвја! Да не сте ги купиле дрвјата од целиот свет, па сега ги имате само вие?

Иванка: Зборуваш така – затоа што никогаш не си се качувал по дрвја!

Јован: Не сум мајмун! Ние овде имаме лифтови! И скали, доколку знаеш што се тоа скали!



Иванка: Не, не знам! Ти мислиш дека ние в село летаме до горните катови на нашите куќи!
Јован: Жити куќите! Високи како облакодерите во Њујорк?!
Иванка: А ти да не живееш случајно во Париз? Барем не се задушуваме во смог, како вие овде!
Јован: Нормално, кога никогаш не сте виделе автомобил!
Иванка: Не сме виделе, ние се возиме со авион! А коњот, колку да знаеш, е поубав од автомобилот!
Јован: Да, во случај да си Крале Марко!
Бабата: Деца, престанете со тие ваши караници!
Јован: Претерува, бабо! Како да е светско чудо да живееш во некое зафрлено село! А тврдам! Есента е секогаш поубава во градот! Само што овде немаме овци и крави, а во нив е „убавината“ на светот?!
Јован: Есента е поубава в град, и точка!
Иванка: Есента е поубава в село, и извичник!
Јован: Е в град!
Иванка: Е в село!
Јован: В град!!!
Иванка: В село!!!
Бабата: Доста со тоа, деца! Еве ви донесов да каснете нешто! Свежо овошје за вашите ученички стомачиња! Грозје, круши и калинки! И едно да знаете – есента е насекаде иста и насекаде е прекрасна. И в село и в град! Каснете од овошјето! Ајде, пилиња! Да ми бидете свежи како грозје, благи како круши и насмеани како калинки! Каснете!

Д. Неделковски





## РАЗГОВАРАМЕ

- Што разговараат ликовите во оваа едночинка?
- Зошто има наслов „Караница за есента?“
- Што мислиш, има ли мерка со која може да се измери убавината на природата?
- Како можат да се измерат предностите на градот или на селото?
- Според тоа, кој има право, Иванка или Јован?



## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ



- Издвој ги речениците на ликовите со кои се согласуваш, а потоа и речениците на ликовите со кои не се согласуваш. Објасни зошто се согласуваш или зошто не се согласуваш со нивните кажувања.
- Драматизирајте ја едночинката.

# ИЗВЕСТУВАЊЕ







## АНА И ТЕО

**Ана:** Тео, појди кај баба и кажи ѝ ја оваа информација. Веќе цел час се прашува дали да се јави кај одговорните во фирмата за водоснабдувањето на градот.

**Тео:** Веднаш одам да ѝ кажам.

**Ана:** За да бидеш сигурен дека те слушнала, повтори ги важните информации двапати.

**Известување за прекин во водоснабдувањето**

Почитувани,
Ве известуваме дека денеска (20.6.2021 год.) при изведување на градежни работи од страна на фирмата „Блесок“ во Општина Златно Поле, оштетена е цевка за вода на бул. „Македонија“. Поради изведување на работни задачи за поправање на дефектот, водоснабдувањето ќе биде прекинато од 15 до 18 часот.

Со почит,
ЈП Водовод и канализација

- Потсети го Тео кои информации се најважни од ова известување.

____________________________________________________________

____________________________________________________________

- **Известување** е начин на кој усно или писмено пренесуваме одредени информации на слушателите и на читателите за некој настан. Треба да биде точно, јасно и кратко. При пишувањето треба да се одговори на прашањата: КОЈ, ШТО, КАДЕ, КОГА, КАКО, ЗОШТО.

# ЕСЕНСКИ ПЛОДОВИ

Есента ги собира:
по нивјето – класјето,
низ градини – лисјето,
од лозјата – грозјето,
по ридје – костењето,
од цвеќарник – цвеќето,
од пчеларник – саќето,
од насади – праќето...

Од плодови крцкаат:
низ село амбарите,
по визби – бурињата,
капаците, шишињата.

Се разлева, мириса
медот – медовината.
Сегде е распослана
само убавината.

Од песна и веселба
јадреат дамарите,
сите извикуваат:
„Родна е годината“!

Косара Гочкова





## РАЗГОВАРАМЕ

- Што вели поетесата, што собира есента?
- Каде се собираат плодовите и каде завршуваат?

## РАЗМИСЛУВАМЕ

- Посочи ја строфата во која се опева есенската убавина.
- Во последната строфа се нагласуваат радоста и веселбата. Што мислиш, на што се однесуваат таа радост и веселба?





## АНА И ТЕО



**Ана:** Ммм, обожавам есен...
**Тео:** И јас, мммм!
**Ана:** Сè е толку зрело, вкусно, сочно.
**Тео:** Да, и веќе не е толку жешко.
**Ана:** Да, и веќе одиме на училиште и не е здодевно.
**Тео:** Се согласувам. Ајде сега да решиме некоја задача.



## РАЗГОВАРАМЕ

- Каде се наоѓа твоето место на живеење?
- Погледни низ прозорецот, дали е веќе есен?
- Набљудувај, а потоа напиши неколку реченици за она што го запомни гледајќи во природата.



## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ



- Напиши неколку реченици на темата: „Есента е најубава во мојот крај“.

# ВРЕМЕНСКИ И КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ



## АНА И ТЕО



**Тео:** Ана, знаеш што, деновиве постарите постојано велат дека времето не е исто како порано. Јас малку читав во врска со тоа, но пак не ми е јасно.

**Ана:** Дали знаеш на кој континент живееме?

**Тео:** Знам, се разбира, на континентот Европа.

**Ана:** А, дали знаеш дека пред само дваесет илјади години голем дел од Северна Европа бил покриен со огромен снег и мраз што достигнувал дебелина од околу 3 km. Планинските делови, како што се Алпите и Пиринеите, биле покриени со вакви „капи“ од снег.

**Тео:** Тоа бил сосем поинаков климатски систем?

**Ана:** Не знам што е климатски систем...

**Тео:** Климатски систем е, всушност, природата: атмосферата во неа, но и копното, океаните, мразот и снежната покривка и нивната поврзаност.

**Ана:** Во климатските системи постојано има промени.

**Тео:** И времето има различни промени: промени на температурите, врнежите, ветровите и облаците.

**Ана:** Промените во времето покажуваат дека климата се менува, така?

**Тео:** Да, во споредба со времето, климата е под влијание на бавни промени на океанот, копното, земјината атмосфера и сончевата енергија. За да ја определиме климата, ги разгледуваме највисоките и најниските температури на едно место.

**Ана:** Благодарам.

## РАЗГОВАРАМЕ

- Кој го сочинува климатскиот систем? Се менуваат ли елементите на климатскиот систем и како? Кои најчести промени ги согледуваш кај времето? Под чие влијание се менува климата?

## РАЗМИСЛУВАМЕ

- Каква клима има во нашата земја?



# НЕПОЗНАТИ ЗБОРОВИ

## АНА И ТЕО

**Ана:** Познати и непознати зборови може да има и во стари и во нови текстови, во приказни и раскази, во песни.

**Тео:** Еден Илија, Илија што е речиси колку нас, чита текст различен од овој од претходната страница, се соочува со непознати зборови. Ајде да видиме какви се тие непознати зборови.

Илија ја научи азбуката. Почна да чита. Чита, чита, но подзастанува среде четивото. Едно е да читаш, си вели, друго е сѐ да разбереш.

– Бабо, што значи зборот гумно?

Гумно? Гумно значи гумно... си мисли бабата.

– Се јаде или се пие?

Леле, што да правам со ова вселенско дете?! На каков начин да му објаснам?! Пред некој ден ми рече, волкот пишува музика. Потоа, дедо Кире шетал по ќерамиди. Сега, дали гумното се јадело?

Но, Илија сака да чита. Одеднаш одново прашува: – А што е тоа софра? Бабата налутено му одговара: – Некогаш луѓето јаделе на софра. Денес на маса. Писателот е виновен. Зошто пишува такви непознати зборови?

## ОД РЕЧНИКОТ

- **ГУМНО** – рамно и широко место каде што се врши жито, обично со коњи.
- **ТАРАНА** – сушени зрна од тесто.
- **СОФРА** – тркалезна маса за јадење.



– Писателот правилно напишал, бабо! – ѝ одговори Илија.

– Ако правилно напишал, тогаш оди тој да ти објасни.

– Па, тој има објаснето. Еве што пишува: „Гумното беше послано со снопје жито. Коњите беа впрегнати на диканот. Почна вршењето. Околу пладне зрното падна. Сламата блесна жолта како коприна. А пред софрата седеа деветмина браќа и слатко сркаа тарана“.

– Што е тоа „тарана“, бабо?

– Читај докрај, па ќе видиш што е – строго му нареди бабата.

Илија читајќи заспа. Сони, како баба му, наместо јуфки, ориз или макарони, му вари тарана и слатко јадеа двајцата.

Ката Мисиркова-Руменова
(извадок од книгата „Илија сонувачот“)



## РАЗГОВАРАМЕ

- Од полето житото се носело на гумно, таму се вршело со помош на коњите. Дали можеби си посетил гумно?
- Знаеш ли да ја поставиш софрата за јадење?
- Си пробал/а ли тарана? Како најмногу сакаш да ја јадеш тараната?

## РАЗМИСЛУВАМЕ

- Дали постои место, книга или некое друго тајно место каде што се чуваат објаснувањата за непознатите зборови? Размисли што е тоа речник и за што служи тој.

**Речник** е книга во која се собрани зборови на еден јазик, обично по азбучен ред. Во него се дава објаснување за секој збор на истиот јазик или со превод на друг јазик.

# ЗБОРОВИ СО ИСТО И ЗБОРОВИ СО СПРОТИВНО ЗНАЧЕЊЕ

## СЕВЕРНИОТ ВЕТЕР И ВЉУБЕНИОТ СОНЦОБРАН

Со првите денови на есента, северниот ветер пристигна во градот крај езерото. Туристите веќе беа заминале, а децата веќе беа тргнале на училиште. Езерото беше посивело, исто како и небото на кое се туркаа темни облаци.

Северниот ветер дискретно се закашла и ги наду образите подготвувајќи се за својата прва песна таа есен. Таман да дувне во коските на дрвјата во паркчето, кога со крајчето на окото меѓу гранките виде нешто црвено. Погледна уште еднаш, сега малку подобро и кога тоа – високо во гранките се беше заглавил еден голем црвен сонцобран.

– Руменко, од каде ти тука? – праша северниот ветер.

– Заглавив – промрмори сонцобранот тивко. – И не се викам Руменко.

– Не е важно, Црвенко – рече северниот ветер. – Како така си се заглавил токму овде, толку високо над земјата?

– Се вљубив, – прошепоти сонцобранот.

– Како? Зборувај малку погласно, Аловко! – подвикна северниот ветер. – Си се вљубил, велиш?

– Да, и не ме викај така! – рече сонцобранот, сега малку погласно.



– Добро, де, не е важно, Жарко – рече северниот ветер. – И да си се вљубил, каква врска има тоа? Што е тоа битно, ти се молам, што вака си се заплеткал овде?

– Се вљубив во Сонцето, – рече сонцобранот. – Цело лето, секој ден се гледавме таму долу, крај сандакот со сладолед. Продавачот на сладолед ќе ме отвореше наутро и цел ден го минуваше со него, со Сонцето, сѐ додека не дојде вечерта...

– Добро, де, Огненко – го прекина северниот ветер со потподуени образи, нестрплив да ја засвири својата прва песна таа есен. – Скуси ја малку приказната. Како се најде овде?

– Кога сфатив дека летото поминува, – продолжи сонцобранот, – видов дека Сонцето сѐ помалку ми доаѓа. Мене сѐ поретко ме отвораа, а вчера, продавачот стави катанец на сандакот со сладолед. Знаев дека денеска ќе ме врзе и ќе ме стави во малечко магацинче за да седам во темнина сѐ до следното лето... Јас не можам да издржам толку без да го видам моето Сонце... И така решив да избегам, да летнам високо кон небото и кон него... Но, немав доволно сила да се пробијам низ гранкиве...

Северниот ветер сега молкум го гледаше расплаканиот сонцобран. Знаеше тој добро што е љубов. Се сети на Аурора, поларната светлина во која тој беше вљубен. Се сети дека ќе ја види дури напролет, кога ќе се врати во својот дом, таму горе на Северниот Пол.

– Те молам, Ромео, летањето не е работа за аматери, дозволи ми мене како на професионалец да те подучам! – му рече тој на сонцобранот, ги наду образите и дувна со сета сила што цело лето ја собирал на Северниот Пол. Гранките на дрвјата се свиткаа, закрцкаа, па повторно се свиткаа на другата страна и го ослободија сонцобранот. Северниот ветер дувна уште еднаш и црвениот сонцобран полета високо кон небото, високо кон Сонцето што беше се скрило зад облаците.

– Убаво име: Ромеооо... – гласот на сонцобранот се издигна над градот крај езерото во кој задува првиот северен ветер таа есен.

Елизабета Баковска

## РАЗМИСЛУВАМЕ

- Напиши ги зборовите што во текстот се обележани со црвена боја. Размисли за нивното значење. Дали тие означуваат нешто слично или различно?

________________________________________________

Понекогаш зборовите може да се различни, но да имаат слично, па дури и исто значење. На пример, за зора може да се каже и изгрејсонце, за успех може да се каже и постигнување, достигнување.

За зборовите можеме да кажеме и збор спротивен по значење. На пример, за зборот млада можеме да кажеме спротивен збор стара, за широко спротивно е тесно, за горе спротивно е долу.

Во следната табела има примери за спротивни зборови. Поврзи ги така што да образуваат пар по спротивност.

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДЕН | • | • | ВИСОК |
| УБАВ | • | • | КРАТКО |
| НИЗОК | • | • | НОЌ |
| ДОЛГО | • | • | СВЕТЛИНА |
| ЦРН | • | • | БЕЛ |
| МРАК | • | • | ЗЕМЈА |
| НЕБО | • | • | ЛОШ |
| ДОБАР | • | • | ГРД |
| ЏИН | • | • | ДЕБЕЛ |
| СЛАБ | • | • | ЏУЏЕ |

Состави парови од зборовите што имаат исто или слично значење.

| | | | |
|---|---|---|---|
| МЕЧТА | • | • | УМ |
| ПАМЕТ | • | • | ПРИЈАТЕЛ |
| ТАТКОВИНА | • | • | РОДИНА |
| ДРУГАР | • | • | ФАМИЛИЈА |
| МОМА | • | • | ЖЕЛБА |
| СЕМЕЈСТВО | • | • | ДЕВОЈКА |

# БОНТОН ВО ТИМСКА РАБОТА

Во моето одделение дојде ученик од Јапонија. Сите бевме возбудени и љубопитни. Сакавме да разговараме со него и да му поставуваме прашања за ученичкиот живот во неговата земја.

– Еон ќе седи до Тео – рече наставничката.

Тео беше најсреќниот ученик тој ден. Но, сепак, му беше жал за другите другарчиња. Предложив да работиме во групи, тимски. Така, во групата на Еон беа повеќе другарчиња. Тимот доби задача: „Убавините на мојата татковина“. Почнавме да се договараме, да си ги поделиме задачите и секој нешто да направи. Потоа требаше да направиме целина и да ја презентираме. Го нацртавме знамето на нашата држава на целиот хамер, а потоа насекаде лепевме слики од природните убавини на нашата земја. Еон ја нацрта Јапонија, плус Јапонче и робот. Ние се зачудивме и му рековме дека тоа не е Република Северна Македонија. Еон рече: „Мојата татковина е Јапонија“. Навистина неговата татковина е Јапонија, но како да ја вклопиме во нашиот проект.

– Па, ние Македонците сме гостопримлив народ и ги сакаме сите луѓе од целиот свет. Гостопримливоста на Македонците е убава и добра особина. По тоа нè знаат сите – се досети Емир.



Во еден дел од проектот напишавме „Татковината на нашиот соученик од Јапонија“.

Кога завршивме, презентиравме сите заедно. Јас објаснив како работевме во тимот. Тео истражуваше по списанијата и бараше слики од природните убавини, Калина според сликите кратко го запишуваше името на местото, Еон си нацрта за неговата татковина Јапонија, Леона го нацрта знамето на нашата земја. Емир се досети дека Македонците се многу гостопримливи и дека тоа е македонска убавина.

Така го создадовме овој проект, заеднички со договор и поделба на задачите. Не се каравме, си разменувавме прибор за работа и мислам дека создадовме едно оригинално дело.

Се разбира проектот беше изложен во училишниот хол и пофален.



Јадранка Клисарова
Жаклина Ристовска
(извадок од книгата „Училиштен бонтон“)

## РАЗГОВАРАМЕ

- Како се однесувале учениците во одделението при пристигнувањето на новото дете?
- Каква задача добиле?
- Како го подготвиле проектот?
- Како ја оценуваш постапката на Еон?
- Што мислиш за постапките на лидерот на групата во која работи и Еон?
- Дали се согласуваш со она што Емир го кажува во текстот: „Па, ние Македонците сме гостопримлив народ и ги сакаме сите луѓе од целиот свет. Гостопримливоста на Македонците е убава и добра особина. По тоа нè знаат сите – се досети Емир“.



## РАЗМИСЛУВАМЕ

- Како се однесуваш ти кога работиш во група? Дали имате правила по кои работите кога сте поделени во група? Како ги делите обврските меѓу себе?

# МУДРУВАЊЕ

Одеднаш баба му на Јане офка во кујната:

– Многу садови. Сите јадат, никој не мие. Кој се чека да ги измие?

Навистина. Многу садови има – си мисли Јане – и чисти и нечисти. И друго има, нема кај да се свртиш: столови, книги, тенџериња, тави, чаши...

И, Јане ѝ предлага на баба си – сите да јадат од една чинија, со една лажица или виљушка. Нека јаде еден, па после друг. И, за миење ќе остане само една чинија. А не олкав куп. И да се пие може од една чаша. Па, за сè друго може така – да си мијат заби со една четка, да се чешлаат со еден чешел, да читаат една книга, да седат на еден стол; еден – малку, па друг – малку...

– Не – вели сестра му. Јас сакам да си имам моја четка за заби и мој чешел, а и друго. По твојот ум сите треба и со еден чевел да одиме. Гледа Јане – еден чевел и за еден човек е малку... Почнува веќе да му се ниша столбот на неговото мудрување. Во тој час доаѓа дедо му од пазар, па меѓу другото носи и чоколадо.

– Зошто едно? – прашува Јане отсечно.

– Не ми втасаа парите, па... Делете си го со сестра ти – вели дедо му.

– И не само со сестра му – сериозно се замешува баба му. – Со сите. Сите ќе јадеме од едно чоколадо, бидејќи според Јане сите треба да јадеме од една чинија, со една лажица, да седиме сите на еден стол, од една чаша да пиеме.

– А, така ли? – вели дедо му и прв гризнува малку од чоколадото.

Ова веќе наполно го урна пронајдокот на Јане.

– Добро, де, добро – вели тој – веќе не мислам така.

Цане Андреевски
(расказ од „Белата мечка, синиот кит и другите“)





## РАЗГОВАРАМЕ

„И, Јане ѝ предлага на баба си – сите да јадат од една чинија, со една лажица или виљушка. Нека јаде еден, па после друг. И, за миење ќе остане само една чинија. А не олкав куп. И да се пие може од една чаша. Па, за сè друго може така – да си мијат заби со една четка, да се чешлаат со еден чешел, да читаат една книга, да седат на еден стол; еден – малку, па друг – малку...“

- Дали ова размислување на Јане е прифатливо?
  а) Да, затоа што е практично, не мора да се мие многу.
  б) Не е практично, затоа што е нехигиенски.
  в) Ова размислување е прифатливо ако нема време за суредување и миење дома.
  г) Не знам дали е прифатливо, малку е смешно.
- Што го премислува Јане?
  а) Чоколадото.
  б) Сфатил дека е невозможен неговиот предлог.
  в) Веќе му било сеедно.
  г) Противењето на сестра му.

**ПОРАКАТА ОД ОВОЈ ТЕКСТ Е:**

________________________________________

________________________________________

________________________________________



## ТВОРИМЕ

**Задача:** Напиши твој предлог за распоред на обврските во домот. Доколку тоа веќе го имате, сподели го како пример со твоите соученици.

# МЕНЕ МИ Е ДОСАДНО

Мене секој ден ми е досадно. Поточно, мене секој ден ми е многу досадно. Сепак, има еден ден во неделата кога ми е најдосадно. Тој ден е четврток. Во четврток ми е толку досадно што не знам што да правам со себе. Најчесто седнувам на столот и се досадувам. Понекогаш од досада пуштам коса, трепкам или мрдам со носот. Кога ми е многу, многу, многу досадно, тогаш земам и пуштам нокти на рацете, а кога ми е средно досадно, тогаш пуштам нокти и на нозете. Во случај да ми е нешто помалку досадно (тоа се случува многу ретко), тогаш ја собирам и ја развлекувам устата. Баба ми мисли дека се смеам, ама тоа воопшто не е точно. Јас, всушност, тогаш се досадувам. Ништо не ѝ објаснувам за да не ме распрашува, а тоа би ми било уште подосадно. Подобро е вака. Нека мисли дека се смеам.

Што се однесува до мене, четврток би можел да се вика досадник. Или поточно најдосадник. Во петок исто така се досадувам, ама помалку одошто во четврток затоа што знам дека доаѓа викенд. Сабота и недела и ми поминуваат некако, ама понеделник и вторник никако. Почетокот на неделата најчесто го преспивам затоа што не знам што да правам со себе од досада. Во среда најчесто се досадувам така што постојано повторувам:

– Мене ми е досадно! Мене многу ми е досадно!

Тато не ги поднесува овие две реченици, па потоа се обидува да ме занимава со нешто, што мене ми предизвикува уште поголема досада. Колку повеќе тој се труди да ми биде забавно, толку мене ми е сè подосадно и подосадно. Моето досадување понекогаш ја лути мама, а понекогаш ја натажува, сè зависи од тоа како е расположена. А што се однесува до брат ми, нему баш му е гајле дали се досадувам или се забавувам лудо. Тој само спие, пие млеко и плаче. Кога ќе порасне веќе еднаш за да можеме заедно да се досадуваме? Ми досади веќе сам да се досадувам!



Јасминка Петровиќ
Превод од српски јазик:
Билјана Црвенковска



**АНА И ТЕО**

**Ана:** Ова е дефинитивно расказ за досадата, досадувањето како најдосадно нешто на цееееелиот свет.

**Тео:** Досада што не престанува во ниеден ден, тоа е подосадно од обична досада, нели?

## РАЗГОВАРАМЕ

- Кому му е досадно во овој расказ?
- Пронајди ги речениците во кои ликот раскажувач ни кажува како се чувствува и опиши ги чувствата за секој ден во неделата.
- Како реагираат членовите од семејството на оваа постојана досада на раскажувачот?
- Дали има некакво решение за оваа досада? Прочитај го крајот на расказот, одговорот е таму.

## ТВОРИМЕ

**Задача:** Напиши три работи со кои едно дете може да се спаси од досада. На пример, некоја игра, некоја идеја за дружење со другарчиња и слично.

## ОД РЕЧНИКОТ

- **РЕАЛИСТИЧЕН** – вистински.
- **ФАНТАСТИЧЕН** – измислен, волшебен, што го нема во стварноста.

# НА ИЗЛЕТ

Целото семејство тргна накај Водно. Илија беше среќен. Денот ќе го помине подалеку од нивната улица, полна со врева. И нема да му вика баба му: „Илија, не стој покрај тротоарот! Не играј со топка! Не ја претрчувај улицата! Брррр! Многу автомобили фрчат како побудалени“. Сега беа на широко. Среде шума.

– Можам ли да соберам лисја? – праша Илија.

– Можеш да правиш што сакаш – му одговори мајка му. – Затоа сме на излет.

„Ох, ова е прекрасно“, си вели Илија. Почна да си собира ливчиња од смрека, диви костени, од ниските јавори, раскошната шума, беше покриена со разновидни гранки. Потоа си ископа еден мал бунар. Си направи летна куќичка. И токму тоа беше повод да побара помош.

Мајка му се насмевна. Во себе си рече: „Не мило мое, остави ги таму каде што се; лисјата, исто така, им се како храна на стеблата“.

Ручаа седнати врз зелениот килим. Брат му, бидејќи беше поголем, исвире неколку мелодии со усната хармоника. Толку беше убаво да се слуша. Илија рипна од каде што седеше. Дојде до патната ограда. Погледна удолу, накај Скопје.

– Мамо, тато, ништо не гледам. Леле, ослепев! – се извика и си ги затвори очите.



– Па, како ќе гледаш кога мижиш – му рече тато кога дојде до Илија.

– Ги затворив очите оти се уплашив. Над Скопје гледам само чад. Погледни, ниту една куќа не се... – сите се стрчаа накај патната ограда. Сите гледаа накај градот. Освен сива завеса, друго ништо не се гледаше.

– Е, каде се нашите еколози да го видат ова? – грд збор изрони од устата на тато. Илија се зачуди. Значи, сепак, некој е виновен за сивата завеса?

– Мамо, можеме ли и ние нешто да сториме?

– Можеме, сине, но не само ние... – го гушна мама. – Во светот сите работат за да им биде чист градот. А најмногу еколозите. Но, не да седат само во своите убави канцеларии, туку...

– Што туку, мамо?

Другиот ден Илија писмената работа ја даде меѓу првите ученици. Имаа слободна тема: „Ние сите ќе треба нешто да сториме за нашиот град. Да ја тргнеме сивата завеса од неговото лице! А не само ’еколозите‘ да бидат виновни за сè“. Ете така пишуваше во неговата тетратка.

Учителката се зачуди. Од каде Илија да го напише тоа?

– Не го напишав јас, учителке. Го препишав од весникот. Ама идејата ми ја даде, вчера, мама, кога бевме на Водно.

Ката Мисиркова-Руменова
(извадок од книгата „Илија сонувачот“)



## РАЗГОВАРАМЕ

- Каде заминува семејството на Илија?
- Како се чувствува Илија на излетот?
- Зошто се чувствува така?
- Зошто се менува расположението на излетниците?
- Како влијае тоа на Илија? Што заклучува тој?





## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

- Текстот завршува со една порака што Илија ја пишува во својата тетратка за писмена работа. Најди ја пораката и образложи ја.

# ПОД ОСКОРУША

Под една оскоруша се караат две мечиња. Секое би сакало да се доближи до стеблото и да набере оскоруши, ама и двете се родени во ист месец и ден, и во иста пештера. Снагата им е иста, ама умот... не. По подолга борба едното од нив се досети и го препна другото. Ова падна, а победникот му се качи на грбот и скина неколку оскоруши. Победеното заплака и се зарече дека веќе никогаш нема да го погледне своето братче.

Ама кој го слуша неговото брувкање? Мајка му беше зафатена сè да среди за да може долгиот зимски сон да биде попријатен. Таа ги сакаше своите дечиња. Кога имаше слободно време, ги галеше и милуваше и едното и другото. Победникот имаше сосема темни влакна и таа го викаше „Црното“, а на победеното левото уво му беше прекриено со жолтеникави влакна и заради тоа мајка му го викаше „Белото“.



Таа вечер „Белото“ не беше дошло дома на спиење.

– Кај ти е братчето? – го праша мајката мечка.

– Отиде – одговори сонливо „Црното“.

– Гледам дека некаде отишло, ама каде?

– Рече дека ќе оди по светов. И мене ми беше луто оти го победив и му ги изедов оскорушите.

Исплашената мајка в полноќ истрча од пештерата за да го побара синот. Толку викаше низ шумата што од секаде одекнуваше нејзиниот глас. Замоли три глувчиња да се растрчаат на три страни за да го побараат нејзиниот син. Потем го запре стариот був во лет и него го замоли да го бара...

Злата Видачек
(извадок од книгата „Бајки“)



## РАЗГОВАРАМЕ

Прочитај го текстот и одговори на следните прашања:

- Со кои ликови се сретнавме во овој текст?
- Како се дружат меѓу себе мечињата?
- Што мислиш за нивното несогласување?
- Дали „Белото“ се налутило со право и зошто?
- Дали „Црното“ можело и поинаку да постапи?
- Одреди ги речениците каде што се опишуваат двете мечиња.



## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ



- Продолжи ја приказната и напиши свој крај. При пишувањето образложи каде отишло „Белото“, зошто си заминало и потоа што сторило „Црното“.

# ГЛАСОВИ И БУКВИ



## АНА И ТЕО



**Ана:** Да се потсетиме! Во македонскиот јазик има 31 глас. За секој глас во македонската азбука – КИРИЛИЦА има по една буква.

**Тео:** Сите гласови во македонскиот јазик не се изговараат на истиот начин. Ајде да го провериме тоа низ една игра.

Поделете се во пет групи. Секоја група без прекин нека кажува еден од гласовите: а, е, и, о, у. Во групата разговарајте како се изговара гласот што го повторувате.

Како се движи воздухот низ устата при изговорот на  гласовите: а, е, и, о, у?

Гласовите што се изговараат без пречки во усната празнина се викаат **самогласки**.

Во македонскиот јазик самогласки се: а, е, и, о, у.

Како се изговараат другите гласови? Пример: т, д, в. Нивниот изговор е поинаков и при поминувањето на воздухот низ усната празнина јазикот зазема различни позиции.



Изговорете и споредете:









Зборовите се состојат од **гласови**. Кога пишуваме, гласовите ги запишуваме со **букви**.

Сите гласови не се исти по звучност: некои се **согласки**, а некои **самогласки.**

# ЗБОР, ПОДЕЛБА НА ЗБОРОТ НА СЛОГОВИ

## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

1. Секој од вас во одделението нека смисли збор во кој нема самогласка.
2. Секој нека смисли по пет збора со самогласки – нека има и такви што се покуси и некои што се подолги.

**Примери:**

слон, нос, сам, сон, тон, син, збор, плам, свет, цвет, двор

рака, песна, дете, куќа, лето, книга, лаптоп, фустан

телефон, автомобил, тротинет, ролери, тетратка, животно

## РАЗМИСЛУВАМЕ

- Изброј ги самогласките во секој од зборовите што се напишани погоре. По колку самогласки има во секој збор? Повтори го тоа за секоја група зборови. Има ли разлики? Запишете како се менува бројот на самогласките во групите зборови.

**Да заклучиме:** Зборовите што имаат една самогласка се еднослoжни, зборовите што имаат две самогласки се двосложни, зборовите што имаат три самогласки се трисложни зборови.

**Примери:**

СОН    КНИ-ГА    ТЕ-ЛЕ-ФОН

## РАЗМИСЛУВАМЕ

Читај ги сега зборовите полека како што се поделени со цртичката: тон; слон; ма-са; вра-та; ри-ба; глув-че; мо-лив; пен-ка-ло; тет-рат-ка; пла-ни-на. Забележуваш дека се поделени на онолку делови колку што има самогласки. Секој таков посебен дел се вика слог. Самогласката е носител на слогот во зборот.

**Слог** е дел од зборот, односно еден или повеќе гласови што се изговараат со едно издишување на воздухот и секогаш во себе содржи самогласка.

Разгледај ја следната реченица:

Јас треба да одам на работа. – реченица

Јас тре-ба да о-дам на ра-бо-та. – зборови поделени на слогови

Ј-а-с т-р-е-б-а д-а о-д-а-м н-а р-а-б-о-т-а. – зборови поделени на гласови

**Глас** е најмалиот дел од реченицата што може да се изговори.





## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

1. Зборовите од табелата запиши ги на линиите според бројот на слоговите.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ученик | црв | телевизор | ливада | библиотека |
| небо | компјутер | врата | кош | маса |
| сончоглед | училница | телефон | билборд | врат |

Еднослложни зборови ______________________________

Двосложни зборови ______________________________

Трисложни зборови ______________________________

Повеќесложни зборови ______________________________

2. Зборовите од табелата подели ги на слогови.

__________________________________________________

3. Подели ги на слогови зборовите од следниот текст.

„...Дента кога остана без своето милениче, Давид се чувствуваше осамено и тажно. Го немаше веќе неговиот верен пријател, Снупи. Откако знаеше за себе, знаеше и за тоа палаво кученце. Му раскажуваа дека со Снупи ги направил првите чекори. Му раскажуваа дека за него ги кажал првите зборчиња... Давид едноставно сакаше да биде малку сам. Излезе во парк и седна на првата клупа. Истото го направи и следниот ден по часовите и следниот ден по часовите...“

__________________________________________________



## РАЗМИСЛУВАМЕ

– Разгледајте ги зборовите и гласовите од коишто се составени. Изговорете ги гласно сите зборови еден по еден. Ги изговарате ли без пречки во изговорот?

На пример: прв, црв, крв, врв, стрмно, срна, грне.

– Колку слогови има секој од зборовите? Дали во секој збор или во секој слог има самогласка? Кој глас е присутен во секој збор, на местото каде што би стоела самогласка? Каква е улогата на овој глас во зборовите?

Што го прави лесен изговорот на зборовите, ако тие немаат самогласка во својот состав?

**Заклучуваме:** – Гласот **р** ја презема улогата на самогласка во слогови каде што нема самогласка.

# ZOŠTO VRNE DOŽD

Oblacite se zgusnata vodena parea. Koga taa vodena parea ḱe se se izladi i koga i sitnite kapki voda vo oblacite ḱe natežnat, oblakot se pretvora vo voda i taa paǵa na zemjata. Toa e doždot. Ako oblacite se mnogu visoko, togaš kapkite voda vo niv se zgusnati vo vid na sitni ledeni kristali.

Seta voda koja se naoǵa na Zemjata, neprekinato se dviži. Od moreto, rekite, ezerata i potocite taa isparuva i zaminuva vo atmosferata („neboto"), kade što edno vreme se dviži kako oblak, a potoa povtorno se vraḱa na Zemjata vo oblik na dožd. Bez toa postojano dviženje na vodata, ne bi imalo nitu život na Zemjata, bidejḱi samo po pat na dožd taa pravilno se raspореduva sekade kade što treba. Sepak, postojat oblasti kade što doždot vrne mnogu retko, možebi ednaš ili dvapati godišno. Tie oblasti poradi toa se neplodni i pretvoreni vo pustina.

(Prezemeno od „Znam zošto znam kako", Detska enciklopedija)







## RAZMISLUVAME I TVORIME

- Otkako ḱe go pročitaš tekstot, napiši so svoi zborovi vo kakvi oblici se javuva vodata.
- Zošto vrne doždot?

________________________________________

________________________________________

________________________________________

# ДОЖДОТ ДОЖДИ

Тивко, тивко дождот дожди
над селото, **ридот**,
па од него влажно сѐ е –
заматен е **видот**.

Вчера така, денес така,
утре како ќе е,
од облаци дали уште
тој силно ќе лее?

Нигде ѕверка, нигде птица
секој само вјаса,
под сув заслон што побрзо
да побегне, да стаса.

По долгото сушно лето,
нека дожди, нека,
сета гора, сето поле,
дожд одамна чека!

Душко Аврамов



## РАЗМИСЛУВАМЕ

- Звучното совпаѓање на зборовите што се на крајот на стиховите се нарекува РИМА.
- Разгледај ги посочените зборови во првата строфа, тие се римуваат. Пронајди ги и другите рими во оваа песна.

## РАЗГОВАРАМЕ

- Каков е дождот?
- Каде врне?
- Колку време врне?
- Како изгледа околината кога постојано врне?
- Дали е добро што природата е почестена со дождот?
- Што ќе донесе тоа за природата?

## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

- Избери една строфа и направи цртеж според стиховите.

# КЛУПА ЗА ПОДДРШКА

Дента кога остана без своето милениче, Давид се чувствуваше осамено и тажно. Го немаше веќе неговиот верен пријател, Снупи. Откако знаеше за себе, знаеше и за тоа палаво кученце. Му раскажуваа дека со Снупи ги направил првите чекори. Му раскажуваа дека за него ги кажал првите зборчиња... Давид едноставно сакаше да биде малку сам. Излезе во парк и седна на првата клупа. Истото го направи и следниот ден по часовите и следниот ден по часовите...

Дента кога татко му замина, Ведран беше многу загрижен. Неговото семејство минуваше низ вистинска семејна бура. Неговите се разведуваа. Татко му веќе нема да живее со нив. Се пресели, неколку улички подалеку од нивниот дом. За детското срце тоа беше бескрајна далечина... Ведран замислено излезе надвор. Тргна кон новото живеалиште на татко му, но ненадејно сопре близу куќата. Сакаше да биде малку сам. Седна на една клупа. Истото го направи и следниот ден...

Еден понеделник, Давид и Ведран скоро истовремено тргнаа кон клупата. Погледите за миг им се сретнаа, па молчејќи, двајцата седнаа. Гледаа пред себе и тивко тагуваа. И во вторникот децата се сретнаа на истото место, само неколку чекори пред клупата. Таму беа и во средата, но веќе разговараа.



Ведран и Давид веќе одамна не седнуваат на клупата. Затоа, пак, можете да ги видите нивните насмеани лица на разни места низ целото маало, но и подалеку. Давид има ново куче. Пред некој ден, заедно го шетаа... во дворот на татко му на Ведран.

Сите деца понекогаш се тажни, но мора да знаат дека тагата минува. Би било многу добро во секое маало да има по една клупа на која децата ќе можат да седнат кога не се чувствуваат убаво. Би било многу добро и во секое училиште да постои таква клупа за поддршка. Ќе можат полесно да се препознаваат тажните и осамените, загрижените и разочараните. Да си помогнат. Ќе можеме полесно да ги видиме тажните и осамените, загрижените и разочараните. Да им помогнеме.

Елизабета Петровиќ



## РАЗГОВАРАМЕ

- Кој е Давид во овој текст? Која е причината за неговата тага? Како се справува Давид со тагата?
- Кој е Ведран во овој текст? Што му се случува нему? Како се справува со тоа што му се случува во семејството?
- Прочитајте го на глас делот што е обоен со црвени букви. Која реченица е најважна во овој дел од текстот и зошто мислиш така?
- Во последниот дел од текстот е даден предлог како да им се помага на оние што се тажни, осамени или загрижени. Дали во твојата средина има клупа за поддршка? Сметаш ли дека таа е потребна?





## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

- Раскажи што можеш да направиш за некој што е тажен.

# НЕДОРАЗБИРАЊЕ

## АНА И ТЕО

**Ана:** Тео, овие другарчиња изгледа се скараа.
**Тео:** Да, сосема имаш право.
**Ана:** Скарувањето треба да престане... и
**Тео:** ...и да почне смирувањето со разговор.

### ОД РЕЧНИКОТ

- **НЕДОРАЗБИРАЊЕ** – неправилно, погрешно сфаќање, забуна при меѓусебна комуникација.

### РАЗГОВАРАМЕ

- Дали се согласуваш со дијалогот на Ана и Тео?
- Според тебе, што е она што го гледаш на илустрацијата?



### РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

- Предлог-тема за разговор: Знаеме ли да се извиниме кога ќе згрешиме?
- Раскажи за некое сопствено доживување или искуство за недоразбирање што си го имал со некое свое другарче. Како го надминавте недоразбирањето?

## КАКОВ СУМ ЈАС

**1. Имам многу другарчиња.**

ДА НЕ

**2. Ужинката ја делам со другарчето.**

ДА НЕ

**3. Секогаш кажувам: „Добро утро!, Добар ден!“**

ДА НЕ

**4. Правам шеги на сметка на другите.**

ДА НЕ

**5. Си ги признавам грешките.**

ДА НЕ

**6. Се лутам ако не победам во играта.**

ДА НЕ

**7. Ги озборувам другите.**

ДА НЕ



**РАЗГОВАРАМЕ**

- Поразговарајте во одделението како да ги поправите своите однесувања.

# РАЗЛИЧНИ, А СЕПАК ИСТИ

Никогаш од мислите не ми излегува сликата од моето училиште. Посебен белег оставија деновите по реновирањето на училиштето. Последен пат бев во него во јуни, кога ги земавме свидетелствата за завршено трето одделение. На почеток од новата учебна година кога пристигнав пред училиштето, сѐ ми беше ново. Љубопитно се загледував во секој дел од дворот и од влезот на училиштето. Сѐ беше убаво, сѐ беше поразлично, насекаде убави свежи бои, сѐ мирисаше на ново. Се зачудив кога на самиот влез забележав необична патека. Посакав да тргнам по неа како некои мои другарчиња, но една рака ме допре и слушнав:

– Мислам дека е подобро да го оставиш просторот за кого е наменет! Верувам дека и другите треба да имаат свое место – тивко ми зборуваше една жена.

Се свртев да ја погледнам, таа исправено се движеше и се трудеше со едната рака да направи место, место за една количка. Верувајте, таа не беше обична количка, туку беше инвалидска количка. Уште еднаш се свртев да видам: во количката седеше девојче на мои години, на лицето ѝ се ѕираше несигурност, а русите кадрици се слеваа по нејзините раменици. Веднаш се поместив да направам пат, се чувствував непријатно, зашто не бев внимателна. Им се насмевнав на девојчето и на мајката и им покажав со раката:

– Повелете, повелете! Се извинувам, не ве видов. Сите се туркаат, сакаат побргу да стигнат во училниците.

Со поглед ги следев движењата на мајката која со напор ја туркаше количката на нејзината ќерка. Потоа побрзав да стигнам во училницата, не сакав да доцнам уште на првиот час. Секој бараше другарче со кого ќе седи во клупата. Јас веќе немав време да пронајдам со кого ќе седам, едноставно седнав на првото слободно столче. Се огласи училишното ѕвонче, и по кратко време на вратата се појави наставничката, а зад неа една мајка и нејзината ќерка.

Учениците стивнаа, љубопитните погледи беа вперени кон девојчето. Кога го подигнав погледот, забележав дека тоа е истото девојче од училишниот двор. Наставничката рече:

– Добар ден, дечиња! Да ѝ посакаме добредојде на новата ученичка! Се слушна хорско „добре дојде“. Гласот се разлеваше низ училницата и сите погледи беа вперени во новата ученичка.



– Ова е Јована! Досега таа ги совладуваше наставните градива дома заедно со својата мајка. Не можеше редовно да посетува училиште, затоа што беше спречена, поради нејзината здравствена состојба. Но, сега се направени пристапни рампи за влез во училиштето. Така, Јована ќе може редовно да доаѓа на училиште и да учи заедно со вас. Таа можеби навидум изгледа различно, но едно да запомните: таа е иста со вас – рече наставничката.

Сите почнаа да мрдаат со главите. Се гледаа и подадени раце, секој сакаше да ѝ подаде рака на Јована. Од тој ден сите почнавме да ѝ помагаме на Јована во училница, во училишниот двор, во холот, едноставно таа стана дел од нас. Таа со своето мило лице, со својата едноставност и трудољубивост нè освои сите. Денес сите сме среќни што знаеме како да живееме и да се почитуваме: „Едноставно – различни, а сепак исти“.



Јадранка Клисарова и
Жаклина Ристовска
(извадок од „Училиштен бонтон“)

## РАЗГОВАРАМЕ

- Дали има опис во овој текст? Прочитај ги тие реченици. Дали описот се однесува на некој или некаде (на лик или на простор)?
- Кој настан се случува со раскажувачот на текстот? Кога настанува пресвртот во текстот? Како ликот раскажувач го претставува влегувањето на новата ученичка во училницата? Какво е однесувањето на сите во училницата?
- Искажи го твоето мислење за цитатот:

  „– Ова е Јована! Досега таа ги совладуваше наставните градива дома заедно со својата мајка. Не можеше редовно да посетува училиште, затоа што беше спречена, поради нејзината здравствена состојба. Но, сега се направени пристапни рампи за влез во училиштето. Така, Јована ќе може редовно да доаѓа на училиште и да учи заедно со вас. Таа можеби навидум изгледа различно, но едно да запомните: таа е иста со вас – рече наставничката.“

## РАЗМИСЛУВАМЕ

- Зошто служат пристапните рампи?
- Дали некогаш си видел таква патека?
- Како ќе постапиш во ваква ситуација?

# НА КОНКУРСОТ ЗА НОВО ИМЕ НА ЗОЛНИК ПОБЕДИ ПРЕДЛОГОТ НА СЛЕПОТО ДЕТЕ – ГРАДОТ ДА СЕ ВИКА ДОБРИНО



## АНА И ТЕО



**Ана:** Тео, дали знаеш дека понекогаш имињата на местата зависат од тоа какви жители има на тие места?

**Тео:** Ана, местата секогаш се некаков опис за нив.

**Ана:** Знаеш, во измислениот град Золник луѓето станале подобри, па морале да смислат нешто ново.

**Тео:** Многу ме интересира што смислиле учесниците на конкурсот за ново име на градот.

– Граѓани, жири-комисијата, како што знаете, лесно ги разбираше предлозите, бидејќи учесниците на конкурсот беа должни, покрај својата биографија, да приложат и објаснување зошто токму тоа име го предлагаат за градот.

– Затоа, граѓани, жири-комисијата, откако добро ги проучи предлозите и објаснувањата, едногласно реши нашиот град во иднина да се вика според предлогот на едно слепо дете. Слепото дете предлага градот да се вика Добрино!...

Дотогашните золничани почнаа да плачат од радост, да се прегрнуваат, да си го честитаат новото име, така што претседателот Грде не можеше да ја заврши беседата. Почна да ечи музика, да се натпреваруваат сите, да се извиваат гласови и викоти, радоста немаше крај.

Цел час време помина додека се стивна народот.

Тогаш пак се јави Грде:

– Граѓани на Добрино, луѓе од целиот свет, дозволете ни да ви го прочитаме и образложението што го приложува слепото дете зошто градот да се вика Добрино. Образложението ќе го прочита најмладиот член на жири-комисијата, заслужниот граѓанин, синот на чесната вдовица и на покојниот чистач Славе, нашиот Венцислав.



Пак воодушевување, пак дофрлање цвеќиња и зеленило кон свечената трибина, пак неизмерна радост.

Венцислав го прочита образложението: „Јас сум слепо дете. Слушнав за промените во вашиот град и решив да учествувам на конкурсот. Уште веднаш ќе ви кажам: јас предлагам градот во иднина да се вика Добрино. Можеби некој ќе предложи да се вика Светлоград, некој Градоцвет, некој Новиград, но јас ве уверувам дека промените во вашиот град не се случија ни со помош на очите, ни со помош на ушите, туку со помош на срцата. Бидејќи сум слепо, јас не ги гледам надворешните убавини, за мене тие ништо не претставуваат, не ме воодушевува ни бојата на цвеќето, ни летот на птицата, ни изгледот на луѓето. Јас живеам, се потпирам и се надевам само во убавината на срцата. Како што убавината на цвеќето за оние што гледаат се содржи во бојата на листенцата, во мирисот и некои други работи, така за мене убавината на срцата се состои од добрина, љубов и пријателство. И најголемата убавина на природата ќе биде уништена доколку не постои убавината на срцата, Јас, слепото дете, според тоа, за најголема и најчиста особина на срцевата убавина ја сметам добрината и затоа предлагам градот да се вика Добрино!“

Кога го допрочита Венцислав образложението на слепото дете, почна да плаче. И сите други плачеа. А слепото дете имаше право: само убавината на срцето може да ја сфати и да ја прими убавината на природата и да ѝ се радува.

Пак стана претседателот Грде:

– Граѓани, жири-комисијата, поради оправдани причини, се откажува од доделување на првата награда во оној вид како што беше соопштена во пропозициите на конкурсот, односно таа да биде изразена во вид на најскапа луксузна кола што ја има на светов. По кратко советување, жири-комисијата реши да се избере делегација од граѓани на Добрино која ќе го посети слепото дете и ќе му подари една китка цвеќе од Деветтиот Рид. Се надеваме, длабоко веруваме, дека цвеќето ќе му го поврати видот! На тој начин на слепото дете ќе му овозможиме да ја види и убавината на природата, а убавината на срцето веќе ја има. Сметаме дека нема и не може да има поголема, порадосна и почиста слога од онаа меѓу две убавини: убавината на природата и убавината на срцето.

Се случи експлозија од воодушевување. Жителите на Добрино веќе го оправдуваа името, новото име на својот град.

Бошко Смаќоски

(извадок од романот „Цвеќе од Деветтиот Рид“)





## РАЗГОВАРАМЕ

- Во следниот цитат се зборовите на слепото дете. Според тебе, која е најголемата идеја во овој извадок? Објасни го својот одговор.

  „Бидејќи сум слепо, јас не ги гледам надворешните убавини, за мене тие ништо не претставуваат, не ме воодушевува ни бојата на цвеќето, ни летот на птицата, ни изгледот на луѓето. Јас живеам, се потпирам и се надевам само во убавината на срцата. Како што убавината на цвеќето за оние што гледаат се содржи во бојата на листенцата, во мирисот и некои други работи, така за мене убавината на срцата се состои од добрина, љубов и пријателство. И најголемата убавина на природата ќе биде уништена доколку не постои убавината на срцата. Јас, слепото дете, според тоа, за најголема и најчиста особина на срцевата убавина ја сметам добрината и затоа предлагам градот да се вика Добрино!“

## РАЗМИСЛУВАМЕ

- Разговарајте за цитатот и споделете ги вашите мислења: „Сметаме дека нема и не може да има поголема, порадосна и почиста слога од онаа меѓу две убавини: убавината на природата и убавината на срцето“.

## ОД РЕЧНИКОТ

- **КОНКУРС** – оглас на кој заинтересираните се пријавуваат за работно место, за награда.
- **ЖИРИ** – комисија за избор на различни награди, конкурси, изложби.

# ПОСТЕР




## Хрониките на Нарнија:
**Лавот, вештерката и орманот**

(англиски: *The Chronicles of Narnia: The Lion, the Witch and the Wardrobe*)
Филмот е режиран од Ендру Адамсон и е заснован на литературното дело *Лавот, вештерката и орманот*, првиот издаден роман во серијалот на детски фантастични книги *Хрониките на Нарнија од К. С. Луис*.

ПРЕМИЕРНО на 25 ЈАНУАРИ 2023 година
ВО КИНАТА НИЗ НАШАТА РЕПУБЛИКА.



## РАЗГОВАРАМЕ

За кој филм е најавата на постерот? Кога и каде ќе се промовира кај нас? Врз основа на кое друго дело е снимен филмот? Кој го режирал?

___

ИЗРАБОТКА НА ПОСТЕР ЗА КУЛТУРЕН НАСТАН

**Постер** е соопштение за јавноста за некој настан, претстава, спортски натпревар и слично.

Правила за изработка на постерот:

1. Текстот на постерот да содржи јасни информации (датум, време, место, организатор на настанот).
2. Да има интересен дизајн што одговара на информациите.
3. Да биде препознатлив и лесно читлив.



## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ



- Користејќи ги информациите за изработка на постер, направете постер за настан од училиштето. Доколку сте во можност, користете некоја од следните алатки на компјутерот: „Пауерпоинт“, „Фотошоп“, „Корел“.



# БЛИЗНАЦИ – УМНИЦИ

На Петар и Лука мајката им купи книга со сказни.

– Книгава е убава, синови мои... – им рече. – Треба да се прочита.

– Ми го зеде зборот... – прифаќа таткото – компјутерот малку нека мирува.

– А и телевизорот нека се одмори... – се согласи мајка им.

– Ајде, близнаци – умници!

Но се случи недоразбирање меѓу близнаците. Најпрвин сака да ја прочита Петар, а истовремено тоа го бара и Лука.

Без кавги, деца! – ги смирува мајката. – Една сказна ќе чита Петар, а друга Лука. Ние ќе ве слушаме. Недела е и имаме време за одмор.

– Добро се сети. Книгата не е голема. Натпревар во убаво читање! – се одушеви таткото.

– Јас и ти, како и обично, ќе го одредиме победникот.

На браќата им се допадна играта. Чита едниот, а чита и другиот. Сказните – кратки и слатки.

Мајката и таткото слушаат. Читајќи ги, четворицата како да се заборавија. На Петар и Лука им е забавен натпреварот. А родителите како да се вратија во своето детство. Во годините на најубавите сказни. И овој пат на крајот треба да се прогласи победникот. Кој чита поубаво? Петар или Лука? „Судиите“ немаат лесна задача!

– Кој? – исчекува Петар. – Јас?

– А јас? – ги мерка и Лука. – Кој?

– И двајцата сте победници! – одлучува мајката, шегувајќи се: – Та овие како близнаци да се?!

– Во сè сте исти?! – се согласува и таткото. – На наша радост и најдобри.



Горјан Петревски
(извадок од книгата „Пак се тука Петар и Лука“)



## РАЗГОВАРАМЕ

- Зошто текстот е насловен „Близнаци – умници“?
- Кој настан се случува во семејството на Петар и Лука?
- Како го прифаќаат предлогот за натпревар во читање? Што мислиш ти, зошто победиле двајцата?
- Дали во некоја реченица во овој расказ може да се препознае времето кога се случува настанот?





## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

- Пронајди ги речениците во кои раскажувачот ни раскажува како се чувствуваат сите за време на читањето.
- Препиши ги.



# ДЕТСКИ СОН

Детскиот сон е кутија златна,
ѕвездено кајче што броди,
во него може сè да се случи,
повторно сè да се роди.

Облак на ноќен ветар што језди
сто ѕвезди може да скине
и како фенер со нив на сегде
да свети кај што ќе мине.

Река од длабок сон што се буди
со сјај да измие чело,
потем да секне и место вода
млеко да потече бело.

Елен од сон во вода да скокне,
по неа долго да плови,
в мрежа ко рибар искусен, добар
сонцето сам да го лови.

И уште што ли може да биде –
сонот е предел што броди,
во него може сè да се случи,
повторно сè да се роди.

Стојан Тарапуза





## РАЗГОВАРАМЕ

- Одреди колку строфи има оваа песна.
- Пронајди ги римите во песната и издели ги како посебни парови.
- На празниот простор напиши со што се поврзува детскиот сон од песната, на пример со златна кутија...



## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ



- Напиши во својата тетратка за што најчесто сонуваш кога спиеш, а што сонуваш кога си буден?

# КАРАТЕ-МАЈСТОР

– Колку е часот? – праша Филип по трет пат.

– Седум и плус пет минути на секое твое прашување. Ајде, станувај! Ќе задоцниш на училиште! – викна мајка му малку погласно.

– Не гледај во часовникот; прави го истото што го прави тој. Движи се напред и не застанувај – се јави татко му.

– Ама тато... – се обиде да објасни Филип.

– Сите 327 парни и 2 непарни мускули во моето тело ја одбиваат наредбата да се разбудат.

– О, нашиот карате-мајстор со заспани мускули?! Ова е нешто ново.

– Уморен суууум – закенка Филип.

– Од спиење? – се зачуди мајка му.

– Да. Се изморив во сон. Се изморив од најубавиот сон на светот. И одбивам да се разбудам!

– Љубопитна сум. Ќе ни раскажеш ли?

– Многу беше убаво. Сала. Голема сала за карате-натпревари – почна да раскажува Филип, бавно и со затворени очи, како сè уште да сонува. – А јас, најголемиот карате-мајстор на своето време, во средиштето на вниманието. Доаѓаат и ме предизвикуваат големи, звучни имиња од карате-спортот од целиот свет. Најмногу од Јапонија. Доаѓаат, се борат со мене и заминуваат. Победувам или ме победуваат во зависност од тоа дали ќе решам да им попуштам. Им попуштив на неколкумина...



РЕЧИСИ ПОЛОВИНА ОД СЕВКУПНАТА ТЕЖИНА ОТПАЃА НА МУСКУЛИТЕ. АКО СТЕ ТЕШКИ 30 КИЛОГРАМИ, ТОА ЗНАЧИ ДЕКА ИМАТЕ **12 ДО 15** КИЛОГРАМИ МУСКУЛНА МАСА.

Едно чудо новинари чекаат да направат интервју со мене. Но, јас сум зафатен со борба... – продолжуваше да раскажува Филип. – Во публиката имаше илјадници луѓе... А меѓу нив и Искра од IV–2 одделение... во првиот ред.

– Онаа Искра од соседната зграда? – праша татко му божем сериозен.

ЗА ДА НАПРАВИТЕ НЕКОЛКУ ЧЕКОРИ, СЕ ДВИЖАТ ОКОЛУ 200 МУСКУЛИ. КОГА ЌЕ СЕ НАМУРТИТЕ, РАБОТАТ **37** МУСКУЛИ, А КОГА ЌЕ СЕ НАСМЕЕТЕ – **22** МУСКУЛИ.

– Мислиш, оваа Искра со русата коса која сега поминува покрај нашата зграда со ранец на грбот? – праша мајка му потпрена на прозорецот за да не може да види Филип дека се воздржува да не се насмее.

Филип изрипа од креветот. Со огромна брзина и вештина на спортист, за неколку минути се облече. Потоа му требаа уште неколку минути за да се измие и да си го најде ранецот. Ги употреби сите мускули и истрча на улица најбрзо што можеше, но Искра ја немаше. Барем нема да задоцни на училиште.

Виолета Ѓуровска



ЗА ДА ИМАТЕ СИЛНИ И ГОЛЕМИ МУСКУЛИ, КАКО СПОРТИСТИТЕ, МОРА ДА ВЕЖБАТЕ, ДА ТРЕНИРАТЕ. НО, МОРА И ПРАВИЛНО И ЗДРАВО ДА СЕ ХРАНИТЕ.

КОГА СЕДИТЕ ПРЕД КОМПЈУТЕР ИЛИ ТЕЛЕВИЗОР, МУСКУЛИТЕ ЌЕ ВИ ОМЛИТАВАТ И СТАНУВААТ МРЗЛИВИ. И ТОГАШ, ИАКО ВАШЕТО ТЕЛО НИШТО НЕ РАБОТЕЛО, СЕ ЧУВСТВУВАТЕ УМОРНО.





## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

1. Наброј ги хронолошки настаните од текстот (што се случува на почетокот, на средината и на крајот од текстот), а потоа прераскажи го текстот во целост. Доколку ти е полесно, направи план на настаните или наброј ги едно по друго во тетратката и потоа прераскажувај.
2. Во одделението направете драматизација на текстот играјќи различни улоги: Филип, таткото и мајката.
3. Прочитајте ги пораките што се однесуваат на мускулите од човечкото тело и направете презентација.

# ПРИКАЗНАТА ЗА ЖАПЧЕТО И ЗМИЈЧЕТО

Еднаш одамна, едно мало жапче, додека скокаше во грмушките, виде нешто непознато како лежи на патот пред него. Непознатото беше долго и тенко, а неговата кожа изгледаше сјајна и ги имаше сите бои на виножитото.

– Здраво – рече Жапчето. – Што правиш овде на патот? – Само се греев на сонце – му одговори непознатото, извртувајќи го телото на сите страни. – Се викам Змијче. Како се викаш ти? – Јас сум Жапче. Дали би сакал да си играш со мене? И така Жапчето и Змијчето си играа заедно во грмушката.

– Гледај што можам да направам, – рече Жапчето и скокна високо во воздухот. – Ќе те научам ако сакаш, – рече тоа. И така, Жапчето го научи Змијчето како да скока и заедно скокаа по патот низ грмушките. – Сега гледај што можам јас да направам, – рече Змијчето и излази нагоре по стеблото на едно високо дрво. – Ќе те научам ако сакаш. И така Змијчето го научи Жапчето како да лази и да се качува на дрво.

По некое време, и двајцата огладнеа и решија да си одат дома за ручек, но ветија дека повторно ќе се сретнат следниот ден. – Ти благодарам што ме научи како да скокам, – рече Змијчето. – Ти благодарам што ме научи како да лазам по дрвја, – рече Жапчето. Потоа двајцата си отидоа дома.

– Гледај што можам да направам мамо! – рече Жапчето додека лазеше на стомак. – Каде го научи ова? – праша мајка му. – Змијчето ме научи, – одговори тоа. – Заедно си игравме во грмушките денеска. Тоа ми е ново пријателче. – Не знаеш дека змиското семејство е лошо семејство? – го праша мајка му. – Тие имаат отров во забите. Немој друг пат да си играл со него. И не лази на стомак, не треба така.

Во меѓувреме, Змијчето отиде дома и скокаше пред мајка му. – Кој те научи да правиш така? – праша таа. – Жапчето ме научи – рече тоа. – Тоа ми е ново пријателче. – Каква глупост – рече мајка му. – Не знаеш дека лошо стоиме со жабјото семејство од многу одамна? Следниот пат кога ќе си играш со Жапчето, фати го и изеди го. И не скокај. Ние не правиме така.



И следното утро кога Жапчето го сретна Змијчето во грмушките, од поголемо растојание му рече: – Жал ми е, ама денеска нема да можам да лазам со тебе – и потскокна малку наназад. Змијчето тивко го гледаше и се сети што рече мајка му. – Ако се доближи, ќе скокнам и ќе го изедам – помисли тоа. Но, потоа се сети и колку им беше забавно заедно и колку фино беше кога Жапчето го научи да скока. Затоа тажно воздивна и одлази во грмушката.

И од тој ден Змијчето и Жапчето никогаш не заиграа заедно. Но, често седеа сами на сонце и мислеа на нивниот единствен ден во пријателство.



Преземено од списанието
за деца „Развигор“

## РАЗГОВАРАМЕ

- Каква е средбата на змијчето и жапчето?
- Според текстот, како си играле тие на својата прва средба?
- Каква е реакцијата за нивното дружење кога раскажуваат дома со кого си играле?
- Како ги оценуваш постапките на мајките?
- Како би постапил/а ти да си змијчето?
- Како би постапил/а да си жапчето?
- Според тебе, која е причината заради која не можат да продолжат да играат заедно?





## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

Разговарајте за следниот цитат:

„И следното утро кога Жапчето го сретна Змијчето во грмушките, од поголемо растојание му рече: – Жал ми е, ама денеска нема да можам да лазам со тебе – и потскокна малку наназад. Змијчето тивко го гледаше и се сети што рече мајка му. – Ако се доближи, ќе скокнам и ќе го изедам – помисли тоа. Но, потоа се сети и колку им беше забавно заедно и колку фино беше кога Жапчето го научи да скока. Затоа тажно воздивна и одлази во грмушката. И од тој ден Змијчето и Жапчето никогаш не заиграа заедно. Но, често седеа сами на сонце и мислеа на нивниот единствен ден во пријателство“.

На крајот од разговорот напишете заклучок.

# МАПА

## АНА И ТЕО

**Тео:** Ана, Енис ме покани кај него на дружење, во неговиот нов дом, утре во 14 часот. Сакаш ли да одиме?

**Ана:** Сакам да одиме, но тоа е малку подалеку од нашава населба.

**Тео:** Да, можеме да одиме пеш, но и со автобус. Еве ја мапата за да стигнеме кај Енис. Живее на улица „Валандовска“, бр. 58.




## РАЗГОВАРАМЕ

1. Ана и Тео, според оваа мапа, ќе одат на гости. Прочитај ја мапата и кажи преку кои улици треба да поминат, каде треба да преминуваат и да свртат десно или лево.
2. Доколку одат пеш, мапата ќе им го покаже патот. Но, можат и со автобус. Еве кога можат да се качат во автобус за да бидат таму во 14 часот. За да стигнат кај Енис, потребни им се десет минути.

Возен ред за линија број 90 за датум: **7.10.2022**

| Период | Поаѓа од: „Карпош“ | Поаѓа од: „Кисела Вода“ |
|---|---|---|
| 5 h до 6 h | | |
| 6 h до 7 h | 6:25 | 6:45 |
| 7 h до 8 h | 7:45 | 7:05 / 7:54 |
| 8 h до 9 h | 8:28 / 8:55 | 8:20 / 8:58 |
| 9 h до 10 h | 9:32 | 9:30 |
| 10 h до 11 h | 10:04 / 10:36 | 10:02 / 10:34 |
| 11 h до 12 h | 11:05 / 11:40 | 11:06 / 11:35 |
| 12 h до 13 h | 12:12 / 12:44 | 12:10 / 12:42 |
| 13 h до 14 h | 13:16 / 13:48 | 13:18 / 13:46 |
| 14 h до 15 h | 14:20 / 14:52 | 14:18 / 14:50 |
| 15 h до 16 h | 15:24 / 15:56 | 15:22 / 15:54 |
| 16 h до 17 h | 16:28 | 16:26 / 16:58 |
| 17 h до 18 h | 17:00 / 17:32 | 17:30 |
| 18 h до 19 h | 18:04 / 18:36 | 18:02 / 18:34 |
| 19 h до 20 h | 19:08 / 19:55 | 19:06 |
| 20 h до 21 h | 20:55 | 20:25 |
| 21 h до 22 h | 21:55 | 21:25 |



# УБАВИОТ ЗБОР ЖЕЛЕЗНИ ВРАТИ ОТВОРА

## РАЗМИСЛУВАМЕ

- На празните линии под секоја сликичка напиши краток дијалог за тоа што мислиш дека разговараат децата.









# СЛАТКАТА ТРЕВА

Кога дошла пролетта, на планината се појавила зелена трева. Ветрот дувал, носејќи го мирисот на годишното време. Првата златна пчела од таа година полетала и се спуштила на врвот од тревата. „Здраво, трево!“

Тревата брзо одговорила: „Здраво пчело!“

Пчелата погледнала наоколу и прашала: „Зошто никаде не гледам цвеќиња?“

Тревата била засрамена. „Жал ми е. Можеби сум трева каде што не цветаат цвеќиња.“



Пчелата ништо не рекла и мирно одлетала.

Следниот ден, пчелата долетала до ова пасиште и повторно се спуштила на врвот од тревата.

„Трево, сфатив дека можеш да цветаш.“

„Навистина? Како не го знаев тоа?“

Тревата се исправила и се обѕрнувала наоколу долго време. Можела да забележи само една мала пупка, помала дури и од оризово зрно. Не била сигурна дали таква мала пупка може да цвета.

Пчелата не рекла ништо и одлетала мирно.

На третиот ден, пчелата долетала повторно на пасиштето и се спуштила на врвот од тревата.

„Ах, трево, честитки – ти цветаш!“ Всушност, тревата забележала на себе мал, светлообоен цвет, не многу поголем од оризово зрно. Чувствувајќи се засрамено, таа се плашела дека никој нема да го сака нејзиниот незабележлив цвет!

Пчелата се вртКала на цветот, не сакајќи да си замине. Таа рекла: „Трево, ми се допаѓаш. Можам да направам мед од твојот мал цвет!“

Тоа ја исполнило тревата со слатка среќа.

Ѓин Бо

## РАЗМИСЛУВАМЕ

- Игра: Ајде да прашуваме

  Поделете се во парови. Напишете прашања што ќе почнуваат со кој, што, дали, како и зошто и ќе се однесуваат на содржината на расказот „Слатката трева“. Откако ќе ги напишете, поставувајте си ги наизменично прашањата со парот кој седи до вас. Најинтересните прашања споделете ги пред одделението.

  На пример: Кој слетал на планинската трева? Што разговарале пчелата и тревата првиот ден? Зошто тревата се срамела првиот ден?

# ПОЗАЈМУВАЊЕ

Лица: Детето, Девојчето, Учителката
Сцена: Клупа, Дете и Девојче. Учителката шета

Детето: Весна, ќе ми ја позајмиш ли твојата гумичка?

Девојчето: Да, ако ти прво ми го дадеш твојот зелен молив!

Детето: Ќе го добиеш моливот, но прво дај ми ја твојата острилка!

Девојчето: Острилката ќе ја добиеш откако ќе ми позајмиш еден лист од блокот!

Детето: Договорено! Јас тебе лист ти мене половина од ужината. Се разбира, прво ти ќе ми скршиш од твоето лепче!

Девојчето: Ќе добиеш еден залак од лепчето, ако прво ми позајмиш едно пенкало!

Детето: Ќе ти дадам пенкало, ако ми дозволиш да шарнам со твоите водени боички.

Девојчето: Водени боички ќе добиеш после – прво позајми го твојот линијар!

Детето: Не го давам линијарот, додека не добијам од тебе две пилички за сечење шперплоча!

Девојчето: Пиличките се тука, прво ти дај ми го твојот шестар!



Детето: Шестарот е нов и ќе ти го позајмам, ако прво ти ми го позајмиш учебникот по математика!

Учителката: Се договарате за позајмување предмети, нели? Тоа е убаво! Само некој треба да почне прв! Ајде, Сашо!

Детето: Весна, еве ти го мојот зелен молив!

Девојчето: Благодарам. Ти бараше гума, нели? Повели...

Велко Неделковски



## РАЗГОВАРАМЕ

- Како се одвива разговорот меѓу двете деца?
- Како се позајмуваат нештата во вашето одделение?



## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ



На празниот простор подолу напишете еден краток дијалог каде што ќе го примените учтивото и љубезно разговарање во вашата училница.

Ставете имиња таму каде што ние сме ставиле А и Б, а потоа драматизирајте го дијалогот.



# ДРУГАРСТВО ИЛИ?...



## АНА И ТЕО



**Тео:** Ана, некои другарчиња многу погрешно го сфаќаат поимот другарство.

**Ана:** Или можеби не знаат да бидат другари, не знаат како.

**Тео:** Или можеби знаат како да бидат, ама знаат и да се преправаат.

Марко го повика Филип да играат надвор со топка.



Филип излезе со својата нова фудбалска топка каква што Марко обожаваше, а своја немаше. Си подаваа во паркчето. Филип не сака ни топка, ни фудбал, ама сака да се дружи со Марко.



Филип се трудеше и се трудеше, но топките одеа во спротивен правец од посакуваниот.



Одеднаш во паркчето се појавија Зоки и Маја. Марко се израдува, ќе има со кого да игра, тие се членови на фудбалската секција во училиштето.



Почнаа да си подаваат со топката. Откако видоа дека Филип постојано ја губи топката, престанаа да му подаваат. Тој стоеше и чекаше... и чекаше. Но, тие едноставно премногу добро се забавуваа и без Филип, доволна им беше неговата топка.





**РАЗГОВАРАМЕ**

- Дали сите постапки беа другарски? Чии постапки не беа другарски?

# НА ПОСТАРИТЕ СЕСТРИ ИМ Е ПОТЕШКО

Мама погледна низ прозорецот. – Зар мора денеска, во сабота, да врне? – рече таа офкајќи и ја спушти виљушката на масата.

На Кони воопшто не ѝ пречеше дождот. Ваквото време е идеално за одење на кино. Таа денеска ќе оди на кино со татко ѝ и тие ќе го гледаат новиот филм за пони-коњчиња. Тие двајцата, сосема сами. Но, мораат веднаш да тргнат. А што прави тато сега? Тој ја јаде својата втора порција.

– Тато! Веќе доцниме!

– Ах, што! – Тато ја повлече врвцата, која беше завиткана околу ролатот. – Имаме уште многу време!

Ролатот се заврте и направи пируета на чинијата. Тато воздивна задоволно.

– Всушност, јас сум веќе сит, но ова, навистина, е многу вкусно!

Мама кимна со главата замислено. Таа повторно гледаше низ прозорецот. Дождот почна сè посилно да паѓа. Паѓаше толку силно што веќе не можеше да се види оградата. – Јакоб, се плашам дека денеска не можеме да одиме на игралиштето! – рече таа.

– Што! – извика гласно Јакоб. Но, веќе во следниот момент имаше друга, подобра идеја. – Јас ќе дојдам со вас на кино! – предложи тој.

– За тоа си сè уште мал – му објасни Кони. – Филмот е за постари од шест години!

Јакоб ја отпушти долната усна и рече: – Но, јас сакам да одам со вас!

– Не, не може – рече веднаш мама.

– Но, можеби, можеме да правиме нешто друго интересно? Сакаш да одиме во аквариумот?

Јакоб затресе со главата.

– Или, пак, може да останеме дома и да си играме нешто интересно – предложи мама.

– Сакам со Кони и со тато! – рече Јакоб тврдоглаво.

– Тоа можеш веднаш да го заборавиш, Јакоб! Ние ќе одиме на кино, а ти можеш и на глава да стоиш!

– Нееее! – се развика Јакоб и веднаш почна да плаче.



– Идејата на Јакоб и не е толку лоша – се согласи мама веднаш. – Јас мислам дека е подобро денеска сите да останеме дома и да играме нешто заедно. А вие можете и утре да одите на кино.

– Секогаш е како што сака Јакоб! – извика Кони налутено.

– За утре рекоа дека времето ќе биде убаво, па јас и Јакоб ќе можеме да одиме на игралиште, а вие двајца ќе одите на кино – ѝ објасни мама.

– Но, јас толку се радував на денешниов ден! – негодуваше Кони.

– Ајде, па ти си постара – рече тато нежно.

Кони воздивна. Но, не е секогаш добро да си постар. Јакоб престана да плаче и ја гледаше со молба во очите.

– Па, добро! – одговори Кони.– Но, утре сигурно ќе одиме!

– Се разбира! – ѝ одговори тато. – Ти знаеш веќе: одложеното не значи поништено!

Јулија Боеме
(извадок од книгата „Кони ја спасува баба“)



## РАЗГОВАРАМЕ

- Каде и кога се случува дејството во овој текст? Каква атмосфера владее во домот?
- Кои ликови се сретнуваат во овој текст?
- Како се однесува Кони? Посочи една реченица што го покажува тоа.
- Како се однесува Јакоб? Зошто Кони мора да му попушти?
- Како родителите на Кони го решаваат овој проблем?



## ТВОРИМЕ

Одберете една од задачите:
- илустрирајте го текстот;
- нацртајте стрип за содржината на текстот;
- драматизирајте го текстот;
- напишете поинаков крај на текстот.

# ПРАВДА СО ДУПКИ

Откако добро се насити пченка
и згора украде колку што сака,
јазовецот прв на состанок појде
и за дискусија прв дигна рака:

„Жими честа, јас сум за правда и ред!
Никој никому нечесно да не зема!
Но правдата не е правда в овој свет
ако барем неколку дупки нема!“

А орелот пафна со крилјата и рече:
„Јазовецот првпат зборува отворено!
Бездруго, сношти добро се прејал,
некоја нова беља има тој сторено“!

Штом толку гласно в гради се тупка,
Тој нешто крие во својата дупка?!“

Ристо Давчевски





## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

- Напиши краток состав за тоа што претставува зборот ПРАВДА. Објасни го овој збор како што го разбираш. Што е праведност?
  Дали секој посебно кажува што е правда? Дали правда е искреност и постапување еднакво кон сите?







## РАЗГОВАРАМЕ

- Колку строфи има оваа песна?
- Како ја препознаваш строфата? Колку стиха има оваа песна?
- Посочи ги стиховите во кои има рима.
- Дали можеш да се сетиш на некои зборови што се совпаѓаат и прават рима?
- Песната има необичен наслов, можеш ли да кажеш зошто? Зошто поетот вели дека правдата е со дупки?
- За што се фали јазовецот? Што се случило пред тој да го почне разговорот за праведноста?

# ИМЕНКИ

## АНА И ТЕО

**Ана:** Сакаш да ти набројам што сѐ видовме со другарчето на сликата?

**Тео:** Можам и јас: дрво, лист, леи со цвеќе, куќи, згради, семафор, улица, луѓе, автомобили и други возила...

**Ана:** Можеш ли да си замислиш да не кажуваш што е нештото?

**Тео:** Не те разбирам?!

**Ана:** Па, знаеш, ако не го кажеш како се вика тогаш не можеш да го кажеш што е.

**Тео:** Да, секое нешто си има свое име.

**Ана:** Да, како што јас сум Ана, а ти Тео.

**Тео:** Ми текна, зборови што означуваат име на нешто се викаат ИМЕНКИ.

**Ана:** Именките се зборови со кои се ИМЕНУВААТ лица, суштества, предмети, појави и поими.



Именките се делат на:

1. **општи** – именки што означуваат имиња на предмети или суштества кои имаат заеднички, општи карактеристики;
2. **сопствени** – именки што означуваат единечни предмети и суштества:
   - означуваат имиња на луѓе и животни (Јана, Маја, Јане, Ване, Снупи);
   - географски поими (Вардар, Водно, Скопје);
   - празници (11 Октомври, Божиќ);
   - институции (Основно училиште „Јан Амос Коменски“);
   - уметнички дела, весници, емисии итн. („Сказна за детето Вилен“, „Нова Македонија“, „Бекстејџ“);
   - имиња на објекти (Камен мост, Кале, ресторан „Букет“).

Сопствените именки се пишуваат со голема буква.

## Видови именки

Општите именки во македонскиот јазик се делат на конкретни и апстрактни:

1. **конкретни именки** – именуваат предмети и суштества што можат да се допрат и кои се материјални: маса, камен, дете, планина, чаша, вода;
2. **апстрактни именки** – именуваат нешта што не можат да се допрат ниту да се видат: љубов, воздух, среќа, тага.

**Вежба**: Во облачињата напишете именки што се конкретни и апстрактни



**Вежба**:
Пронајди ги именките. Со каква боја се обоени?
Кои од именките се сопствени, а кои се општи?
Кои од именките се конкретни, а кои се апстрактни?

Маја има шарена топка.
Леле, видов голема птица!
Ти си убаво и среќно дете.

## Род и број кај именките

Именките во македонскиот јазик имаат три рода: **машки**, **женски** и **среден**.

Кај именките што означуваат имиња на луѓе и животни лесно може да се определи на кој род припаѓаат.





Именките што именуваат предмети, географски поими, појави, исто така, припаѓаат на **некој РОД**: машки, женски или среден, пример: молив, книга, невреме, дожд, море, град.

Бројот на лицата, предметите и појавите од стварноста се претставува со **БРОЈОТ** кај именките. Именките во македонскиот јазик имаат два броја: **еднина** и **множина**. На пример: маса – маси, молив – моливи...

**Вежба**: Подвлечете ги именките во текстот и потоа направете табела во која ќе ги подредите по род и број.

„Во сета таа подготовка, еден ден пред роденденот, Каролина, трчајќи по скалите со врзоп балони во рацете, ја свитка ногата и со офкање, потскокнувајќи на другата нога, се качи дома.

Докторот рече дека имала среќа, малку го свиткала глуждот, но мора да мирува барем три дена.

Разочарана, таа се јави кај сите другарчиња и ја откажа роденденската забава, раскажувајќи им за немилата случка.

– Ќе прославам некој друг ден – со плач во гласот ѝ вели на Зорица, нејзината најдобра другарка.

– Не грижи се, ќе ти помине како на кутре, така баба вели – се обидува Зорица да ја расположи.

– Ќе го направиме роденденот уште поубав.“

**Задача**: Разгледај ја сликата и напиши краток текст за неа. Потоа со другарчето до тебе разменете ги напишаните текстови и пронајдете ги именките. На секоја именка пронајдете ѝ род и број и посочете дали е сопствена или општа.



# ВЕЖБИ ЗА ИМЕНКИ



1. Дополни за да добиеш точни одговори за родот на именките.

а) Сликовница е именка од ______________________________________

б) Сонце е именка од __________________________________________

в) Брег е именка од ___________________________________________

2. Напиши ги именките во соодветното облаче: чаша, стол, молив, ранец, списанија, лажици, тенџериња, круши, ниви, планини, река, езеро.

**еднина**

**множина**

3. Стави го знакот ✓ каде што одговара во табелата за да се добие точно тврдење. Следи го примерот.

| **Именка** | **Род кај именките** | | | **Број кај именките** | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Машки род | Женски род | Среден род | Еднина | Множина |
| чевел | ✓ | | | ✓ | |
| писмо | | | | | |
| врати | | | | | |
| енциклопедија | | | | | |
| приказни | | | | | |
| писател | | | | | |
| пенкало | | | | | |
| автомобили | | | | | |
| подарок | | | | | |

4. Подели ги именките на апстрактни и конкретни: среќа, тага, млеко, часовник, тротинет, телефон, време, сон.

| **Апстрактни именки** | **Конкретни именки** |
|---|---|
| | |
| | |
| | |
| | |

5. Употреби ја својата фантазија и состави три реченици во кои ќе ги употребиш именките: радост, Ана, подарок, Вардар, цвеќе, срна, зајак, шума.

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________



# РОДЕНДЕН

Во нашата уличка се доселивме од сите страни на Скопје, а некои дојдоа од други градови и села. Најмногу дојдовме млади нови семејства, без деца или со по едно или две пеленачиња, кај некого со тукуштo проодено дете.

Ванчо, Томе и Трајче се родија откако се доселивме во уличката. Се родија некако набргу еден по друг, во летните месеци нивните мајки, еден ден, во своите прегратки ги изнесоа на уличката. Тоа беше нивното запознавање. Денот беше пријатен, со едно благо сонце, како да не беше вистински летен, туку ден од најубавиот период од пролетта.

Растеа пред нашите очи еден со друг, надвишувајќи се, според тоа кој како растеше. Ванчо се издолжи уште пред да појдат во училиште, Трајче почна да испрскнува дури откако ги заврши првите четири години основно училиште, а Томе растеше постепено, како да му беше сеедно ќе го надрасне ли Ванчо за сантиметар-два или во растењето многу ќе заостане Трајче. Подоцна се виде дека ќе биде повисок и од Ванчо и од Трајче.

Не почнуваа игра ако еден од нив отсуствуваше. Кога еден ќе се разболеше, другите двајца се врткаа пред прозорецот зад кој лежеше болниот и настојуваа да поприкажат со него, како да беа уште од најрани години свесни дека болниот најмногу се здодева, дека во бескрај му се издолжуваат деновите, па сакаа некако да му го скратат времето што тој го минува лежејќи болен. А не им беше тешко, зашто прозорците беа само на метар од земјата.

Заедно беа во радостите, заедно беа во болките. И дојде време кога по првпат во нашата уличка со монтажни бараки децата прославуваа роденден. Тоа беше невидена подготовка.



Дотогаш родендените им ги прославуваа родителите, бабите или дедовците. Тие ја подготвуваа прославата, па таа беше и нивна веселба, иако радоста уште како најмногу ја чувствуваше славеникот. На тие прослави за деца имаше дарови, колачиња, сокови, песни, шеги. За жал, не беа заборавени ни креветите, кои ги очекуваа и во другите денови, ништо порано, ништо подоцна: точно во одамна определеното време.

Сега роденден прославува Трајче. Родителите, ако сакаа, можеа да се приберат во едно од малечките сопчиња или, што беше многу поприфатливо, да отидат и да се прошетаат.

Веселбата допираше до последната барака во уличката.

Пред својата барака си играше Томе, како да не мислеше да оди да го прославува родендендот на својот прв другар Трајче.

Ванчо, со подарок в рака, излезе на уличка. Многу се изненади кога го виде Томета. Мислеше дека веќе сите деца се собрани, зашто таткото му се врати доцна, а тој требаше да го купи и донесе дарот.

– Мене ме чекаше, Томе?

– Не. Јас нема да одам – нерасположено рече Томе. Се чинеше гласот ќе му препукне. – Тате нема пари да купиме подарок.

Ванчо се вчудовиде. Првпат се случува еден од нив, поради каква било причина, да не може да биде заедно со другите двајца.

Не знаеше што да прави. Знаеше само едно – ако не дојде Томе, роденденот на нивниот другар нема да биде како што треба. А и Трајче ќе биде мошне



разжалостен. Погледна во подарокот што му го носеше на Трајче: шах и чоколада.

Тој час Ванчовата мајка излезе на тремот.

– Уште ли не сте појдени, Ванчо? – праша и се наближи до децата.

– Мамо, имаме ли пари да купи Томе подарок?

Мајката го погледна своето дете и, откако малку подразмисли, зашто сега требаше да се извлекува, му рече:

– Зар тоа не се два подарока и зар не се купени заеднички?!

Ванчо ги погледна даровите. Потоа погледна во Томе. Неговото лице му се виде изненадено и заинтересирано.

– Што ќе речеш на ова, а Томе?

Томе сакаше да одрече, но нешто го премисли, онака бегло само другарски да се насмевне.

Само неколку минути вревата од бараката на Трајче стана погласна. Меѓу гостите се слушаше и развеселениот глас на Томета.

Александар Поповски
(извадок од книгата „Раскази за деца“)





## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

- Одреди го местото на настаните во овој текст. Посочи ја реченицата од која го заклучи тоа.
- Кои ликови ги среќаваме и кои се нивните имиња?
- Како се одвиваат игрите меѓу трите деца? Посочи ги речениците каде што раскажувачот зборува за нивното другарување и за нивната игра.
- Кој конкретен настан е тема на овој расказ?
- Опиши што се случува пред бараките.
- Кој лик помага во оваа ситуација и каков предлог дава?
- Напиши што, според тебе, е најважно во другарството/другарувањето.
- Подвлечи ги именките во текстот и определи го нивниот род и број.

# НАЈДОБРИ ДРУГАРКИ ЗАСЕКОГАШ

Среќен роденден, душо – мама е насмеана од уво до уво и силно ја гушка Каролина, која лежи на креветот со поткрената нога на две перници.

Каролина денеска полни девет години. Сета возбудена, цела недела ја планираше роденденската забава што требаше да се случи токму денеска. Сите од одделението беа поканети да дојдат кај неа дома. Мама имаше подготвено сокчиња и грицки, конфети и балони. Дневната соба требаше да заличува на голем подиум, на кој децата ќе се забавуваат дури до вечер. Тато организираше лотарија и уште многу други интересни игри.

Пред еден ден...

Во сета таа подготовка, еден ден пред роденденот, Каролина, трчајќи по скалите со врзоп балони во рацете, ја свитка ногата и со офкање, потскокнувајќи на другата нога, се качи дома.

Докторот рече дека имала среќа, малку го свиткала глуждот, но мора да мирува барем три дена.

Разочарана, таа се јави кај сите другарчиња и ја откажа роденденската забава, раскажувајќи им за немилата случка.

– Ќе прославам некој друг ден – со плач во гласот ѝ вели на Зорица, нејзината најдобра другарка.

– Не грижи се, ќе ти помине како на кутре, така баба вели – се обидува Зорица да ја расположи.



– Ќе го направиме роденденот уште поубав.

Каролина и Зорица се најдобри другарки уште од прво одделение. Седат во иста клупа и секогаш си помагаат една на друга.

И двете носат белегзии на кои пишува BFF (best friends forever). Некогаш се случува и да преспијат една кај друга за викенд, кога немаат многу обврски за на училиште. Често се дружат и нивните родители, одејќи си на гости едни кај други.

Денот многу бавно минува. На Каролина ѝ е многу здодевно и ништо не може да ја расположи. Ниту подароците од мама и тато, ниту омилените цртани филмови што ги даваат на телевизија, ниту честитките од сите. Единствено што сака е денот да мине што побрзо и докторот да каже дека ногата ѝ е заздравена за да може повторно да стане од кревет.

– Колку е здодевно ова лежење – си мрмори сама на себе. – Ништо интересно не се случува.

Часовникот отчука пет. Наеднаш се слушна ѕвончето на вратата. Мама се насмеа и стана да отвори. Се слушна џагор и смеење. Се отвори вратата од дневната соба. На Каролина не ѝ се верува. Прва е Зорица, со голема торта во рацете, на која стојат девет запалени свеќички, а зад неа... Зад неа еве ги: Фросина, Тони, Филип, Маја, Ана и... и целото одделение. Сите на сиот глас пеат СРЕЌЕН РОДЕНДЕН, а во рацете им светат шарените ќеси со подароци.

Каролина се поткрена и со неверување си ги истри очите. Зорица ја остави тортата на маса и се стрча кон неа.



– Зар мислеше дека ќе те оставам тукутака? Зар мислеше дека еден свиткан глужд ќе ме спречи да го прославам роденденот на мојата другарка? Им се јавив на сите и им реков дека ќе ти подготвиме изненадување – ѝ шепка на Каролина на уво.

– Имаш најдобра другарка на целиот свет – вели мама.

– И најдобри родители – вели Зорица.

– Имам сè – со солзи радосници вели Каролина.

– Забавата може да почне – извикува.

До доцна се слушаше музика, а Зорица остана да преспие кај Каролина. На рацете на двете болскотеа белегзиите „Најдобри другарки засекогаш“.

Ана Бунтеска

## РАЗМИСЛУВАМЕ

- Прочитај го цитатот од текстот. Објасни како се чувствува Каролина.
  „Денот многу бавно минува. На Каролина ѝ е многу здодевно и ништо не може да ја расположи. Ниту подароците од мама и тато, ниту омилените цртани филмови што ги даваат на телевизија, ниту честитките од сите. Единствено што сака е денот да мине што побрзо и докторот да каже дека ногата ѝ е заздравена за да може повторно да стане од кревет“.
- Што мислиш, дали Каролина исто се чувствува на почетокот на текстот и подоцна?



## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ



- Издвој цитат/дел од текстот што најмногу ти се допадна и објасни зошто.
- Напиши втор дел од приказната. Настаните нека се случуваат години подоцна. Што се случува, како продолжува ова другарство?

# ПОКАНА

По повод **МЕСЕЦОТ НА КНИГАТА** библиотеката „Силјан Штркот“
организира
ПРОМОЦИЈА на новите изданија на
Петар Пан, Пинокио, Пипи Долгиот Чорап, Алиса во Земјата на чудата,
кои се печатени во ново руво и со нови илустрации.
Промоциите се секој понеделник во октомври, од 17 часот во фоајето на библиотеката.
ПОВЕЛЕТЕ!
Библиотека „Силјан Штркот“





## РАЗГОВАРАМЕ

- Кој го организира настанот? Каде е настанот? Со кој повод? Што ќе се промовира? Кога се промоциите? Си бил/а ли досега на промоција? Што значи зборот промоција? Дали би сакал/а да промовираш нешто?
- Предлог: Покани ги и децата од соседството на овие промоции од поканата, запомни ги информациите што се важни и пренеси им ги.



## ОД РЕЧНИКОТ

- **ПРОМОЦИЈА** – претставување на нешто во јавност.





## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

- Покана е краток информативен текст со кој се повикува на некој важен настан.
- Во поканата се пишуваат:
  - – воведни зборови;
  - – содржина со информации за тоа кој, каде, што, кога и зошто го поканувате;
  - – потпис.
- Поканите секогаш треба да бидат правописно и граматички точни.

**Задача**: Напиши и естетски уреди ја поканата за твојот роденден.

# ПРИДАВКИ

## Описни придавки



**РАЗГОВАРАМЕ**




- Погледни ја илустрацијата. Како би го опишал/а училиштето што е на илустрацијата.

**Придавки** се зборови со кои опишуваме, односно именуваме некоја особина, својство или карактеристика на предметите и појавите.

## Село

Крај бистра планинска река
си лежи нашето село,
ко мало орлово гнездо
во дрвјата скриено цело.

Сред село широко гумно
кај в лето жито се врши,
а после в празнични денови,
со радост оро се крши.

В крај село куќичка бела,
до неа школо ново –
кај прва осетив радост,
кај прво научив слово.

Л. Каровски

Со **описните придавки** се означува некоја карактеристика на предметот или суштеството; на пример: мала количка, црна птица, топло млеко, умно дете, кршлив орев...



### РАЗГОВАРАМЕ

Прочитај ја песничката „Село“ и подвлечи ги придавките.

- Напиши по три примери, со придавки и именки според дадениот пример:
- **Жешкото** сонце грееше преку целиот ден.

  Напиши по три примери, со две придавки и именка според дадениот пример:

  **Високата зелена** топола исправено стоеше крај патот.
- Во следниве примери подвлечи ги придавките:

  а) Маја има меко мало мече со кое спие.

  б) Стево чита кратки интересни приказни и потоа ги раскажува на другарите.

  в) Животните од страшната длабока шума се притаени оваа вечер.







## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

1. Дополни ги придавките што се однесуваат на именките.

| **Именки** | **Придавки** |
|---|---|
| ТОПКА | ГОЛЕМА |
| | ШАРЕНА |
| МАСА | НИСКА |
| | КАФЕНА |
| СТОЛ | ГОЛЕМ |
| | ВИСОК |
| | НОВ |

2. Напиши придавки во празните полиња; тие да се однесуваат на сликичката со која се поврзани.



## Вежби за придавки

Дополни ги речениците со описни придавки, опишувајќи се себеси.

- Јас сум ____________________ ученик/ученичка.
- Имам ____________________ коса.
- Очите ми се во ____________________ боја.
- За мене велат дека сум ____________________ другар.

**Уште примери за описни придавки:**

Пилето може да биде: мало, сиво, големо, слабо.

Водата може да биде: бистра, изворска, студена, топла.

Ветрот може да биде: силен, брз, тивок.

- Напишете повеќе придавки што можат да се додадат на следниве именки: река, поток, славејче, дрво, ден, лист.

Придавките имаат род и број. Тие го имаат истиот род и број со именката до која стојат и на која се однесуваат.

- Примери: изворска вода, големо дете, висока планина, син фломастер, односно ако именката е од женски род, на пример вода, тогаш и придавката што именува некое нејзино својство или карактеристика ќе биде од женски род, пример, изворска вода. Доколку именката е во еднина и придавката е во еднина, доколку именката е во множина и придавката е во множина, на пример, сини фломастери.

1. До секоја именка напиши по три описни придавки, а потоа разговарајте од кој род и број се тие.

   а) ливада ____________________ , ____________________ , ____________________ .

   б) стебло ____________________ , ____________________ , ____________________ .

   в) автомобили ____________________ , ____________________ , ____________________ .

2. Поврзи ги именките и придавките така што ќе си одговараат во значењето (на пример, итра лисица).

   Именки: лисица, був, дете, облак, вештерка.

   Придавки: палаво, итра, мудар, темен, лоша.

3. Поделете се во парови: еден кажува именка, другиот кажува придавка. Потоа сменете ги улогите. Примерите што ги кажувате запишувајте ги и составете реченици со нив.

# ПЛАНИНИТЕ МАКЕДОНСКИ

Планините македонски.
што ги кити кажи!
Дабови гори, борови вишни,
стојат како стражи.

Богат растителен
и животински свет.
Каде и да се свртиш
ќе видиш некој цвет.

Во пролет – качунки рој.
Јаглики што жолтеат в сјај.
Синолички лични – езерски капки.
Ги има во секој крај.

Лете синчецот синее.
Булките пламтат како жар.
Гороцветот гордо цвета.
Вистински горски цар.

Во есен сѐ добива друга боја.
Уште зеленее бујната папрат.
Цикламите крај здравецот цутат.
Каде очите попрво да запрат?

На планината зимата доаѓа прва.
Но и таа свои убавини крие.
Секоја од нив – заспана убавица.
До пролетниот бакнеж мирно ќе спие.

Александар Кујунџиски





## РАЗГОВАРАМЕ

- Според поетот, кои убавини ги имаат македонските планини? Кои растенија ги споменува? Каков вид зборови се зборовите со кои се означени имињата на растенијата?
- Дали во песната има придавки? Ако има, подвлечи ги.





## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

- Пронајди ги римите од песната, а потоа создај свои парови од рими.
- Раскажи кои убавини од македонските планини си ги сретнал во твоите прошетки или екскурзии.
- Препиши ја песната на латиница.

# ТЕЛЕФОНСКИ РАЗГОВОР



## АНА И ТЕО



**Ана:** Ало! Здраво, Тео!

**Тео:** Здраво, Ана!

**Ана:** Како си?

**Тео:** Благодарам, добро, само што дојдов од училиште.

**Ана:** Јас денеска не бев на училиште, имам малку температура, но би сакала да знам што учевте денеска.

**Тео:** Математика решававме на стр. 45, лекцијата се вика „Работа со податоци“.

**Ана:** А друго?

**Тео:** Прочитај го расказот во учебникот на стр. 50 и нацртај цртеж на тема зима.

**Ана:** Ти благодарам, тоа е сè?

**Тео:** Да, Ана, се надевам до утре ќе бидеш подобра. Се слушаме подоцна доколку имаш и други прашања.

**Ана:** Благодарам.

**Тео:** Чао, Ана!

**Ана:** Чао, Тео!



# ВИРУСИ

Вирусите се најмали живи суштества. Се сметаат за „живи“ само затоа што се во состојба да се размножуваат во телото на друго живо суштество што го нападнале. Не можат да се размножуваат сами од себе. Тие влегуваат во друга жива клетка, клетка на домаќинот, и ги преземаат нејзините животни процеси за да можат сами да се размножуваат. Во таа постапка тие ја уништуваат клетката на домаќинот.

...Вирусите можат да бидат во разни форми: како тула, како прачка, плочка, топче за голф, дури и како вселенска ракета. Со години можат да опстанат во својата нежива форма, да бидат смрзнати, сварени во жешка вода или претворени во кристали, но, сепак, оживуваат кога се појавува клетката домаќин.

Вирусите предизвикуваат болести кај растенијата, животните и луѓето...

Извадок од Детската илустрирана енциклопедија „Наука за животот“





## РАЗГОВАРАМЕ

- Напиши ги фактите за вирусите што ги прочита во текстот:
  – Тие се најмали живи суштества.
  – Живеат во телото на друго живо суштество.

  ______________________________________________
  ______________________________________________
  ______________________________________________
  ______________________________________________
  ______________________________________________
  ______________________________________________

- Препиши го овој краток текст на латиница.

# ЗОШТО ПЛАЧЕМЕ?

Уште од првиот момент кога ќе дојде на овој свет, човекот плаче. Таа е првата комуникација. Сте забележале ли дека бебињата во првите месеци од своето раѓање многу често плачат? Всушност, тоа е начин на кој тие „кажуваат“ нешто. Плачат кога се гладни, кога им се спие, кога ги боли нешто... Како што растат и го совладуваат говорот, така почнуваат да комуницираат со зборови. **А, плачењето се врзува со одредени чувства.**

Плачењето често е израз на силни емоции, добри или лоши. Многу нешта можат да нè натераат да плачеме: тага, болка, лутина, страв, несигурност, а се случува да пуштиме солза и од среќа или од возбуда.



**ПОЗИТИВНИ СТРАНИ НА ПЛАЧЕЊЕТО**

Плачењето понекогаш влијае позитивно на луѓето. Откако убаво ќе се исплачат, повеќето се чувствуваат подобро, опуштено и се посреќни.

Па, затоа, кога ќе почувствувате дека солзите навираат во вашите очи, не плашете се да ги пуштите да потечат.

Не воздржувајте се да плачете кога ви се плаче.



**РАЗГОВАРАМЕ**

- Дали некогаш си се расплакал/а читајќи книга, слушајќи песна или гледајќи филм?
- Можеш ли да објасниш како се чувствуваше?
- Дали тоа беше од тага или од среќа?

# ЕДИНИЦА ЗА ЗАДУТРЕ



## РАЗГОВАРАМЕ

Наставникот/наставничката нека ви го прочита текстот изразно, а вие слушајте внимателно. Потоа, во парови смислете една реченица што ја содржи суштината на текстот. Секој нека ја запише реченицата. Потоа, секој пар нека ја презентира својата реченица и сите заедно вреднувајте ги речениците според тоа колку добро ја одразуваат суштината на текстот.

Се вратив од училиште. Масата беше поставена. Чантата ја оставив во аголот. Потоа добро се најадов. За тоа време сонцето како да ми намигнуваше, како да ме тераше да побрзам. Бргу ја зедов топката и истрчав да играм. Дури до вечерта трчав по топката и се радував со другарите.

По вечерата имаше телевизија. Се прикажуваше некој каубојски филм. Ех, колку ги сакам тие филмови... По филмот дремка ме фати. Ми текна за домашната по математика, но си реков дека задачите се лесни и ќе ги решам утре. Сум заспал како јагне.

Утрината мајка ми одвај ме разбуди. Немав време ниту убаво да се измијам, ниту да појадувам. Ѕвончето повикуваше на час. Надве-натри, јас се најдов во училишниот двор.

За среќа, учителот не ги прегледуваше домашните. Ни зададе да научиме една куса песничка од три строфи.

Кога се вратив дома, уште не бев се наручал, а Фатоси, мојот најдобар другар, ме викаше од улицата. Со стапот за ловење риби, ме чекаше да одиме на реката.



– Побрзај, додека се гледа. Ќе ловиме на реката – ми викаше тој.

Мајка ми забележа како се брзам, па ми рече:

– А задачите, кога ќе ги решаваш?

– За домашно имам само една песничка и тоа за задутре! – реков и како стрела ја дувнав низ вратата.

И тоа утро одвај се разбудив. Влегувајќи во училницата мислите ми одлетаа во ловењето риби. Навистина наловивме ситно, ама вкусни!

Само што се вратив дома, пред вратата ме чекаа Бени, Дани и Фисник.

– Ќе играме против четврто-б. Ќе играш ли со нас? – ме прашаа.

Иако имав за учење, не можев да ги одбијам. Игравме до вечерта и победивме со седум наспрема четири. Не можев да стојам на нозе. Целото тело ме болеше. Заспав како јагне...

Утредента одвај станав. Учителот по сè изгледаше многу лут. Ги бараше домашните по математика. Потоа се распрашуваше за песничката од која одвај бев го запамтил само насловот.

Веќе немаше денеска, утре и задутре. Учителот ми запиша крупна единица по математика. Потоа ми стави уште една за песничката. Така ми наплати за мојата негрижа, за влечкањето.

Фејзи Бојку



## АНА И ТЕО



**Тео:** Што мислиш, дали детето раскажувач згрешило?

**Ана:** Па, мислам дека згреши.

**Тео:** Која е неговата главна грешка, што мислиш?

**Ана:** Па, не сум сигурна... Еј, другарчиња, помагајте!



## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ



- Напиши кратко дали си бил/а во ваква ситуација и доколку си бил/а како си ја решил/а.
- Напиши кратко што би направил/а ти кога би бил/а на местото на ова другарче.

## ВОЛШЕБНИКОТ ОД ОЗ









### РАЗГОВАРАМЕ

- Организирајте заедничко гледање на филмот „Волшебникот од Оз". Од овој филм има повеќе верзии. Одберете една и проследете ја.
- Кои се ликовите во овој филм? Како се однесуваат ликовите во филмот и како се облечени?
- Која е темата на овој филм?
- Дали во филмот имаше музика? Дали ти се допадна?
- Кои три придавки би ги кажал за овој филм?







# ДЕКЕМВРИ

Брише ветрот,
влажно во темницата,
мириса на снег,
како обично пред Свети Никола.
Ако утре рано,
на разбудување,
здогледаш белина
на крововите и дрвјата,
пак обичното ќе ти биде
уште еднаш во животот
најголемо изненадување.

Блаже Конески





## РАЗГОВАРАМЕ

- Што вели поетот, на што мириса воздухот во декември?
- Што е тоа обично, а ќе биде најголемо изненадување?





## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

- Опиши ја твојата омилена зимска игра: има ли играта правила? Зошто ја сакаш најмногу?

# КАКО ДОАЃА НОВАТА ГОДИНА



Тивко
како повев на ветер
во полноќен час –
Новата година доаѓа кај нас...
Крај елката
дарови реди – потем продолжува од...
Ѕвездолики снегулки нечујно
снежат
од вишниот
небесен свод.

Душко Аврамов







## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

**Писмена вежба**

- Напиши ги своите новогодишни желби и објасни што и зошто го посакуваш токму тоа. Насловот нека биде „Новогодишни желби“.

# НОВОГОДИШЕН ПОДАРОК

## АНА И ТЕО

**Ана:** Мноооооооогууууу сакам подароци.
**Тео:** И јас, а подароците можат да бидат различни.
**Ана:** Да, подароците можат да се купуваат или да не се купуваат.
**Тео:** Важно е од срце да се подаруваат: подароци, прегратки и убави желби да се посакуваат.

Кога беше сосема малечка, Бела не знаеше букви, но умееше убаво да црта. Со молив, темпера или фломастер на картончиња оставаше убост на предмети, ликови, пејзажи. Дедо ѝ ги прибираше и ги чуваше во голем плик.

Додека возрасните пред Нова година, практикувајќи го добриот обичај на блиските да им дарат нешто, се нервираа и се премислуваа што кому да му купат. Бела со леснина ќе нацрташе некој мотив, ќе исечеше хартија и секоја





година ќе испишеше по неколку желби за СРЕЌНА НОВА ГОДИНА.

Пред Новата 1992 година секој ден ќе ѝ подречеше на баба ѝ за да ја остави со размисла каков подарок ќе ѝ даде.

– Ти подготвувам нешто сосем неочекувано. Ќе ти дарам НАЈГОЛЕМ МАЛ ПОДАРОК.

„Што ли ќе биде тоа?“ Си мислеше баба ѝ. Наслушнува како Бела се договара со мајка си. Со денови се шепоти меѓу мајката и ќерката. Шушкаат украсни хартии. Се донесе голема картонска кутија. Се преметнуваат разнобојни панделки.

– Те молам мила, да не трошиш пари од малите џебни динари што си ги чуваш. Ти си на мене. Си ги чуваш парите. Ќе ги трошиш за твои потреби. Немој случајно да ми купуваш нешто.

– Ти не се грижи. Тоа си е моја работа. Не сум мала. Знам што правам.

Бела појде на пречек на Новата година кај другарка ѝ во соседството. Другиот ден, на заедничкиот семеен ручек, со едно силно влегување и со смеење, Бела, со мајка ѝ и татко си, влезе на долниот кат. Во рацете носи голем пакет во прекрасна украсна хартија уште поличен со неколку разнобојни панделки.

На сет глас ѝ честита Нова година и ѝ го предаде пакетот. Одзади стои дедо ѝ и тој исчекува што ќе добие.

Бабата го прифаќа пакетот. Ја бакнува и почнува да го отвора. Под украсната хартија се покажа картонска кутија. Во неа се покажа друг пакет завиткан во украсна хартија. Во вториот пакет, уште еден пакет со украсна хартија. Во него картонска кутија. И така редум во секој следен пакет сè помала кутија. Најодзади излезе најмалата кутија и во неа плик. Во пликот, што да види бабата: десетина фотографии од нејзината внука и таа заедно од првите денови како бебе и така редум до денес. Бабата од срце се израдува, ја баци и навистина сфати дека е тоа НАЈУБАВИОТ НАЈГОЛЕМ МАЛ ПОДАРОК.

– Бабушко, бабуле, мила моја, тоа се слики само за тебе. Кога ќе доаѓам кај тебе заедно ќе си ги гледаме.

Потем му се доближи на дедо ѝ. Го бакна и му даде долгнавесто пакетче завиткано во украсна хартија и панделка.

Тој го отвори. Во хартија-кутиче. Во него мала усна хармоника. Кога ја виде, се израдува, потем се загрижи.

– Зошто си се трошела, златенце?

– Летоска ја купив во Охрид. Поевтино ја платив од еден обичен молив. Во книжарницата до Чинарот ја најдов по стара цена. Подзаборавена зад рафтот меѓу хартии, гуми и лепила. Ти ја купив со мерак зашто како дете си ја посакувал, а не си можел да ја купиш.

Томе Момировски

## ОД РЕЧНИКОТ

- **ДИНАРИ** – основна парична единица во некои земји.

## РАЗГОВАРАМЕ

- Зошто текстот се вика „Новогодишен подарок"? Кој подготвува подарок и за кого? Зошто Бела сакала да им подари нешто на своите баба и дедо?
- Одреди ги речениците каде се согледува како се чувствуваат бабата и дедото кога ги добиваат подароците.
- Ликот Бела е главен лик во овој текст. Пронајди ги речениците во кои раскажувачот го опишува нејзиното однесување.
- Според нејзиното однесување, кои три карактеристики можеш да ги издвоиш?
- Дали ти подготвуваш подароци и за кого? Според тебе, кои се најубавите подароци на светот?

## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

- Прераскажи го текстот како ти да си ликот Бела.

# ДЕДО МРАЗ И ВЕШТЕРКАТА

(Настапуваат: Дедо Мраз, џуџињата, Вештерката, Баба Мразица)

Дедо Мраз лежи. Има топломер во устата. Влегуваат две џуџиња.

Џуџето 1: Лежи. Аман со тоа мобилниот... Дедо Мраз, станувај, време е.

Џуџето 2: Не, не е со мобилниот. Леле мајко, има топломер. Па, тој е, тој е... болен. *(Му приоѓаат)*

Дедо Мраз: Хо! Хо! Хо!

(Преминува во офкање): Ох! Ох! Ох!

Џуџето 1: Навистина е болен. Ете, наместо хо-хо вели ох-ох. Ќе направам чајче, ти донеси лимон и ќе биде како нов. *(Заминуваат, нагло се стемнува, морничави звуци. Влегува Вештерката, му ја краде вреќата на Дедо Мраз и шепоти кон публиката.)*

Вештерката: Сигурно дека е болен кога јас му ставив неколку тревки во кашата. Не знае дека е Дедо Мраз, мисли дека му е дедо на мразот. Хи-хи. Вреќата сега е моја. Што сака тој, тој дебел, стар... Секоја Нова година тој е главен и славен. Е, нема! Сега славна и главна ќе бидам јас. Јееес. Хи-хи-хи... Само што... во вреќата ќе има мало... хи-хи-хи... изненадување. Внатре ќе ставам крастави жаби, лилјаци, гуштери и пајаци завиткани во светликава хартија. Хи-хи! На децата ќе им давам и *(грозно се смее)* ќе им велам:

– Слатки тие на баба... сакате подароци? На, на.

Баба Мразица *(влегува и ја забележува Вештерката. Вика.)*: Аха, така значи. Сама си го бараше. *(Кон џуџињата)*: Мили мои, песна и смеа, да види дека сме посилни од неа.

Повеќе џуџиња отпрвин плашливо, а потоа сè похрабро ја опкружуваат Вештерката. Фатени се за рачиња околу неа и пеат новогодишна песна:

Насекаде украси,
шарени ѕвончиња
и весел ѕвон,
дин-дон-дин-дон!
*(Вештерката возвраќа. Потсмешливо пее.)*
Насекаде скорпии и желки,
украсени зелки
во илјада мрак-бои,
сите темни како
магиите мои. Хи-хи-хи!
*(Џуџињата упорно пеат).*
Насекаде елки,
со волшебен сјај,
хој, хај, хој, хај!
Сегде смеа, секој час,
Дедо Мраз, Дедо Мраз
ќе оздрави за час!



Дедо Мраз *(рипа од постелата)*: Хо! Хо! Хо! Време е. Ама... како без подароци?! *(Покажува кон Вештерката)*: Мораме да ѝ ја земеме вреќата. Скокотнете ја, скокотнете ја!

*(Во смешна бркотница џуџињата успеваат да ја скокотнат Вештерката. Таа вчас, по еден грозен кикот и по едно муф! – исчезнува.)*

Дедо Мраз: Ви реков. Не може да поднесе скокот. Добро е, ја испушти вреќата. *(Ја зема вреќата со подароците)*. Хо! Хо! Хо! Тргнуваме. Нè чекаат децата од цел свет, нема белки да им праќам подароци по интернет?!

Ванчо Полазаревски





## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

- Прочитајте го текстот изразно!
- Драматизирајте го текстот по улоги.

ПИШУВАЊЕ ЧЕСТИТКА

- Зошто пишуваме честитки?
- Честитките ги пишуваме за празници: Божиќ, Нова година, Велигден, Бајрам... Можеме да честитаме сè што некому му е важно: роденден, именден, раѓање на дете, завршување на училишната година, годишнина...
- Честитката треба да биде: разбирлива, кратка и срдечна.

СОДРЖИНА НА ЧЕСТИТКА

– кому пишуваме (име и обраќање, на пример: Драг пријателе, Мила бабо, Почитувани соседи...);
– порака (кратка, јасна, со емоции);
– поздрав и потпис.

- Честитките можеме да ги напишеме на готови изработени картички на кои ги пишуваме пораките и адресата, можеме да ги напишеме и во електронска верзија или по пат на СМС-порака.



## ТВОРИМЕ

- Напишете честитка за другарите, роднините, пријателите. Запомнете, вашата идеја е најубава, бидејќи има емоции и искрено упатени желби. Пријателите повеќе ќе ги радува честитката што сами сте ја создале.

# КУЧЕТО ШТО БЕШЕ НИЧИЕ

Вечерва се дочекуваше Новата година. Марко, кучето со златно-жолто крзно, талкаше по плочникот, осамено и тажно. Луѓето минуваа покрај него, ги купуваа последните подароци и брзаа дома. Никој не обрнуваше внимание на Марко, кучето што беше ничие. Застана покрај една куќа низ чиј прозорец се гледаше како деца ги палат свеќичките на новогодишната елка, како пеат, играат и се веселат заедно... Никој не беше сам, освен тој, кучето Марко што беше ничие.

Залудно гледаше низ прозорецот – од глетката не му беше помалку студено. Трепереше и штракаше со забите, срцето му се стегаше и од студот и од јад – никој не го сакаше. Наеднаш слушна чекори.

– Кој ли е во ова време? – си помисли.

Една сенка се наведна над него, нечија рака го погали, гласот му проговори:

– Кој си ти?

– Јас сум Марко и сум ничиј.

Момчето го посматраше Марка, а Марко него, а потоа му ја лизна раката. Молчејќи се гледаа неколку мига, а потоа момчето го праша: – Сакаш ли да бидеме пријатели?

– Од сè срце – одговори Марко.

Тргнаа заедно, па долго одеа низ темната ноќ, по еден пуст и осамен крај.

Ветерот фуфкаше и го носеше снегот, беше многу студено. Најпосле стигнаа до една стара циркуска кола и влегоа, ја запалија старата печка, се затоплија. – Ќе ја поделиме мојата вечера – рече момчето – и јас сум осамен како тебе.

Така настана нивното пријателство и таа Нова година тие двајца не беа ниту осамени ниту ничии. Момчето состави и нова песничка:



„Секој први јануари
се радуваат двајцата другари
што заедно живеат среќни
кога ќе дојдат дните пролетни,
кога летото топлина им носи,
кога по тревата трчаат боси,
им годи што ќе стигнат цела есен среде жита,
но зимата штом дојде снежна –
куќичката е неизбежна“.

Извадок од „Златни приказни за животните“



## РАЗГОВАРАМЕ

- Како почнува овој расказ? Пронајди ги описите што се однесуваат на тоа во какви услови се одвива настанот и кој дел од годината е.
- Како се чувствува кученцето? Што се случува во околината во која се наоѓа тоа?
- Кога се случува промена? Со кого се сретнува? Што ни кажува раскажувачот за момчето? Што заклучуваме од разговорот меѓу момчето и кученцето?
- Дали расказот има среќен крај?





## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

- Имаш ли миленик? Ако имаш, опиши го како изгледа и објасни како се дружите заедно.
- Како ја поминуваш ти новогодишната ноќ? Раскажи им на своите другарчиња.

**Писмена вежба:**

- Искористи ги дадените зборови и направи твоја „Зимска приказна“.
  ИМЕНКИ: снег, санка, снегулка, шал, ракавици, чизми, топки, Снешко, игра.
  ПРИДАВКИ: бело, снежно, волшебно, студено, забавна, убаво.
  ГЛАГОЛИ: се санка, лизга, фрла, облече, направи, дојде, отиде.

# ЦРЕШАТА СЕ БУДИ

Црешата во дворот мал
сребрена е цела,
заспала под снежен шал
во фустанче бело.

Една гранка трепетна
гледа: в снег е сета,
па сонливо прошепна:
„Вторпат сега цветам“.

В радост некој извика:
„Ох, волшебна зима,
прекрасна е црешава
снежец кога има!“

Сонот убав заврши
дрвцето се стресе,
под него дечињата
ги посипа снежец.

Косара Гочкова



## РАЗГОВАРАМЕ

- Како е опишана црешата во зима во оваа песна? Како ја гледаат црешата и што зборуваат за неа (одговорот побарај го во третата строфа)?
- Дали некогаш си се нашол/ла под некое дрвце врз кое има снег како дечињата од последната строфа? Доколку си имал/а такви мигови опиши ги!



## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

- Опиши ја твојата околина во време кога надвор има снег.
- Напишете зборови што се карактеристични за зимата, споделете ги меѓу себе и потоа направете кратка песничка или текст, по ваш избор.

# КАКОВ ОРКЕСТАР БИ БИЛ...




Кога некој голем колку рид слон,
би зел да свири на тромбон,
а некоја зелена жаба стара
на нова електрична гитара,
кога штркот шарен со клунот
би почнал да штрака,
а гавранот сив со него
во дует да грака,
кога црниот кос би зел да свири
на сиот глас
само низ нос,
а магарето –
голем композитор жив,
да компонира музика
само за нив,
и кога за тоа
специјално од Нил
за нив би дошол
диригент – крокодил,
каков оркестар
тој тогаш би бил?

Киро Донев






## РАЗГОВАРАМЕ

- Кој го сочинува оркестарот што е опеан во песната?
- Чија улога ти се виде најинтересна?
- Дали си посетил некој настан каде што оркестар изведувал музичка точка?
- Истражувајте што е тоа оркестар.

# ОТКАЧЕНА ИГРА





## АНА И ТЕО



**Ана:** Знаеш ли дека секоја игра има свои правила?

**Тео:** Се разбира, како поинаку ќе може да се игра ако нема правила и ако учесниците не се почитуваат меѓу себе?

– Денеска ќе играме една откачена игра. Кој е „за“? – праша учителката.

– Јас! – еднодушно одговорија учениците.

– Играта се игра вака: Еден ученик ќе каже некој предмет, на пример, стол. Ученикот до него треба да каже друг предмет кој прв му доаѓа на ум, но да биде колку што може поразличен од предметот стол. На пример, камила. Откако сме ги кажале двата предмета, сите размислуваме како може да се поврзат тие два предмета. На пример, специјален стол за јавање камила. Или стол на кој има нацртано камили. Или стол што личи на камила.

– Или, пак, стол на кој може да седне камилата да се одмори – се јави Петар.

– Ха-ха-ха – гласно се изнасмеаја децата.

– Нема да им се смееме на другарчињата. Денеска сакам да бидете слободни да давате откачени предлози. Така и иноваторите, односно изумителите честопати ги прават своите иновативни изуми. Се трудат да поврзат идеи што обично не ги поврзуваме. Јасно ли е?

– Дааааaa! – извикаа децата.

– Одлично. Ќе почнеме со Мартина и одиме со ред. Откако ќе кажеме два предмета, мислиме сите како можеме да ги поврземе двата.

Запомнете, тие мора да бидат колку што е можно поразлични.



– Врата! – се јави Мартина.
– Птица! – одговори Огнен.
– Врата што личи на птица! – се насмевна Бисера.
– Врата со вградена музика што пее како птица! – додаде Мартина.
– Врата на која се нацртани многу птици! – тивко рече Кире.
– Птица со капа на главата на која има нацртано врата! – се јави Огнен.
– Ха-ха-ха – грмнаа децата.

– Рековме дека нема да се смееме на идеите. Туку ќе се потрудиме да смислиме колку што е можно пооткачени идеи – ги прекори учителката. – Ајде сега следниот пар зборови.
– Дрво! – рече Ведран.
– Часовник! – довикна Максим.
– Часовник во облик на дрво! – се сети Јана.

– Часовник на кој има нацртано дрво и наместо стрелки има гранки – довикна Симона.

– Дрво накитено со часовници – се јави Тијана.

– Не, дрво со раце, наместо гранки и на секоја рака по еден рачен часовник – пак се јави Мартина.

– Дрво со огромен часовник напред кој е пречкртан – кажа Симон.

– Зошто пречкртан? – не издржа Огнен.

– Па, тоа значи дека на дрвјата им е забрането да носат часовници – одговори Симон.

– Ако ти им забраниш на дрвјата да носат часовник, тогаш и јас ќе ти забранам тебе да носиш – дофрли Филип.

– Без расправии, деца. Рековме дека нема да ги критикуваме идеите – ги потсети учителката.

– Разгрането дрво со броеви од 1 до 12 распоредени по гранките исто како кај часовникот, така што децата кога ќе се качуваат ќе кажат јас сум кај 3 часот или кај 10 часот или кај 6 часот ако се најдолу – се приклучи и Дафина.

– Добро, деца. Добивам интересни идеи. Одиме со следниот.

– Кутија! – се јави Магде.

– Магнет! – бргу додаде Силјан.

– Кутија што се затвора со магнет – се досети Јана.

– Магнет за на фрижидер со слика од кутија – довикна Бисера.

– Кутија со магнети за чување шрафчиња – се јави задоволно Филип, подготвен да му каже и на татко му за идејата. Татко му беше механичар и во нивниот подрум имаше шрафчиња насекаде.

– Кутија со магнетни алки за лекување – извика и Биле, која дома имаше неколку такви алки што ги користеа баба ѝ и дедо ѝ.



– Одлично! Сега сакам да се свртите кон вашето другарче и на истиот начин да направите некој комплетно нов производ – **иновација**. **Поврзете два предмета што обично не се поврзуваат и потоа нацртајте го. Вие сте млади иноватори. Којзнае можеби некоја од нашите откачени идеи може да се претвори во вистински производ.**

Завладеа игрива атмосфера во училницата, каде што откачените идеи на учениците се преточуваа во цртежи со живи бои. Доволно беше да се скокотне креативноста и бујната детска фантазија веќе си доби крилја.

Марија Петровска



## РАЗГОВАРАМЕ

- За што се зборува во текстот „Откачена игра“?
- Откако го одговори претходното прашање, запиши ја темата на текстот.
- Наброј ги ликовите од текстот.
- Кога и каде се случуваат настаните од овој текст?
- Како учениците се однесуваа за време на часот?
- Со чија помош можеа убаво да се разберат?

Кога со една реченица ја кажуваме содржината на еден текст велиме дека ја одредуваме **темата на текстот**.





## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

- Одбери една идеја што ти беше најинтересна и претстави ја преку презентација, цртеж или на друг начин што тебе ти е лесен и интересен.
- Изиграјте ја оваа откачена игра и кај вас во училница и запишете ги сите идеи.

# ЛИЧНИ ЗАМЕНКИ




## РАЗГОВАРАМЕ ЗА ЛИЧНИТЕ ЗАМЕНКИ

Разгледајте ги примерите и размислете, какви зборови се овие што се напишани во црвена боја?

Јас сум кошаркарка.

Ти си добар другар.

Тој/Таа/Тоа е најдобар/најдобра/најдобро во трчање.

Ние сме добри во навивање.

Вие сте добри пријатели.

Тие се мајстори за танцување.

Зборовите што означуваат или посочуваат лица, други суштества, предмети, појави се нарекуваат **заменки**. Заменките што обично означуваат или посочуваат лица се викаат лични заменки. **Лични** заменки во македонскиот јазик се:

| **ЕДНИНА** | **МНОЖИНА** |
|---|---|
| 1. лице **јас** | 1. лице **ние** |
| 2. лице **ти** | 2. лице **вие** |
| 3. лице **тој/таа/тоа** | 3. лице **тие** |





## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

Разгледајте ги овие примери и разговарајте за заменките во нив:

- Јас сум надвор и мене ми е студено овде.
- Ти си многу интересен, тебе ти се допаѓаат сите книги.
- Тој си замина дома, него не го убедив да остане.
- Ние сме сами, нам не ни е страв.
- Вие сте големи, ме слушате, вам ви зборувам.
- Тие купија влезници за натпреварот, ним фудбалот им е сè.

**Научи повеќе**

Личните заменки во македонскиот јазик имаат кратки и долги форми за сите лица. Тие форми од личните заменки ги користиш секојдневно во твоето зборување и пишување.

ЕДНИНА

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1. л. мене; ми** | мене; ме | | |
| **2. л. тебе; ти** | тебе; те | | |
| **3. л. нему; му** | нејзе; ѝ | него; го | неа; ја |

МНОЖИНА

| | |
|---|---|
| **1. л. нам; ни** | нас; нè |
| **2. л. вам; ви** | вас; ве |
| **3. л. ним; им** | нив; ги |



## РАЗГОВАРАМЕ

- Пронајди ги сите лични заменки во текстот и подвлечи ги. Потоа разговарајте во одделението за тоа во кое лице се личните заменки кои ги пронајдовте.



## ЛЕСИ

Доцна вечерта јас се враќав дома. Токму да влезам низ вратата, кога гледам нешто како сенка ми се плетка во нозете! Се наведнав и што да видам: едно мало кученце обраснато со меки кафеави влакна. Го кренав и благо му шепнав:

– Ти ќе бидеш мое! Ти си мое!

Тоа трепна со своите очиња, како да сакаше да ми рече: „Јас сум твое“.

Не знаев како се вика и затоа му реков:

– Јас ќе те викам Леси! Ти си Леси! Отсега ние ќе бидеме пријатели. Тоа се согласи, трепкајќи со очињата и со јазичето ми ја лизна раката.

– Ти си гладно – го прашав. – Прости ми, немам ништо за јадење, освен леб. А сув леб ти не можеш да јадеш. Ајде Леси, сега ќе спиеме, а утре јас и ти ќе имаме богат појадок.

Цане Андреевски



## РАЗМИСЛУВАМЕ

Спореди ги дијалозите. Дали има разлика во обраќањето во првиот и во вториот пример? На што се однесува тоа?

**1.**

– Наставничке, дали вие живеете далеку?

– Да, јас живеам на другиот крај од градот.

– Дали вие би сакале да се одморите по часовите пред да заминете?

– Секако, инаку не би имала сила за патувањето.

**2.**

– Ана, дали ти живееш далеку?

– Не, живеам тука блиску, на соседната улица.

– Дали би сакала да ти помогнам со тие торби, тешки се?

– Благодарам, блиску сум, ќе стигнам брзо.

# ИГРА

Мамо, луѓето кои живеат горе, во облаците, ми довикуваа:

– Ние си играме откако ќе се разбудиме, па сè додека не згасне денот.

– Ние си играме со златната зора, си играме со сребрената месечина.

Јас ги прашав: „Како би можел да се искачам кај вас?“

Тие ми одговорија: „Дојди на самиот крај на Земјата, крени ги рацете кон небото и ќе бидеш подигнат во облаците“.

– Мама ќе ме чека дома – им реков. – Таа секогаш мисли на мене. Како можам да ја оставам и да дојдам кај вас?

Тогаш тие се насмеаја и отпловија. Но, јас знам една игра што е многу поубава, мамо.

Ти ќе бидеш облакот, а јас месечината.

Ќе те прегрнам со обете раце, а покривот на нашата куќа ќе биде синото небо.

Р. Тагоре



## РАЗМИСЛУВАМЕ

Во текстот „Игра“ подвлечи ги заменките.

# НЕОБИЧНО БЕГСТВО

Во нашето училиште,
се случи чудо,
можеби ова
ќе ви звучи лудо,
но моравме нешто
бргу да сториме,
свикавме состанок
– да се договориме...

Сите петки
од дневникот на второ –
побегнале и еве ги
шетаат низ дворот.

Што да ви кажам –
невидена глетка,
низ целиот двор
само – петка до петка!

Во училницата –
дневникот тажен
преполн со двојки,
зар да се прави важен?

А петките беа
заслужени, цврсти,
со една единица
избегале на прсти.

За среќа, мошне брзо –
грешката си ја сфатија,
единицата остана во дворот,
а тие се вратија.

Димитар Алачки



## РАЗГОВАРАМЕ

- Какво чудо се случи во училиштето?
- Кој, каде и зошто бега?
- Дали веќе имаш оценки со бројки?
- Каква порака има оваа песна?







## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

- Пронајди ги римите во оваа песна. Потоа, биди поет и искористи ги во свои стихови.

# КРУГ

Бојан од четврто-4 чита повеќе списанија. Некои ги купува од својот џепарлак, а други ги позајмува. Често има обичај позајмените списанија да ги забошоти, односно да ги задржи за себе. Така, неодамна, тој позајми серија стари стрипови од Илчо. Иако стари дваесетина години, тие беа речиси како нови. Ги купил и ги зачувал татко му на Илчо. Бојан вети дека ќе внимава да не ги истутка стриповите, а во себе ликуваше: „Позајмено-забошотено, според мојата стара формула!“

Помина една недела. Поминаа три дена и од следната недела и уште половина ден... а тогаш Илчо го запре да го потсети:

– Другарче, и библиотеките даваат рок. Твојот измина!

– Молам, нешто ти должам? – Бојан одглуми зачуденост.

– Не нешто, туку серија стрипови.

– А кога си ми ги дал, ако не е тајна?

– Пред десетина дена и не е тајна!

– Нешто слабо се сеќавам... Стрипови, стрипови, не!

– Бојан, не изигрувај заборавенко! Тато веќе ме искара.

– За што Илчо? Си одбил да му купиш весник?

– За стриповите, те опоменувам! – ќе се расплачеше Илчо.

– Леле, ама си строг! – се потсмевна Бојан и си влезе во училницата.

Илчо беше налутен и збунет. Како да постапи? Што да преземе? Бојан одречуваше дека му ги позајмил стриповите, уште и се подбиваше со него. Ако е шега, тоа е пресолена шега...

Живкица, девојчето кое седи до Илчо, го праша:

– Нешто си загрижен?



– Сам ќе го решам случајот.

– О, детектив! Си читал многу стрипови!

– Токму тоа!

Тој ѝ раскажа сѐ. Живкица отиде на клупата на Бојан и в лице му рече:

– Бојанчо, заборави ги трите касети со Шрек што ти ги должам! Шифра: „Круг!“

Потоа му пријде Билјана и со насмевка му рече:

– Бојанче, срценце си што ми го простуваш оној комплет фломастери! Беа твои, сега се вечно мои. Кругот се шири!

По неа, како да чекал ред, и Марко му рече на Бојан:

– Не ти го враќам шестарот, купи си друг! Затворен круг!

На Бојан не му се допадна оваа игра. Толку кругови во кои тој беше оштетен. Зошто се случуваше сето ова? Некој за нешто му се одмаздуваше? Тоа е, тоа е! Тие сковале план да му помогнат на Илчо!

Бојан замолкна. Утредента тој му ги врати десетте стрипови на Илчо и љубезно му се извини. Но, тоа не му помогна многу.

Цел месец низ четврто-4 кружеше следнава изрека: „Ќе го вратиш позајменото или ќе го вратиш како Бојан?“

Но, Бојан се поправи и изреката се заборави.

Така е, така и треба.

Велко Неделковски





## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

- Запиши ги одделно карактеристиките на Бојан и Илчо. Спореди ги нивните однесувања. За да ти биде полесно, прочитај го текстот повторно.

| Бојан | Илчо |
|---|---|
| | |
| | |
| | |

- Како завршува текстот?
- Запиши што научи од ликовите.

# СЛИКИЧЕТО НА ТОШО



## АНА И ТЕО



**Ана:** Собираш сликички?

**Тео:** Да, собирам, од различни нешта.

**Ана:** Изгледа собираат и ликовите од овој текст што сега ќе го читаме, малку се нејасни од што се сликичките, не сум чула за нив, но сигурно многу им значеле на децата.

**Тео:** Читаааај!

– Ја напиша ли домашната задача по математика? – го праша Тошо својот другар.

– Јас напишав, – рече Илија.

– Да видам, – рече Тошо и ги подаде прстињата кон тетратката.

– Чекај, не фаќај! Гледањето е забрането.

– Дај да видам. Немој да се правиш важен.

– Не може, а и не сакам да гледаш.

– Тууу каков си! Нели сме другари?

– Дај ми сликиче, па гледај колку сакаш.

Тошо посегна по џебот, па рече:

– Еве ти едно сликиче од „Битката на Неретва“.

Илија го зеде сликичето, па додаде:

– Добро, отвори ја тетратката.

Тошо ја отвори тетратката. Ги разгледуваше задачите и вршеше споредување со неговите.



– Ти имаш грешка. Сега дај ми сликиче, па да ти ја кажам грешката.

– Кажи ми каде е грешката, ќе ти го вратам сликичето, – рече Илија и му го подаде на Тошо.

Александар Стојковски
(извадок од книгата „Волшебен молив“)



## РАЗГОВАРАМЕ

- Кои ликови ги сретна во овој текст?
- За што разговараат тие?
- Дали двајцата постапиле добро еден кон друг?
- Како се однесуваш кога некој од тебе ја бара домашната задача?



## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ



- Прераскажи го текстот со свои зборови (внимавај на хронолошкиот ред на настаните, но користи твои реченици за да ги пренесеш дијалозите и настаните).
- Препиши го текстот на латиница.

# ТЕАТАР

**Театарот** е место, зграда каде што одиме за да гледаме некоја театарска претстава.

Таму можеме да видиме изведба на драми, опери, балети, мјузикли, претстави за деца.

Во претставите дијалозите се комбинираат со гестови и мимики, звуци и музика.

Дијалозите на сцената ги играат актери.





## РАЗГОВАРАМЕ

- Дали си посетил/а театарска претстава?
- Која театарска претстава си ја гледал/а? За што се зборуваше во претставата?
- Кои беа ликовите од таа претстава?
- Што ти остави најголем впечаток додека ја гледаше претставата?
- Во нашата земја Театарот за деца и младинци поставува претстави наменети на најмладата публика. На сцената се играат претстави на текст од познати бајки, приказни или драми.

## РАЗМИСЛУВАМЕ

- Разгледајте го репертоарот на театарот во вашата најблиска околина. Доколку има претстави што се соодветни за вашата возраст, посетете ги и потоа напишете краток текст за темата на театарската претстава, за ликовите, за костимите и за музиката...

# ОХРИДСКА ПАСТРМКА

Охридска пастрмка е ендемска слатководна риба што живее во Охридското Езеро, а припаѓа на фамилијата пастрмки. За неа има неколку називи: летница, струшка пастрмка, охридска белвица. Охридската пастрмка отсекогаш живеела во Охридското Езеро. Таа е најблизок потомок на видовите што живееле на тоа подрачје уште од периодот на терцијарот. Таа го поминува својот ден во длабочините далеку од брегот, а излегува на површината во вечерните часови, кога лови муви и се храни и со други инсекти. Пастрмката понекогаш доаѓа и до брегот во плитката вода, во потрага по храна од подводните растенија.

Охридската пастрмка има плоскато тело, мала глава и ѕвездести сиви дамки по телото. Бојата на месото е кај некои бела, а кај некои розикава. Максималната должина е 60 cm, а максималната тежина е 15,8 kg.

Охридската белвица се наоѓа само во најдлабоките места на езерото и тоа до 200 m и се мрести зиме. Сè почесто се лови, па се претпоставува дека ѝ се заканува истребување.



Преземено од списанието за деца „Либи“



## РАЗГОВАРАМЕ

- Наброј три карактеристики што се однесуваат на изгледот на пастрмката.
- Каков вид риба е таа?
- Кои други имиња ги има пастрмката кај нас?
- Зошто ѝ се заканува истребување?

## ОД РЕЧНИКОТ

- **ТЕРЦИЈАР** – во геолошката историја на Земјата – првиот период на кенозоикот.
- **ЕНДЕМСКА** – редок или единствен вид растение или животно распространети во еден простор.
- **МРЕСТИ** – размножува.

## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

- Истражи зошто кога се мрестат рибите не е дозволен ловот.
- Предлог за разговор: како да ја заштитиме пастрмката.

# ОБЛАК НАД ЕЗЕРОТО

Пловеше облак по небо ширно
Пловеше тихо над езеро мирно –
побел од лебед,
побел од снег,
побел од памук –
нежен и мек.

Кога над вирот најдлабок мина.
Облакот мигум се стопи, згина –
облакот – лебед
облакот – снег,
облакот – памук
нежен и мек.

Знам сега кај е, знам кај се скри!
А дали знаеш, детенце ти?
Сега по дното езерско езди,
на дланка носи
бисери ѕвезди.

Видое Подгорец

Како е опеан/опишан облакот во песната?

Каде е на почетокот, а каде е на крајот облакот?





## РАЗГОВАРАМЕ

Дополни ги стиховите и внимавај во секој ред да има рима.

Колку е убав овој мај,

вистински цветен ______.

Природата е во полн ______,

на радост ѝ нема ______.

Да наздравиме ајде дај,

со некој вкусен овошен ______.

# МАЛЕЧКА РЕКА

Оваа малечка река со сребрени води
е голем брод што непрестано броди.
Оваа малечка планинска река
е отворен прозорец и заспивалка мека.
Оваа малечка река е силна птица
измиени образи на детските лица.
Оваа малечка река е бучало страшно
и малечка воденица за бело брашно.
Оваа малечка река е меурче бело
и светлина за едно далечно село.
Оваа малечка река е бисерје в зрна
и поило за една жедна срна.
Оваа малечка река е на небото синината
и конец за поврзување на морето со
планината.

Рајко Јовчески





## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ



- Одбери три различни примери/описи што е малечката река. За нив направи три слики исто како што поетот ги претставил во песната.
- Поетските слики претстави ги во просторот подолу.

# МАЈЧИНА ЉУБОВ

Во гранките на старата смоква синигерката си имаше свиткано гнездо. Во него везден жужукаа две мали синигерчиња.

Сивата мачка ги насети и полека почна да им се прикрадува. Кога дојде близу до гнездото, мајката како прострелана падна од гнездото и се плесна на земјата. Мачката тоа и го чекаше. Се фрли врз неа, но не успеа да ја зграби. Малата птица мигум се одлепи од земјата, ама не избега далеку. Грабливката повторно се устреми на неа. Уште еден скок и – пак ништо! Крилестото топче повторно ѝ се откопча од канџите и избега малку подалеку.

Моја си! – помисли мачката и почна да се влече по земјата.

На птицата како да ѝ беа скршени и крилјата и душата.

– Сега ќе ја фати! – си реков во себеси и без здив ја следев оваа нерамноправна борба, која повеќе личеше на игра.

– Меѓутоа, не излезе така. Токму кога поверував дека крајот на птицата е близу, таа летна на највисоката гранка од соседното дрво и весело почна да чучурлига:

– Те измамив! Те измамив!

И навистина синигерката имаше право. Таа ја подлажа мачката колку да ја оддалечи од гнездото. Кога двете синигерчиња се најдоа надвор од смртната опасност, мајката радосно продолжи да си чучурлига.

Нејзините две синигерчиња беа спасени.

Мачката посрамено си ги лижеше шепите. Малата птица покажа храброст како секоја вистинска мајка.



Видое Подгорец

## ОД РЕЧНИКОТ

- **СИНИГЕРКА** – вид птица со пердуви во сина боја.





## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

- Како мајката ги спаси своите деца, малите пиленца?
- Подвлечи кои карактеристики ги препознаваш кај мајката: брза, итра, пожртвувана, безгрижна, храбра, незаинтересирана, опасна, снаодлива. Објасни го твојот избор.

# МАШКО-ЖЕНСКИ РАБОТИ

## АНА И ТЕО

**Ана:** Во училницата се разговара на темата „Што сака да биде секој од нас". Алек сака да биде балетан. Тоа го кажа гласно, а двајца соученици се насмеаја.

**Тео:** Лела кажа дека сака да биде пилот и сите се зачудија.

**Ана:** Миа сака да биде градинарка, а Флорин пекар, како чичко му. Оние двајцата што се смееја за Алек, се кикотеа пак.

**Тео:** Што мислите вие за овој разговор?



# ЧИЧКОТО СО ЛОПАТАТА



## АНА И ТЕО



**Ана:** Тео, ајде да пробаме една нова задача.
**Тео:** Која задача?
**Ана:** Се вика „Читаме самостојно“.
**Тео:** Тогаш, ајде да се обидеме.

Дојде еден чичко со лопата. Си влезе во нашиот двор, си седна на скалите, а лопатата ја стави меѓу нозете. Потоа извади некакво шамиче и си ја избриша потта од збрчканото лице.

– Да има една убава вода, слатко би се напил! – рече.

– Јас ќе ти донесам – рече Билјана и влезе дома. Брзо се врати и подавајќи му ја чашата на чичкото рече:

– Имаме и убаво слатко!

– Да ти се позлати устата, ама за слатко немам заби – рече чичкото, па слатко, преслатко се напи вода.

Чичкото беше дојден да прекопа еден дел од нашиот двор. Беше низок, со смачкан, одамна износен качкет и со шарена, очигледно за туѓ грб шиена кошула. Она што го рече за забите навистина беше точно. Кога ќе прозбореше или ќе се насмееше, само два-три заба наѕирнуваа, а тие беа излижани и пожолтени. Но, тоа ни најмалку не му пречеше да биде симпатичен и пријатен. Ни се чинеше дека многу одамна се познаваме, а и тој се однесуваше така како да нè познава од памтивек.



Си стана тој убаво, па почна да копа. Работеше бавно, зашто снагата и годините не му дозволуваа да работи побрзо. Особено му беше тешко кога ќе требаше да се наведне да фати некој камен. Наведнувајќи

се, честопати и ќе офнеше, а потоа ќе се исправеше и со рацете ќе се фатеше за половината.

– Ех, кога би имал внучка како тебе! – ѝ рече на Билјана која постојано се врткаше околу него. – Кога би имал внучка како тебе, таа би ги собирала камчињата.

– Јас ќе ги собирам, чичко! – рече Билјана и не чекаше да ѝ се рече двапати.

И така цел ден – чичкото копаше, а Билјана одеше по него и ги собираше камењата. Ги носеше на купче, а потоа ги ставаше в кофа и ги изнесуваше од дворот.

– Многу си вредна, ама малечка си и треба повеќе да јадеш – ѝ рече чичкото, гледајќи ја со топла насмевка.

Тој ден чичкото и Билјана ручаа заедно. Двајцата рекоа дека никогаш не ручале поубаво.

Три дена копаше чичкото, па се навикнавме на него и мило ни беше да го гледаме. Освен тоа знаеше убаво да раскажува, а Билјана знаеше убаво да слуша, па така тие станаа големи пријатели.

А на третиот ден вечерта чичкото заврши со работата. Му ја дадовме заработувачката и го испративме со убаво. На одење тој малку чудно се држеше. Ми се чинеше – му е жал што си оди. Сакаше нешто да каже, нешто што мораше да се каже, но се воздржуваше. Најпосле со својата сува, груба рака ја погали Билјана по косичката и рече:

– Кога би имал внучка како тебе, многу убаво би ми било...



– Јас ќе ти бидам внучка – рече Билјана, гледајќи го со насолзени очи чичкото со лопатата.

Тој се наведна, со двете раце ѝ ја фати главата на Билјана и нежно, од длабината на срцето, ја бакна в чело. Потоа си ја стави лопатата на рамо и колку што можеше побрзо си замина. Не се ни сврте.

Стоевме така, гледајќи го како си оди и молчевме. Зад него ни остана некаква празнина што можеше да се исполни само со молчење.

– Тато – скоро шепкум рече Билјана. – Ќе дојде ли пак некогаш?

– Мислам дека ќе дојде – ѝ реков.

И навистина дојде.

Беше сончево неделно попладне кога чичкото влезе во нашиот двор. Штом го виде, Билјана стрчна кон него и му се закачи за раката. Тој ја галеше по косичката со другата рака, а очите му искреа од радост.

Тој ден чичкото беше без лопата. Имаше нова кошула, нова капа и беше многу убав. Беше донел и нови приказни што ѝ ги подари на Билјана. Со својата прекрасна, кротка насмевка ни го разубави денот на сите.

Добриот чичко со лопатата!

Глигор Поповски





## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

- Читајте го расказот самостојно, потоа издвојте ги деловите од текстот во кои има описи на ликот по кој расказот е насловен „Чичкото со лопатата“. Разговарајте за секој опис посебно.
- Во издвоените описи, подвлечете ги именките и придавките, направете табела и претставете ги во две колони.

# ГЛАГОЛИ







## РАЗМИСЛУВАМЕ

Разгледај ги сликите:

- Напиши по една реченица за секоја слика во која ќе кажеш што прави секој. На пример: Марко вози велосипед. Во напишаните реченици подвлечи ги зборовите со кои е изразено дејството или работата во реченицата. Разговарајте за овие зборови во одделението.

- Што мислиш, со кој од наведените зборови се изразува дејство? Заокружи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | а) работник | б) работилница | в) работи |
| 2. | а) чита | б) читанка | в) читачка |
| 3. | а) возач | б) велосипед | в) вози |



## РАЗГОВАРАМЕ

Разгледај ги примерите и затемнетите зборови.

Пепи **гледа** низ прозорец.

Марија **чита** книга.

Дедо ја **полева** градината.

Баба **плете** елек од волна.

Ване се **качи** по кратката патека и влезе во колибата.

**Сакам** чоколадни торти и вкусни домашни сокчиња.

Учениците **пишуваа** писмена работа.

**Гледавме** телевизија цело попладне.

Што се искажува со зборовите што се затемнети во примерите?

**ЗБОРОВИТЕ СО КОИ СЕ ОЗНАЧУВА ДЕЈСТВО СЕ ВИКААТ ГЛАГОЛИ.**

Дејството што се означува со глаголот се поврзува со вршител на дејството и со време на вршење на дејството.



## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ



- Дополнувај што прави секој:

  Земјоделецот ја ________________ нивата.

  Продавачот ________________ во продавницата.

  Слаткарот ________________ торти.

  Децата ________________ со топка.

  Јана ________________ кифли.

  Ведран ________________ книга.

- Употреби ја својата фантазија и состави реченици со следниве зборови:

трча,
седи, зборува,
победи, чека,
стои

Бетмен,
Спајдермен,
Џокер, девојката,
соседот

# Majмунска работа



Речиси цел час останав пред кафезот на мајмунот Тимбо и не можев да им се изначудам на неговите мајмунлаци. Скокаше, се превртуваше, се катареше по мрежата, го исплазуваше јазикот, намигнуваше, се кикотеше...

На едно од децата посетители му побара семки, на еден возрасен човек за малку ќе му ја грабнеше цигарата...

И што да ви речам – мајмунска работа!

Но, јас си бев дошол со задача, па морав да го почнам вообичаениот разговор со него.

– Би сакал ли да им се претставиш на децата? – го прашав.

– А што работев цело време, зар не им се претставив доволно добро? – ми врати.

Киро Донев
(Извадок од расказот „Мајмунска работа“)



## РАЗГОВАРАМЕ

Спореди ги примерите:

Пишувам домашна работа.
Соња пишува домашна работа.

**Разликата** е во вршителот на дејството: првото го вршам јас (тоа го препознаваме преку глаголот пишувам), а во вториот пример го врши Соња.

Во говорната ситуација разликуваме три лица: прво, второ и трето лице.

Глаголите ги менуваме по лица во зависност од тоа кој го врши дејството.

Пример: Јас гледам филм.

| **ЕДНИНА** | **МНОЖИНА** |
| --- | --- |
| 1. л. **Јас** гледам | 1. л. **Ние** гледаме |
| 2. л. **Ти** гледаш | 2. л. **Вие** гледате |
| 3. л. **Тој/таа/тоа** гледа | 3. л. **Тие** гледаат |

Дејството може да го врши лице во прво, второ или трето лице, еднина и множина, дејството може да се врши сега, може да се вршело во минатото или, пак, да се врши во иднина.

- Во табелата одговори на прашањата со една реченица во секое поле:

| Што правеше вчера? | Што правиш сега? | Што ќе правиш утре? |
|---|---|---|
| | | |

- Со глаголите патува, чита и носи направи примери, користејќи ги и зборовите денеска, вчера, утре. На пример: Вчера читав два часа.

- Глаголите пишува, игра, пее, свири, гледа напиши ги во сегашно, минато и идно време. Можеш да ги употребуваш во различни лица: прво, второ или трето, еднина и множина.
- Пополни ја табелата со следните глаголи според барањата: чита, плива, лета, купува, јаде.

| Глагол во сегашно време | Глагол во минато време | Глагол во идно време |
|---|---|---|
| | читав | |
| | | ќе пливам |
| летам | | |
| | | ќе купам |
| | јадев | |



## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ



- Напиши краток текст користејќи глаголи во идно време за да нè информираш што ќе правиш викендов.
- Во еден сад ставете ливчиња напишани со глаголи: секој нека земе по едно ливче. Со глаголите што се напишани на ливчето направете реченици, а потоа менувајте ги глаголите по лице.

# ЈАС СЕ ИНФОРМИРАМ

Медиумите имаат информации на разни теми за да се информираме за тоа што вчера или денеска се случувало кај нас и во светот. Луѓето користат информации за да го организираат својот живот.

Таков вид информација е и временската прогноза.








## РАЗГОВАРАМЕ

- Од каде ги дознаваме информациите?
- Дали кај вас дома се купуваат весници?
- Дали се информирате преку телевизијата? Што најчесто гледате? Дали слушате радио?
- Дали ги запомнувате сите информации што ги слушате, читате или гледате?



## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ



**Вежба:**

На сликата подолу е прикажана временска прогноза. Врз основа на табелата за временска прогноза напишете каква облека треба да носите.




**Задача:**

Договорете се да проследите некоја информативна емисија соодветна за вашата возраст, запишете ги информациите и споделете ги на час заедно. Внимателно разговарајте за информациите кои сте ги запомниле или запишале и увидете дали сте го запомниле најважното.

**Задача:**

Размислете за некој важен настан од вашето место или училиште. Бидете новинар и напишете текст за тоа. Текстот поставете го на некоја огласна табла во училиште или, пак, на интернет- страницата на училиштето. Еве на што треба да внимавате при пишувањето:

- наслов – интересен, краток и јасен;
- најава – воведна реченица што прецизно кажува за што ќе информира текстот;
- главен дел од текстот;
- поглавја низ текстот за подобра организација и брз преглед на важните информации;
- фотографии, илустрации, слики со објаснување под нив;
- потпишете го авторството.

# ПИСМО

Мики и Дени се пријатели. Се запознаа на кампување на летниот распуст. Оваа година ќе нема кампување, па Мики реши да го повика Дени кај него на гости. Му напиша писмо според упатствата што ги доби на училиште.

Пишувањето писма има правила и редослед. Препознај ги деловите на писмото според бојата.




1. Обраќање
2. Воведен дел
3. Главен дел
4. Крај
5. Поздрав и потпис



Пишувањето одговор на писмо, исто така, има свој редослед.

| | |
|---|---|
| Драг Дени!<br>Те поканувам на распустот да бидеш мој гостин.<br>Веќе испланирав што ќе правиме. Ќе ти ги покажам сите важни места во градот: скопското Кале, чаршијата, плоштадот во центарот, аквапаркот. Секој ден ќе одиме на пливање на Олимпискиот базен. Ќе те запознаам со моето друштво и ќе играме кошарка и фудбал.<br>Ќе се договориме за времето кога да дојдеш.<br>Дотогаш те поздравувам!<br>Твој Мики | Драг Мики,<br>Се радувам на твојата покана.<br>Разговарав со моите родители и тие ми дозволија да дојдам. Веќе се радувам на сè што имаш испланирано да правиме. Оваа година немав многу спортски активности и навистина се радувам на нашето дружење.<br>Одвај чекам да се видиме!<br>Ти праќам многу поздрави!<br>Твој Дени |

## ТВОРИМЕ

- Сега ти си на ред. Потсети се на твоите другари и пријатели и напиши писмо некому во врска со дружење и заеднички активности. Следи го распоредот.



# АНА И ТЕО

**РАЗБИРАЊЕ СО Е-ПОРАКИ (@)**

**Ана:** Тео, те молам помогни ми!

**Тео:** Секако, Ана, во што е проблемот?

**Ана:** Работиме со Сара на еден проект. Но, таа е болна, а јас треба да ѝ пратам некои слики за да го заврши проектот. Не можам да ѝ пратам од мојот лаптоп.

**Тео:** Нема проблем, ќе го пратиме од мојот мејл.

**Ана:** Па, мислам дека е sara.mk.hotmail.com.

**Тео:** А ет? Го заборави?

**Ана:** Да, ет, тоа го згрешив. А мислев дека лаптопот не ми е во ред.

**Тео:** Ете, гледаш колку е важен еден ет.

**Ана:** Ти благодарам мој ет пријателе!



## РАЗГОВАРАМЕ

- Кој учествува во разговорот?
- За што разговараат?
- Зошто Ана не може да го прати мејлот?
- Дали ти се случило вакво нешто од невнимание?



## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ



**Задача:**

- Споредете како се пишува писмо и електронско писмо!
- Истакнете ги добрите и лошите страни на двата начина на пишување. Секако, напишете и што им е заедничко.

# ЧОВЕКОТ ШТО МУ ПОМОГНАЛ НА ЕДЕН ДРУГ ЧОВЕК ДА СИ ЈА ИЗВАДИ КОЛАТА ШТО МУ БИЛА ПРОПАДНАТА ВО КАЛ





Си патувал еден човек од град за в село и, кога дошол на сред пат, нашол друг човек како се мачи да си ја извади пропаднатата кола од кал. Арно ама, бидејќи колата била тешка, не можел сам да ја откине. Го помолил патникот да му помогне. Тој му откажал, бидејќи ќе се забавел, до вечер не ќе можел да стигне до конакот додека се гледало. Коларот многу му се молел на патникот за да му помогне. Арно ама, тој прво никако не се согласувал. Откако отишол на некое место, се премислил и се вратил за да му помогне:

– Еве, бре коларе, – му рекол патникот – се вратив за да ти помогнам, ама јуначки да му се стегнеме и брзо да ја извадиме, бидејќи јас имам обичај за вечер со ден да си одам дома, а не со ноќ.

Се засукале двајцата за да ја извадат колата. Како ја ваделе, ваделе, за два саата ја извадиле. Триста благослови добил патникот, зашто му помогнал. Тргнале двајцата да патуваат и дури дошле до селото човекот го стемнило и останал на поле да ноќева. Многу мака му било на патникот дека не си отишол вечерта дома, туку останал да спие на патот. „Ексик да биде добрината што ја направив, кога останав на отворено поле“, си велел патникот.

Лежел како лежел ноќта, утрото си отишол в село. Кога дошол до куќата, што да види? Куќата му изгорела ноќта?! Почнал да си ги крши прстите и да го колне коларот што го беше запрел да му ја вади колата. „Ексик да е добрината што му ја направив на тој колар, кога останав на пат да лежам; ако си бев дома, ќе можев да ја изгаснам куќата“, си велел.

– Немој, мажу, немој – му рекла жената – не пишмани се за доброто што си го сторил некому, оти тоа добро животот тебе ти го спаси; бидејќи ноќеска гром стрешти на нашава куќа и право удри на твоето место кај што спиеш ти, па да беше ноќеска дома немаше да останеш жив. Затоа благодари му на Бога што те задржал коларот; за куќата, ние да сме живи, пак ќе си направиме уште поарна.

Кога ги чул човекот тие зборови од жена си, се утешил и му благодарил на Бога што му дал поголемо добро од доброто што му го направил коларот. По некој ден, ја зел мотиката да ги копа темелите, да ги исчисти камењата и за негова среќа нашол еден куп алтани закопани од неговите родители. „Големо добро ми стори ти мене, Господи, за малото добро јас што му го сторив на коларот, да му ја извадам колата од калта“, си рекол и си ја направил куќата

од арна – поарна и поради коларот се збогатил и станал прв стопан во селото. Ете, што рекле постарите: „Стори го доброто, па фрли го в море“.

Македонска народна приказна

Редослед на настаните во приказната „ЧОВЕКОТ ШТО МУ ПОМОГНАЛ НА ЕДЕН ДРУГ ЧОВЕК ДА СИ ЈА ИЗВАДИ КОЛАТА ШТО МУ БИЛА ПРОПАДНАТА ВО КАЛ“ – продолжи

| | |
|---|---|
| 1. | Патникот го среќава човекот чија кола е пропадната во кал |
| 2. | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |



**РАЗГОВАРАМЕ**

- Наброј ги ликовите и нивните имиња од оваа приказна. Според темата, која особина е најважна кај патникот? Дали те изненади патникот со некоја постапка и зошто? Што неочекувано се случи во оваа приказна? Кој лик ти остави впечаток и зошто?
- Напиши во обележаниот простор твое мислење за последната реченица од приказната.

# ПРОЛЕТ

Небото како венец од синолички сплетен
стои над лулката, а веќе славеј од дрво на дрво
лета и ја потпевнува песната „Пролет,
пролет...“

Негде поток жуборка, негде зујат пчели,
кокичето срамежливо нешто рецитира,
го слушаат тревките, тополите бели,
па трепетни не можат цел ден да се
смират.

Михо Атанасовски





## РАЗГОВАРАМЕ

- Како поетот ја опишува пролетта? Какви се небото, птиците, дрвјата? Што прават потокот, кокичето, тревките и тополите?





## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

- Излези на пролетно набљудување, забележи какво е небото, дали има сонце, колку е топло, погледни ги планините во далечина, дали има уште снег на нив, какви се растенијата во околината во која се наоѓаш, што се случува со дрвјата. Потоа напиши текст во кој ќе направиш: мал вовед за пролетта и потоа ќе ги опишеш сите нешта што ги набројавме (небо, топлина, планини, растенија). На крајот, напиши заклучок.

# ПРОЛЕТНО БУДЕЊЕ

Окопнал снегот и шумските падини се прекриле со стракчиња личен кукурек. Се разлазиле бубачките, се разџивкале врапците, се расцрцореле сите птици од радост што минала зимата. Летале од дрво на дрво, си ја честитале пролетта, се прашувале за здравјето, за дечињата. Се вратиле ластовичките од далечните краишта. Само кукавицата никој ништо не ја прашувал. Таа немала ниту соседи, ниту пријатели, туку секогаш живеела осамено.

Слетала кукавицата на едно дрво во шумата и зачудено ги гледала разлетаните и развревени птици. Ненадејно погледот ѝ паднал на купче расцутен кукурек и наеднаш, неочекувано, почувствувала радост во срцето. Пролетта ја маѓепсала и неа.

– Куку – куку, куку, куку – завикала таа, гледајќи во првиот кукурек.

– Што се раскукала оваа? – си рекле две врабици.

– Барем да знае нешто. Една песна не знае да испее, а камоли да џивка!

Кукавицата, опиена од синевината и од расцутената падина, кукала без запир од високото дрво:

– Куку, куку, куку!

Таа не се обидувала да им покажува и докажува на другите птици дека и самата ја чувствува и поздравува пролетта како знае и умее.

Сакала само да им каже дека расцутел првиот кукурек, но никој не ѝ обрнувал внимание, како ништо да не кажала. Се свртела лево-десно и пак закукала:

– Куку, куку, куку!



Но, и овој пат никој не ја забележал. Тогаш кукавицата се почувствувала многу осамена во убавиот ден. Нејзиното пролетно кукање ги израдувало само овчарчињата кои знаеле дека гласот на кукавицата и кукурекот носат здравје.

**Купи си прво комшија сетне куќа.**
**Добри пријатели од браќа се помили.**

Славка Манева
(извадок од „Од дедо Марковото торбуле“)



## РАЗГОВАРАМЕ

- Што дознаваме на почетокот од овој текст? Кога се случува настанот?
- Каде се случува?
- Кои ликови ги сретнуваме?
- Како би ги опишал врабиците?
- Што вели раскажувачката за кукавицата, што сакала да направи таа?
- Како завршува текстот?
- Кое е твоето мислење за однесувањето на врабиците?



# ЗБОР-ДВА ЗА ПЕПЕРУГИТЕ ВО НАШАТА ДРЖАВА

Кога зборуваме за инсекти, веројатно први на ум ни доаѓаат пеперугите. Со нивниот карактеристичен изглед, пеперугите ги шармирале ентомолозите од целиот свет уште од дамнешни времиња.

Можеби и затоа се една од најизучуваните групи во светски рамки, па така нивното разнообразие брои над 175.000 познати видови пеперуги. Доколку тука ги вклучиме и молците (таканаречените ноќни пеперуги), нивниот број достигнува околу 180.000 видови.

Како дел од групите инсекти кои во својот животен циклус поминуваат низ целосна трансформација (метаморфоза), кај пеперугите разликуваме четири различни стадиуми на преобразба: јајце, гасеница, кукла и имаго или возрасен инсект.

Во нашата држава досега се најдени над 200 видови пеперуги, а најголемиот број од нив се наоѓаат во Националниот парк „Галичица" – 166 вида.

Поради ова, а и поради присуството на таканаречените целни видови, Галичица, заедно со Огражден, клисурата на реката Радика, кањонот на реката Бабуна, Шар Планина, планините Баба и Кожуф и Струшкото Поле се прогласени за значајни подрачја за пеперуги во нашата земја.

**Главните закани за пеперугите се прекумерната и неконтролирана употреба на хербициди во земјоделството.**

https://mes.org.mk/blog/zbor-dva-za-peperutkite-vo-makedonija





## РАЗГОВАРАМЕ

- Какви информации има на почетокот на текстот?
- Дали пеперугите се инсекти со голема бројност и распространетост?
- Каков е животниот циклус на пеперугата?
- Каде во нашата земја има најмногу пеперуги?
- Кои подрачја се прогласени за значајни подрачја за пеперугите во нашата земја?
- Според текстот, која е најголемата закана за пеперугите?

## ОД РЕЧНИКОТ

- **ЕНТОМОЛОГ** – стручно лице, познавач и проучувач на инсекти.
- **ХЕРБИЦИДИ** – отрови што ја уништуваат вегетацијата.

## РАЗМИСЛУВАМЕ

- Тема за разговор: Знаете ли дека пеперуги нема само на Антарктик. Што мислите, зошто?



# ПЕПЕРУТКА ВО ЛЕТ



Летам високо и ширам крилја
шарена сум во секакви бои
доаѓам и во краишта твои.
Летам високо над планини и ридови,
но некогаш застанувам, одморам на ѕидови.
Растам малечка, но многу сум брза
за мене не постои никаква мрза.
Земи полет ти златно дете како мене сега
среќата од тебе никогаш нека не бега.
Земи го целото шаренило од крилјата мои
нека бидат весело обоени сите денови твои.
Расти, летај, смеј се и пеј
биди свој најголем херој.
Расти, сакај, почитувај, сонувај,
само никогаш не се откажувај.
Биди ти како пеперутка полетна
во срцето нека ти биде градина цветна.
Љубов подели им на сите,
за топли и весели да ви бидат дните!

Наталија Наумовска





## РАЗГОВАРАМЕ

- Поетесата ги споредува децата со пеперугите. Има ли навистина нешто заедничко меѓу нив? Кои глаголи се најмногу употребени во песната? Наброј ги.
- Во песната има и многу именки што се дел од природата; пронајди ги.
- Што им порачува поетесата на децата? Посочи ги тие стихови.







## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

- Напиши состав, ставајќи се себеси во улога на пеперуга. Напиши како изгледаш, каде се наоѓаш, каде живееш, до каде леташ, што има во околината над која леташ, како се чувствуваш додека леташ.

# УНИВЕРЗУМОТ И ПЛАНЕТИТЕ

Сѐ што постои е дел од универзумот.

Неговите најголеми делови се галаксиите, а секоја од нив се состои од милијарда ѕвезди.

Секоја ѕвезда има свој Сончев систем во кој се движат планетите околу неа.

Сончевиот систем, во кој е и Земјата, се состои од седум други планети што се движат околу Сонцето, а целиот систем е дел од галаксијата Млечен Пат.

Теоријата за настанокот на универзумот, Големата експлозија или Биг бенг, го објаснува неговото настанување и ширење. Според оваа теорија, универзумот настанал од експлозија на една густа врела маса, која постојано се шири.

Во 1543 година Никола Коперник ги побил сите претходни теории во врска со Земјата, Сонцето и ѕвездите. Тој го поставил Сонцето во центарот на Сончевиот систем и рекол дека Земјата не е статична, туку се движи околу Сонцето.

На почетокот на 17 век, Галилео Галилеј открил дека и планетата Јупитер има месечини. Едвин Хабл во 20 век по првпат открил со помош на своите експериментални пресметки и дошол до сознание дека галаксиите што се подалеку од нашата се движат со голема брзина.

Извадок од Енциклопедијата за деца
„Откритија и пронајдоци“





## ОД РЕЧНИКОТ

- **СТАТИЧНА** – неподвижна.



## РАЗГОВАРАМЕ

- Од што се состои универзумот?
- Што има во една галаксија?
- Како се вика галаксијата на која ѝ припаѓа нашата планета?
- Кој прв ја поставил теоријата дека Земјата се движи околу Сонцето?
- Што открил Галилео Галилеј, според текстот?



## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ



- Замисли си дека имаш можност да патуваш во вселената. Замисли си го патувањето и опиши го, препуштајќи се на фантазијата. Текстот нека има вовед на почетокот, во средина настан и опис и на крајот краток заклучок од раскажаното. Составот пишувај го во прво лице еднина. **Помош** – доколку ти е полесно, направи краток план за она за кое сакаш да пишуваш, планот ќе ти биде добар водач.

# ПЕСНА ЗА МЕСЕЧКО

Месечко
понекогаш е златна пара
фрлена во речен вир во зори.
Понекогаш е сончоглед убав
расцветан
над заспани гори.
Понекогаш е светнат срп
избеган
од весели жетварски дланки.
Понекогаш е канарка жолта
слетана
сред зелени гранки.
Понекогаш е од некој зрел плод
голема семка.
Но најмногу ми личи
на добар продавач
што чука на мојот прозорец
и ми нуди
пријатна дремка.

Бошко Смаќоски



## РАЗМИСЛУВАМЕ

- Во оваа песна има ____________________ строфи, а во строфите има по ____________________ стихови.

ШТО Е МЕСЕЧКО?

- Златна пара
- Сончоглед
- _________________________
- _________________________
- _________________________

# КОНТИНЕНТИ







## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

- Разгледајте ја мапата на светот. Видете кои континенти постојат на нашата планета Земја. Обидете се да ги запомните.
- Направете истражување за Европа, континентот на кој живееме. Најдете податоци за: површината на копното, со кои континенти е во контакт, колку земји/држави има на континентот, набројте ги најпознатите градови низ европските држави.

1. Европа
2. Азија
3. Африка
4. Северна Америка
5. Јужна Америка
6. Австралија
7. Антарктик

## ОД РЕЧНИКОТ

- **КОНТИНЕНТ** – непрекинато Земјино копно.

# РЕЧЕНИЦИ

**Реченицата е единство од зборови што имаат смисла.**



## РАЗГОВАРАМЕ

- Со реченицата искажуваме некоја информација, некоја содржина.
- При пишувањето, секоја реченица почнува со голема буква, а завршува со интерпункциски знак: точка (.), прашалник (?), извичник(!).
- Интерпункциските знаци се ставаат во зависност од тоа што се искажува со реченицата.
- Ако сакаме само да соопштиме нешто, кажуваме расказна реченица. На крајот на секоја расказна реченица ставаме точка (на пример: Мими дојде од училиште. Сашо замина на тренинг).
- Кога нешто прашуваме, користиме прашална реченица и на крајот ставаме прашалник (на пример: Кога пристигна? Во колку часот ти е летот?). Прашалната реченица почнува со прашални зборови: кој, каде, кога, како, зошто, дали и слично.
- Кога сме изненадени, лути, нешто нè боли и слично, извикуваме. При пишувањето на ваква реченица на крајот има извичник (на пример: Ме боли! Молчи! Дај ми вода!). Со извичната реченица се искажуваат радост, лутина, страв, инает... Оваа реченица се чита така што на крајот гласот се извишува.
- Заповедната реченица содржи заповед, наредба или забрана.
- Сите видови реченици различно се изговараат, односно се интонираат, а и во зависност каква е реченицата на крајот пишуваме и соодветен знак.

Да ги разгледаме примерите и да споредиме:

- Децата играат со топка. – расказна реченица
- Кој игра со топката? – прашална реченица
- Ајде да играме со топка! – извична реченица
- Донеси ми ја топката! – заповедна реченица

Вежбајте изразно читање со повишување на гласот во различни ситуации.

# СТРУКТУРА НА РЕЧЕНИЦА



Со секоја реченица се изразува некаква содржина: се случува некое дејство, состојба, работа, а дејството го врши некој. На илустрацијата има виолинистка и ние можеме да кажеме една ваква реченица: Виолинистката свири на виолина.

Оној дел од реченицата со кој се изразува кој го врши дејството е ПОДМЕТ, а дејство е ПРИРОК.

Виолинистката свири на виолина – Кој свири? – Виолинистката – ПОДМЕТ

Што прави/врши дејство? – СВИРИ – ПРИРОК

За да направиме една реченица потребно е таа да има глагол. Глаголот околу себе има и други зборови со кои прави реченица преку која се разбираме и комуницираме.

Затоа се вели дека **глаголот**, односно **прирокот** е создавачки член на реченицата. Вториот главен член на реченицата е **подметот** или оној што го врши глаголското дејство.

Подвлечи ги со молив и напиши ги во табелата подметот и прирокот во следниве реченици:

Андреј и Јасна играа на игралиште.
Бојана и Петар седеа на клупата.
Брованче и Марика се загубија во шумата.
Мачето избега низ прозорецот.
Симо отиде да вози велосипед.
Сања ќе купи сендвич за неа и за Марко.

| ПОДМЕТ | ПРИРОК |
| --- | --- |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |

# ИНТЕРПУНКЦИСКИ ЗНАЦИ








## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

Пример:
Петре сака Црвени цреши А маја сака праски и Лубеница, сите нешта ги купуваат од нивниот супермаркет сонце, кој се наоѓа на улица петре тримпаре број 75.

- Што не е во ред во примерот погоре? Дали добро се разбира неговата содржина? Што е погрешно направено при неговото запишување?
- Текстот правилно препиши го во тетратката, користејќи соодветни интерпункциски знаци.

Неколку правила за потсетување при пишувањето:
**Употреба на точка**
– На крајот на расказна реченица:
На пример: Маре е ученичка во четврто одделение.
**Употреба на две точки**
– При набројување во реченица:
На пример: Купете: леб, вода, млеко и килограм компири.
– При набројување во низа кога се реди едно под друго.
На пример: Определете се за една од задачите:
раскажете го текстот,
опишете ги ликовите,
определете место и време на настанот.
**Употреба на наводници**
– При пренесување директен говор:
На пример: Тој застана и праша: „Каде си досега?"
– Наслови на книги, песни, раскази, весници, списанија; имиња на установи, претпријатија итн.
На пример: песната „Везилка".



**РАЗГОВАРАМЕ**

Во следниве реченици стави го соодветниот интерпункциски знак:
- Оди си ____
- Мамо, добив петка ____
- Јас ѝ реков на Теа дека денеска можеме да одиме на игралиште, а таа ми одговори ____
- Денеска на Јана ѝ е роденден ____
- Елена, од маркетот треба да ги купиш следниве производи ____
- Кој сака да оди да купи сладолед ____
- Колку е прекрасно небото ____
- Еј, дојди ваму ____

# ПОРАКА



Еднаш Лидија пишуваше домашна работа по македонски јазик. Таа напишала шест реченици. На секоја од нив на крајот напишала точка. Тукушто се готвеше да ја затвори тетратката, два извичника се истопорија пред неа.

– Чекај! Немој да ја затвориш тетратката. Работата не ја заврши како што треба! – рекоа извичниците.

– Кои сте вие?! – се зачуди Лидија.

– Ние сме извичници. Прочитај ги речениците што ги напиша. Нашето место е во две од нив.

Лидија ги прочита речениците и на две од нив напиша извичници. Потоа таа ја затвори тетратката, стана и тргна кон вратата. Штом го направи првиот чекор, нешто ја сопна.

– Кој ме сопна?! – со чудење праша Лидија.

– Јас, јас, јас! Јас сум прашалник. Во тетратката напиша една прашална реченица. Моето место е таму, а не овде на килимов. Врати се, отвори ја тетратката и напиши ме. Потоа можеш да играш.

Лидија ја отвори тетратката, ги прочита речениците и зад втората реченица го напиша прашалникот. Тогаш двата извичници и прашалникот радосно извикаа:

– Ете така! Ние ти порачуваме веќе никогаш да не нѐ забораваш.

Лидија се насмевна, ја затвори тетратката и отиде во дворот да си поигра.

Александар Стојковски
(Извадок од книгата „Волшебен молив“)





## АНА И ТЕО



**Ана:** Ајде да го прочитаме текстот уште еднаш, но полека.

**Тео:** Да ги одредиме интерпункциските знаци со кои се среќаваме и да ги издвоиме речениците што се обележани со различни интерпункциски знаци.

**Ана:** За да ги разликуваме, можеме да користиме различни бои за подвлекување.

**Тео:** Договорот нека биде меѓу вас, другарчиња.

## РАЗМИСЛУВАМЕ

- Размисли зошто е важна пораката на знаците кон Лидија: „Ние ти порачуваме веќе никогаш да не нѐ забораваш“.

# АЈДЕ ДА ПОВТОРИМЕ



Разгледај ја внимателно сликата.
Потоа состави по една РАСКАЗНА, ИЗВИЧНА и ПРАШАЛНА реченица.
Внимателно запиши ги глаголите, именките и придавките од овие реченици:

Глаголи: ______________________________________________

______________________________________________

Придавки: ______________________________________________

______________________________________________

Именки: ______________________________________________

______________________________________________

На следната страница дополни ги речениците и притоа внимавај правилно да ги користиш интерпункциските знаци:

Јас учам во ________________________________________________

____________________________________________________________

Петре живее на ул. __________________________________________

____________________________________________________________

Марија од пазар купи ________________________________________

____________________________________________________________

За роденден сакам __________________________________________

____________________________________________________________

Моето училиште е на адресата _________________________________

____________________________________________________________

**Вежба:**

Изберете еден текст од учебников. Потоа поделете се во четири групи: првата група нека ги наоѓа именките и нека го определи нивниот род и број, втората група нека ги пронаоѓа придавките и нивниот род и број, третата група нека ги пронајде заменките, а четвртата глаголите. Потоа секоја група нака презентира за она што го сработиле.



# ГУЛАБИТЕ И ЛОВЕЦОТ

Некогаш одамна, едно јато гулаби летало во потрага по храна. Птиците биле предводени од нивниот мудар крал. Еднаш, јатото прелетало подолга патека, па сите гулаби се замориле. Кралот ги охрабрувал гулабите да прелетаат барем уште малку повеќе. Тогаш еден од гулабите, кој летал побрзо, пронашол зрна ориз расфрлени под едно дрво.

Гулабите се израдувале што нашле храна и среќни слетале на земјата. Само што почнале да се сладат со зрната ориз, неочекувано, врз нив паднала огромна мрежа и ги заробила. Во очај, сакајќи да побегнат, тие почнале да мавтаат со крилјата. Но, залудно. Тогаш забележале како кон нив се упатува ловецот. Тој бил пресреќен што со мрежата уловил толку многу гулаби. Целото јато било престрашено кога го видело натрапникот.

Сепак, кралот на гулабите бил многу интелигентен и паметен. Тој не го изгубил трпението и смислил план како да се спасат од оваа неповолна ситуација. Тој ги советувал другите гулаби: „За да се ослободиме од мрежата на овој ловец, сите треба да летаме заедно, фаќајќи ја мрежата со нашите клунови. Има сила во единството! Подоцна ќе одлучиме за нашиот следен чекор за ослободување. Сега, ајде да летнеме сите заедно“, рекол тој.

Така и сториле. Секој гулаб со својот клун фатил дел од огромната мрежа и тие полетале заедно, носејќи ја мрежата со нив. Ловецот се изненадил кога ги видел птиците како летаат заедно со огромната мрежа. Тој потрчал по птиците, викајќи нервозно. Но, не можел да ги фати. Наскоро тие одлетале над ридовите и долините, далеку од неговиот поглед.

Откако кралот гулаб се уверил дека ловецот веќе не ги брка и дека се на безбедно, им рекол на своите пријатели:

– Сега сите мораме да излеземе од оваа мрежа. Треба да побараме помош од глушецот, кој живее на блискиот рид. Тој ми е добар пријател. Ајде да појдеме кај него.

Птиците здружено полетале кон ридот, кој бил во близина на градот на храмовите, каде што живеел глушецот.

Кога глушецот ја слушнал гласната врева од јатото птици што се приближувало накај него, се исплашил и се скрил подлабоко во својата дупка. Кралот гулаб рекол: „Драг пријателе, тоа сум јас, кралот на гулабите. Ние сме во голема неволја.



Те молам да излезеш и да ни помогнеш“.

Слушајќи го гласот на кралот, гулаб глувчето излегло од дупката и ги видело својот пријател и неговото јато заробени во мрежата. Тогаш глувчето натажено прашало: „Ах! Кој ви го направи ова?“

Кралот му ја раскажал на глушецот целата приказна. Му рекол и дека им е потребна неговата помош за да се ослободат од мрежата. Глушецот во тој миг почнал да ја грицка мрежата околу кралот за да го ослободи.

Но, тој викнал: „Не, драг мој. Прво ослободи ги моите пријатели. Кралот не може да ги држи своите придружници во болка и окови, а тој да е на слобода“.

Глушецот ја разбрал намерата на кралот и се воодушевил од неговата чесност и благородност. Како што замолил кралот, така и направил. Прво ги ослободил сите гулаби. Ја изгрицкал мрежата околу секој од нив, а на крајот го ослободил и кралот. Сите гулаби биле среќни што се слободни. Му се заблагодариле на глувчето за неговиот напор и полетале заедно, среќни, кон следната нивна дестинација. Патем ја научиле најважната лекција од својот крал – дека силата лежи во единството.

Стара индиска приказна





## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

Поделете се во групи. Секоја група добива комплет исечени ленти на коишто се напишани делови од содржината на текстот. Задачата е да се подредат лентите според редоследот на настаните во приказната. Потоа, според редоследот прочитајте ја приказната од секоја група.



## АНА И ТЕО



**Тео:** Мене многу ми се допадна оваа приказна.

**Ана:** Да, би сакала нашето одделение да е како ова јато гулаби, единствено.

**Тео:** Ја знаеш ли изреката: „Среќни се оние што имаат умен и благороден водач?“



## РАЗГОВАРАМЕ

1. Прочитај го внимателно цитатот што е напишан со задебелени букви.

   Што мислиш зошто е напишан со задебелени букви? Ако се согласуваш, објасни зошто!

„Сепак, кралот на гулабите бил многу интелигентен и паметен. Тој не го изгубил трпението и смислил план како да се спасат од оваа неповолна ситуација. Тој ги советувал другите гулаби: **„За да се ослободиме од мрежата на овој ловец, сите треба да летаме заедно, фаќајќи ја мрежата со нашите клунови. Има сила во единството!** Подоцна ќе одлучиме за нашиот следен чекор за ослободување. Сега, ајде да летнеме сите заедно“, рекол тој.

2. „Сега сите мораме да излеземе од оваа мрежа. Треба да побараме помош од глушецот, кој живее на блискиот рид.

   Тој ми е добар пријател.“

   Како умниот крал продолжува да го решава проблемот? Што предлага?

3. „Прво ослободи ги моите пријатели. Кралот не може да ги држи своите придружници во болка и окови, а тој да е на слобода.“
   Кога веќе го наоѓаат спасот, кому му дава предност кралот гулаб?

4. „Патем ја научиле најважната лекција од својот крал – дека силата лежи во единството.“
   Се согласуваш ли со последната реченица? Образложи го твојот одговор.

# КОШУЛАТА НА СРЕЌНИОТ ЧОВЕК

Си беше еднаш еден крал што се викаше Гифад. Тој владееше со едно мошне мирно, но моќно кралство. Сите негови поданици го обожаваа. Во ова кралство сè беше совршено. Сè, освен неговиот син, Јанаш. Младиот принц беше многу несреќен и без некоја особена причина. Тој секогаш ќе седеше во својата соба, зјапајќи низ прозорецот во земјата што се простираше пред него, со тажен израз на лицето. Кралот му се обрати на својот син: „Што те вознемирува толку, Јанаш? Што ти недостига? Што те прави толку расеан?“

Но, младиот принц само молчеше.

– Да не има некоја девојка што ти го фатила окото? Кажи ми која е и ќе направам сè таа да стане твоја жена!

– Не, татко, нема некоја девојка, само сум несреќен, но не знам зошто.

Кралот беше многу загрижен, затоа што не знаеше како да му помогне на принцот. Тој ги повика кај себе сите мудреци од сите краишта на кралството, лекари, свештеници, астролози, филозофи... Со денови мудруваа и размислуваа и на крајот дојдоа пред кралот со решение.

– Ваше Височество – рече главниот филозоф, – ја разгледавме оваа работа многу детално и заклучивме дека за да оздрави принцот, тој мора да облече кошула на некој човек што е вистински среќен. Човекот мора да е целосно среќен, да нема ни трошка што би му ја матела среќата.

– О, па тоа не е лесно, – рече кралот. – Иако јас самиот не сум целосно среќен, затоа што мојот син е несреќен, во кралството има многу богати и среќни луѓе, ќе земам кошула од некој од нив.

Но, кралот се излажа кога помисли дека ќе биде толку лесно. Веднаш ги повика своите министри и сите благородници од дворот и почна да ги распрашува дали се среќни, но види чудо, ниеден од овие најзначајни и најимотни луѓе во кралството не беше целосно среќен! Секому од нив му недостигаше нешто.



– Не ми се верува – рече кралот. – Моите благородници се здрави, успешни, богати, со огромни куќи и скапи кочии и нивните деца се здрави и убави, учат од најдобрите учители во кралството и имаат сè што ќе посакаат. Живеат во најмирното и најпросперитетното кралство на светот, а и покрај сè, тие велат дека не се среќни?!

Тогаш кралот ја повика својата војска и ги испрати војниците во сите градови и села во кралството, да бараат насекаде и да најдат човек што ќе биде целосно среќен.

Војниците отидоа во сите градови и во сите села и го прашаа секого што ќе го сретнеа дали е целосно среќен, но и на оние што живееја во градовите и на оние од селата им недостигаше нешто. Никој не се чувствуваше целосно среќен.

– Одете тогаш во планините и горите – им рече кралот. – Можеби таму ќе најдете среќен човек.

И конечно, едно убаво сончево утро, еден од капетаните на војската си одеше по едно пасиште на кое си пасеше стадо овци, кога слушна како некој пее некоја преубава песна.

Се заврте наоколу и под едно дрво виде едно овчарче како си ужива во ладовината и си пее.

– Момче – му рече капетанот на овчарчето, – те слушам како убаво си пееш, како да си многу среќен и радосен.

– Да, добар човеку, – одговори момчето, – срцево ми е полно радост, па си пеам.

– Но, зошто си толку радосен – праша капетанот. Па, ти си еден сиромашен овчар и немаш ништо. Зар не ти недостига нешто во животот?

– О, но што да ми недостига? – се зачуди овчарчето. – Имам сè што кога било сум посакал. Седам овде во најубавата природа, си го гледам сонцето, ги слушам птиците како пеат и потокот како жубори. Не ми треба ништо друго.

– Дали тоа значи дека ти си среќен човек, баш целосно среќен? – бараше потврда капетанот.

– Да, јас сум среќен човек – рече момчето. – Се чувствувам како најсреќниот човек на светот!

Капетанот на тие зборови потскокна од радост. – Момче, те молам, дај ми ја твојата кошула, ќе ти дадам за неа сè што ќе посакаш, цела вреќа пари и скапоцени камења, само кажи колку бараш.



Но, овчарчето го потргна палтенцето што го носеше и под него немаше кошула! – Добар човеку – рече овчарчето – да имав кошула ќе ти ја дадев, но немам. Премногу сум сиромашен за да си купам кошула.

Народна приказна
Преземено од списанието за деца „Либи“

## ОД РЕЧНИКОТ

- **ПРОСПЕРИТЕТ** – напредок, успех, благосостојба.



## РАЗГОВАРАМЕ

- Спореди ги несреќата на принцот и среќата на овчарчето.
- Објасни зошто овчарчето е среќно!





## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

- Прочитај го текстот/бајката и потоа направи ја ѕвездата на оваа приказна. Прочитај ги прашањата и одговорите запиши ги во тетратката.




1. Кои се ликовите во оваа бајка?
2. Каде се случува дејството/се одвиваат настаните?
3. Кога се случува дејството/се одвиваат настаните?
4. Кои важни работи се случија во приказната?
5. Како се реши проблемот?

# ВОЛШЕБНОТО ГРНЧЕ

Си живеело едно девојче. Пошло девојчето в шума по јагоди и сретнало таму една баба.

– Здраво да си ми девојче – рекла бабата. – Ти се молам, дај ми од јагодите.

– Еве ти бабичке – рекло девојчето.

Ги каснала бабата јагодите и рекла:

– Ти мене ми даде јагоди, а јас тебе ќе ти подарам нешто. Еве ти едно грне. Ти ќе треба само да му речеш: „Едно, две, три, вари грнче ти!“ и тоа ќе почне да вари вкусна, највкусна каша! А потоа ќе му речеш: „Едно, две, три доста вариш ти!“ и тоа ќе престане да вари.

– Ти благодарам бабичке – рекло девојчето, го зела грнчето и пошло дома, кај мајка си.

Мајката многу му се израдувала на грнчето. Та и како да не се радува? Секога за ручек, без труд и грижа, дома ќе имаат вкусна, највкусна каша.

Еднаш девојчето излегло од дома, пошло некаде. А мајката го зела грнчето в раце, го ставила пред себе и му рекла:

– Едно, две, три, вари грнче ти!

И почнало грнчето да вари, многу каша сварило. Мајката ручала, се заситила. А грнчето не престанувало да вари. А како да го запре? Требало да му рече: „Едно, две, три, доста вариш ти!“

Но, мајката ги заборавила овие зборови, а девојчето не било дома. А грнчето варело, варело... Веќе целата соба се исполнила со каша, кашата излегла низ прозорците во дворот, оттаму по улиците, а грнчето варело ли варело.

Се исплашила мајката, истрчала да го бара девојчето. Но, не можела да ја премине улицата, жешката каша течела како река. За среќа, девојчето не беше отишло далеку. Тоа видело што се случува на улицата и со трчање се вратило дома. Некако успеало да влезе во куќата и да викне:



– Едно, две, три, доста вариш ти!

И грнчето престанало да вари каша. А сварило толку многу, што секој кој тие денови од село доаѓал в град морал да си пробива пат низ кашата. Само никој не се жалел, зашто сите јаделе од вкусната, највкусна каша.

Браќата Грим



## РАЗГОВАРАМЕ

- Кога се кажува волшебната формула?
- Каква моќ има формулата?
- Раскажи ги необичните настани.
- Што може да прави волшебниот предмет?

## РАЗГОВАРАМЕ, РАЗМИСЛУВАМЕ



# ЛИСИЦАТА И ШТРКОТ

Лисицата и штркот си живееле навидум пријателски. Еден ден лисицата го поканила штркот на вечера. Арно ама, за вечера немало ништо друго освен чорба, послужена во широка и плитка чинија.

Лисицата ја предводела гозбата правејќи се важна и за да му даде пример на својот пријател штркот, почнала да лиже од чинијата. Таа лесно можела да јаде од ваква чинија, но штркот, кој имал долг клун, можел само да го брцне врвот во чинијата, да се насладува од примамливиот мирис, но не можел да јаде. Штркот ја пофалил вечерата и набргу си заминал, но претходно ја поканил својата пријателка лисицата да дојде кај него на вечера.

По неколку дена, ете го и штркот подготвил вечера за лисицата. На масата изнел мелено месо, ама тоа било принесено во стаклен сад со тесно и длабоко грло. Така штркот, бидејќи има долг клун, убаво се најал, а лисицата никако не можела да стигне до месото. Можела само да го лижнува врвот од високиот сад.



Кума Лиса била вознемирена поради ова, но сфатила дека штркот само ѝ вратил мило за драго.

Оној што со итрина се служи, со итрина ќе му се возврати, а оној што последен се смее, најслатко се смее.

Езоп





## РАЗГОВАРАМЕ

- Какви ликови сретнуваме во оваа басна?
- Според тебе, каков е ликот на лисицата?
- Каков е ликот на штркот? Опиши го според речениците што се употребени во басната.



## РАЗМИСЛУВАМЕ

- Што симболизира штркот во оваа басна?
- А што симболизира лисицата?

# ЕЖ И ЗАЈАК

Сретнал зајакот еж, па му рекол:

– Сè си ми убав, ешко, само што ножињата ти се криви, па некако ми се плеткаш.

На тоа ежот се разлутил:

– Можеш да се смееш, ама моиве криви нозе се побрзи од твоите прави. Чекај да појдам дома, па после да се обидеме кој е побрз!

– Се обложив со зајакот дека ќе го победам во трчање!

Ежицата му рекла:

– Да не си побудалел! Каде можеш ти со зајак: нозете ти се криви, а неговите се прави и брзи како стрела!

– Не грижи се ништо. Нему нозете му се брзи, мене умот. Туку слушај што ќе ти речам... Скриј се во браздата, а зајакот и јас ќе тргнеме од другата страна. Штом тој ќе потрча – јас ќе се вратам назад, а ти излези пред него и речи му дека одамна го чекаш. Тој нема да те препознае, ќе мисли дека сум јас.

Така и станало. Повторил и потретил зајакот, ежот секогаш пристигнувал пред него.

Трчал така зајакот, трчал цел ден сè додека не папсал.

Езоп





## РАЗГОВАРАМЕ

- Како се однесувал зајакот кога се сретнал со ежот?
- Како се почувствувал ежот?
- Кој бил предизвикан и од кого?
- „Нему нозете му се брзи, мене умот“. Кој го вели ова во басната?
- Објасни го значењето на оваа реченица.
- Што сакал ежот да му докаже на зајакот со оваа трка?

## РАЗМИСЛУВАМЕ

- Напиши по две особини на ликовите кои ги сретна во басната.
- Направете стрип за оваа басна.

| | |
|---|---|
| | |
| | |

# ДВЕ ЖАБИ

Во една бара живееја две жаби. Се капеа во водата, излегуваа на суво, крекаа, пак влегуваа во водата. Подобро од тоа – здравје.

Но, во текот на летото водата во барата пресуши.

– Ами сега? – се исплаши едната жаба.

– Голем е светот – рече – ќе најдеме друга бара и таму ќе живееме.



И тргнаа.

Патувајќи, дојдоа до еден бунар. Штом го забележа, едната жаба ѝ рече на другата:

– Ајде да слеземе во овој бунар!

А другата ѝ одговори:

– Тоа е лесно. Но, како ќе излеземе ако пресуши водата во него?

Езоп



## РАЗГОВАРАМЕ

- Како почнува басната? Како си живеат двете жаби?
- Што прави пресврт во нивниот живот?
- Каков предлог дава жабата за решавање на овој проблем?
- Што сретнуваат во потрага по ново место за живеење?
- Како размислува едната, а како другата жаба кога доаѓаат до бунарот?





## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

- Напиши предлог-решение за жапчињата. Што треба тие да најдат за да преживеат?

# ЛАВОТ И ЗАЈАКОТ

Еден лав нашол зајак на спиење. Тогаш кога се готвел да го изеде, во близината поминал некој елен. Го оставил зајакот и се стрчал по еленот. Зајакот ја слушнал вревата, станал и избегал.

Откако не успеал да го фати еленот, иако долго трчал по него, лавот се вратил кај зајакот. Но, кога видел дека и тој му избегал, си рекол:

– Така и ми требаше. Барајќи нешто поголемо, го загубив пленот од шепите.

Езоп

## АНА И ТЕО

**Ана:** По неколку прочитани басни, останува само да донесеме заклучок.

**Тео:** Мислам дека него го имаме овде подолу.



**Басни** се кратки книжевни дела во кои се опишуваат човечки особини преку ликовите на животните.

Секое животно во една басна симболизира една **човечка особина**. На пример, лисицата најчесто е итра, лавот – силен, зајакот – страшливец.



## РАЗГОВАРАМЕ

- Како е опишан лавот во оваа басна?
- Каде згрешил, зошто останал без плен?

## РАЗМИСЛУВАМЕ

- Која порака ќе ја напишеш за оваа басна?

# NEČESNIOT MLEKAR

Odel nekoj poznat mlekar navamu, natamu, otvoril mlekaranica, golemi pari zarabotil. Arno ama, kolku što prodaval mleko, ušte tolku voda klaval vo mlekoto. Rabotel dve, tri, pet godini... Otkako mnogu zarabotil, rekol:

– Ḱe odam doma.

Gi napolnil tie zlatni liri vo edna torba i si trgnal doma. Si odel nakaj doma, si odel po more. So brod, so gemija... A sonceto pečelo...

– Čekaj – rekol – da gi prebrojam parite.

I samo što ja izvadil torbata, imalo tamu eden majmun, skoknal – tak!

Mu go zel ḱeseto i skoknal na eden direk. Se kačil na direkot majmunov i ja otvoril torbata. Edna lira vo voda, edna nemu, edna vo voda, edna nemu... i najposle mu ja frlil torbata.

– Soberi si gi parite! – rekol.

Potoa se prašal mlekarot:

– Zošto me snajde ova mene?

– E – rekol ovoj – ti voda klavaše vo mlekoto. Zatoa tie pari što gi dobi od vodata vo mlekoto si otidoa vo vodata. Tvoite ti ostanaa... Taka e česno.

Turska narodna prikazna





## RAZGOVARAME

- Naslovot e „Nečesniot mlekar". Vo što se sostoi negovata nečesnost? Kako e objasneta negovata nečesnost?

## RAZMISLUVAME

- Objasni go citatot: „E", rekol ovoj, „ti voda klavaše vo mlekoto. Zatoa tie pari što gi dobi od vodata vo mlekoto si otidoa vo vodata. Tvoite ti ostanaa... Taka e česno".

# МРЗЛИВАТА ЖЕНА

Една жена била многу мрзлива. Мажот ѝ се карал да работи, а таа не го слушала. По време, со големи маки, мажот ја натерал да му преде кошула.

Во еден празничен ден жената отишла в црква и таму почнала да се фали на другите жени, оти предела на мажот ѝ кошула. Кога се фалела, се погодило, крај неа поминал мажот ѝ, а таа штом го видела извикала:

– Мили мажу, мили трикошулинко!

Тој кога го чул тоа, се обрнал накај неа и ја прашал:

– Зошто, жено, ми викаш трикошулник? Јас немам три кошули, туку само една!

Таа му одговорила:

– Една, мажу, што ја носиш, една ти предам – две, и една имам мисла да ти предам – ете ти три!

Македонска народна приказна





## РАЗГОВАРАМЕ

- Што е мрзливост?
- Како се однесува ликот во текстот кој е мрзлив?





## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

**Задача:**

Истражувајте и најдете поговорки, изреки и приказни за работливоста и мрзливоста на луѓето. Потоа направете истражување и претставувате го истраженото во вашата училница. Разговарајте за пронајдениот материјал.

**За мрзливиот човек секој ден е празник** – турска поговорка.

**Работата го краси човекот** – македонска изрека.

# ОД НАРОДНОТО ТВОРЕШТВО



Гатанки

1. Црно мече на оган се пече.
2. Главата во горага, опашката во море.
3. Гола е, а цел свет го облекува.
4. Една плоча го покрива целиот свет.
5. Со едно огниште цел свет се грее.
6. Заби нема ама каса.
7. Бел чаршаф цела земја покрил.

котле, река, игла, небо, Сонце, зима, снег

Поговорки

Благ како пелин.
Без време ништо не зрее.
Трудот е имање.
Без мака нема наука.



# ...ПРОПУШТЕНАТА ПОСЕТА ВО СТАРАТА ЧАРШИЈА

Тогаш на сите им велиме дека брзо ќе се вратиме. Береме цвеќе од дворот и брзо, брзо – колку е тоа возможно со два чифта детски нозе и со една тетка што не сака да трча, ете така не ѝ се трча, низ другата улица, покрај бочварот, покрај „Комитското гнездо“ се искачуваме и задишани влегуваме во црквата „Свети Спас“.

Тука Лидија и Илија оставаат цвеќе врз споменикот на Гоце Делчев. Се договоривме да го правиме тоа секогаш кога ќе шетаме низ Чаршијата. А не само зиме, кога му носиме кокичиња за роденденот и не само напролет и кога ни е жал што загинал во онаа Пита – Баница...

Тие беа премногу малечки кога им зборував дека Тој загинал за татковината. Но, слушаа внимателно и запаметија колку е важен. Запаметија дека подоцна за него ќе можат да прочитаат многу книги. Лидија ќе речеше:

– Гоце Делчев е татко на татковината...

– Не, тој ја родил татковината – се бунтуваше Илија.

Јас се насмевнував. Бидејќи сè беше во ред – го запаметија лесно неговото име, со срцето чувствуваа дека молчешкум треба да се остави цвеќето пред плочата со неговото име. За сè друго треба време.

И да се сакаат книгите.

И да се сака вистината.

И да се умее таа да се најде во книгите.

За тоа е потребно срце. Јас во илјада ситуации сум проверила дека моите деца имаат срце.

Јадранка Владова
Извадок од книгата „Измислување на светот“



**РАЗГОВАРАМЕ**

- Кој е Гоце Делчев според овој текст?
- Како е опишан тој од ликовите во текстот?
- Што вели раскажувачката во овој текст, како децата го запомниле името на Делчев?

# ХЕРОЈ

И Гоце сум и Јане
и Христо сум Узунов
и Карев и Даме
и Сирма сум и Дуња
и Карпош сум
и Страшо.
И Мирка и Вера
и Петре сум Пирузе
и Рацин и Кузман
и знаен сум јунак
и незнаен јунак.
Херој до херој
исправен
во мене одред
построен.

Светлана Христова-Јоциќ







## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

- Дали препознаваш некое од имињата во песната? Каде си го чул/а?
- Поетесата пее за јунаци, херои...
- Напиши што е за тебе херој.

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

# ТАТКОВИНА



Ја сакам својата татковина,
за неа е нашиот живот.
За неа живееме и ја опејуваме.
Со нејзините очи светот го набљудуваме.
Со неа животот го поднесуваме.
Неа ја китиме со убост.
За неа пот лееме
и не ги даваме
и тагата и радоста и маките.
За неа живееме и умираме.
Ако затреба Татковино,
Ти повикај нѐ
...

Евгенија Шуплинова





## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

- Напиши што е за тебе татковина.

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________



# ЕКОЛОГИЈА И РЕЦИКЛИРАЊЕ

## ОД РЕЧНИКОТ

- **ЕКОЛОГИЈА** – наука за заемните односи на организмите во природата и односот на организмите во нивната околина и животната средина.
- **РЕЦИКЛИРАЊЕ** – повторно користење стар, веќе користен материјал.





## РАЗГОВАРАМЕ

- Зошто денес сè повеќе зборуваме за екологија?

  Во природата секој жив организам има свое место. Сите живи организми имаат свои меѓусебни релации во природата. Човекот честопати со искористувањето на природните богатства, ловењето, исцрпувањето на водата, исцрпувањето на нафтата го нарушува екосистемот на совршениот ред во природата. Менувањето на природата, растенијата и животните придонесува за климатски промени, натрупување отпад и истребување на некои животни и растенија.

  Затоа мораме да разговараме, мислиме и да дејствуваме еколошки.

  Еден од начините што се препорачуваат за зачувување на еколошката средина е рециклирањето.





## АНА И ТЕО



**Тео:** Што има да рециклирам јас?

**Ана:** Тео, замисли да ги фрлаш чиниите во ѓубре по јадење, да ја фрлаш твојата облека на крајот на денот или мобилниот кога ќе му се испразни батеријата! Колку ли ѓубре ќе се насобереше?

**Тео:** Тоа што не фрлам сè на крајот на денот не значи дека има помалку ѓубре.

**Ана:** Токму така, сè оди на депонија, а таму, нема друго, сето гори, создава чад што сите го дишеме. Сега, дали мислиш дека има смисла да рециклираш?

**Тео:** Се разбира дека има, но треба да се знае како и со кои материјали е тоа можно!

**Ана:** Другарчиња, ајде да истражуваме, еве темата нека ни биде: ПРОИЗВОДИ ШТО СЕ РЕЦИКЛИРААТ.

**Тео:** Истражете и направете постер што ќе стои на видно место во училиштето и ќе ве потсетува на одговорноста што ја имаме сите кон природата.



## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ



Подолу може да стои и вашата скица од постерот.

# МАГАРЕТО, ВОДЕНИЧАРОТ И ВОДЕНИЧАРСКИОТ СИН

Еднаш одамна, воденичарот решил да оди на селскиот панаѓур и да го продаде магарето. Во селото се упатил со својот најмал син, кој имал петнаесет години. За да биде магарето одморено кога ќе стигне на панаѓурот, двајцата одлучиле да го стават магарето на носилка и така да го носат до селото. По патот првин сретнале еден селанец, кој им рекол:

– Ова е смешно. Изгледа дека магарето не е најглупаво од вас тројца!

Воденичарот се почувствувал навреден, па го спуштиле магарето само да оди. Малку подоцна го качил својот син да јава на магарето. Потоа сретнале тројца трговци кои им рекле: – Никогаш не сме виделе вакво нешто. Момче да јава на магаре, а старец да оди пеш! И така, воденичарот го симнал својот син да оди пеш, а тој го јавнал магарето. По неколку минути, поминале три девојки и рекле:

– Сирото момче, мора да оди пеш, на сонцево, а старецон јава на магарето!



И така, тој го качил и својот син на магарето, па двајцата качени на животното, наскоро сретнале тројца аргати кои им рекле:

– Кутрото животно, мора и обајцата да ги носи!

А, воденичарот, не знаејќи веќе што да направи вознемирено рекол:

– Па, добро, бре, човек може да полуди ако реши сите да ги слуша!

И така, обајцата слегле од магарето и почнале да одат пеш. Наскоро стигнале до панаѓурот и сретнале еден селанец кој им рекол:

– Чудна работа, магарето не е натоварено, а неговите стопани мораат да одат пеш!

Овој пат, воденичарот му одвратил на човекот и решил дека во иднина ќе се слуша само себеси и нема да му биде грижа за она што другите го зборуваат.

Преземено од списание за деца „Развигор“





## РАЗГОВАРАМЕ

- Која е најголемата грешка што ја правел воденичарот?
- Дали си бил и ти некогаш во слична ситуација?

# ЛЕТУВАЛИШТЕТО НА ВОЛКОТ

Еден волчо решил да ја посети јагнешката градинка. Ѕиркајќи низ тарабите, им подвикнал на јагненцата што играле: – Еј, малечки! Ви се чудам и не можам да се начудам како истрајувате толку време затворени!

– Па, што да правиме, чичко? – „испеале“ јагнињата едногласно.

– **Ние волците никогаш не ги затвораме своите волчиња! – почнал да објаснува волкот со милозвучен глас.**

– А што прават волчињата кога мајките и татковците им се на работа? – прашало најголемото јагне.

– **Ги носат на летување! – одговорила муцката пикната меѓу тарабите – во планината лете има многу убави летувалишта. Воздухот е чист, тревата зелена и секогаш свежа, а водата студена и незагадена, повкусна од млекото со кое ве дојат вашите мајки.**

– Вашите волчиња пијат многу вода?

– **Не пијат. Односно, пијат само кога имаат друштво. Бидејќи без другарчињата со кои сакаат да си играат, водата не им е вкусна... Затоа јас дојдов да ве поканам на летување кај моите златни волчиња.**

Јагнињата се испогледнале со своите црни благи очиња, си прошепотиле меѓу себе. Им посакало срце да прошетаат низ убавиот, чист и зелен свет што толку убаво им го опиша забестиот гостин од планината, кого веќе никогаш не го виделе. Тие можеби ќе се согласеа да излезат од својата градинка и да тргнат таму каде што ги поканил волкот ако не беше најголемото јагне Меменко.



Тоа ги туркаше station наназад, а на непоканетиот гостин му рече:

– И чичко песот ни го рекол тоа.

– Кое? – прашал овргаленкото планински.

– Тоа, дека на волците не им е вкусна водата без јагнешко. Чичко волчо, ти сакаш да нè изедеш, нели?

– Леле, леле, многу сте мали, а големи неразбранковци! Да сум ви учител, ќе ви ги истегнам ушенцата затоа што не слушате постар човек.

– Ене го нашиот учител, лежи во својата куќичка, појди да му кажеш како ќе ни ги истегнеш ушите!

– Оној, песон?

– Да, ние многу си го сакаме песот, а тој нè фали.

– Значи, така, јагненца: му верувате на песот, а не мене – големиот пријател кој ве сака повеќе од сè друго на светот!

– Напилесал трлајќи си ги очите небаре му се плаче.

Но, јагнињата не ги натажило тоа. Тие рекле: „Ние им веруваме само на мајките кои нè дојат со топло, највкусно млеко на светот“.

– Вие сте обични пањачовци! – рекол волкот.

– Волчо, ни се лутиш?

– Неранимајковци едни! – викнал накиселениот посетител од планината – уште не влегле во училиште, а поитри од тебе!

Ристо Давчевски
извадок од книгата „Сказни од Басново“

## ОД РЕЧНИКОТ

- **НАПИЛЕСАЛ** – се нажалил.

## РАЗМИСЛУВАМЕ

- Пронајди ги деловите од текстот во кои волкот се обидува да ги намами јагнињата. Откако ќе ги изделиш тие реченици, напиши свое мислење за содржината и што значат употребените зборови. (Помош – погледнете во затемнетите делови од текстот.)
- Пронајди ги деловите од расказот во кои јагнињата ја покажуваат својата умност.

# ДИЈАЛЕКТ И СТАНДАРДЕН ЈАЗИК



## АНА И ТЕО



**Ана:** Тео, знаеш ли што е ова: бела гуска, на една нога стое?

**Тео:** Мммм, зелка?!

**Ана:** Така е, а ова: дванајсет братја под една кошула?

**Тео:** Лук!

**Ана:** Ова нема да го погодиш: З’би немат, ама касат?

**Тео:** Не можам да се сетам.

**Ана:** Тоа е зима!

**Тео:** А што е ова: од в’нка е зелено, од н’тре е бело?

**Ана:** Мммм, крставица!

**Тео:** Уште ова: п’лна кутиа црвени мониста?

**Ана:** Калинка!

**Јазиците** имаат своја пропишана јазична форма или стандардна форма.

Правилата за јазикот се пишуваат во граматики, правописи, речници, лексикони.

**Стандардниот говор** го користиме во официјалната комуникација, на училиште, во различни институции, а таков треба да е и во медиумите.

Во секојдневната комуникација ние користиме говор што, иако припаѓа на истиот јазик, може да има свои посебни карактеристики.

Говор со свои јазични специфичности, обично во еден крај, во еден реон се вика **дијалект**.





## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

**Задача:**

Ана и Тео си кажуваа гатанки на различни дијалекти. Напишете и вие по една гатанка на вашиот дијалект, а потоа кажете ја и на стандарден јазик. Разговарајте за разликите.

Напишете по неколку збора што се од вашиот дијалект и се различни од стандардниот.

## ЛИНГВИСТИЧКИ АТЛАС НА МАКЕДОНСКИТЕ ДИЈАЛЕКТИ

(според материјалите на ОЛА)




Погледнете како се вика БУБАМАРА низ македонските дијалектни говори!

# ПАТОРОТ ВЕСЕЛКО

Пак – квак! – радосно квакаше паторот Веселко штом почна да паѓа дожд.

– Најубавото време на светот, квак!

Се брцкаше во баричката што дождот ја беше направил, но откако баричката постепено се претвори во поточе што се упатуваше кон реката, Веселко си помисли: „Еве можност по првпат во животот да запливам во река!“

Ја протресе опашката, го истегна вратот, замавна со крилјата и се спушти низ поточето.

– Каде си тргнал, Веселко? – забрмче бумбарот Бале.

– Да пливам во реката! – квакна Веселко.

– Што сè не прави овој свет – прозуја налутено мувата Зујка. – Каква глупост е да пливаш во реката!

– Врати се, ќе се покаеш! – му довикна зајакот Долгоушко, трчајќи за да се скрие од дождот. На реката Веселко го сретна дабарот Добре.

– Каде ќе одиш? – го праша дабарот.

– Да пливам во реката, за првпат во животот! – одговори Веселко и плас! Скокна. Удираше со крилјата како голем патор и сè одеше добро додека надојдената вода не донесе една подебела гранка право кон Веселко и го понесе кон водениот камен, кој се закануваше да го здроби. Добриот дабар Добре ја забележа опасноста, се фрли во вода и со муцката почна да го турка Веселко сè до брегот, го спаси од смрт!

– Ти благодарам, Добре, многу ти благодарам! – едвај квакна Веселко и побрза дома. Веќе не сакаше да плива во реката – доволна му беше барата.

од „Златни приказни за животните“





## АНА И ТЕО



**Тео:** Знаеш ли дека некогаш поради љубопитност или поради тврдоглавост влегуваме во води што се опасни?

**Ана:** Да, да, како паторот Веселко.

**Тео:** За малку неговото име ќе беше спротивно од весело.







## РАЗГОВАРАМЕ

- Зошто паторот сака да плива во речните води?
- Од што се изненадува паторот Веселко?
- Кој го спасува? На кој начин?
- Како се чувствува Веселко по пливањето во реката?
- Што мислиш за последната реченица: „Веќе не сакаше да плива во реката – доволна му беше барата“. Зошто го сменил мислењето?
- На што треба да внимаваме кога сакаме да промениме нешто?

# АЈДЕ ДА ПОВТОРИМЕ

**Приказна** – раскажува за настан, има повеќе ликови, поучна е, може, но не мора да биде реалистична.

**Бајка** – приказна во која има волшебни, фантастични ликови, предмети, настани, завршува со победа на доброто.

**Песна** – литературна творба во стих, се пишува на различни теми и мотиви.

**Расказ** – раскажува за некој настан (помалку ликови и најчесто еден настан; настаните не мора да бидат секогаш реалистични, може да имаат и фантастична содржина).

**Басна** – поучен краток текст во кој ликовите се животни.

**Едночинка** – драмска творба во еден чин, пишувана во дијалог, со ликови, на различни теми.

# ПОСЕТА НА КИНО




Најновата продукција на Дизни и режисерот Џон Фавро – „Кралот лав“, ќе нè однесе на едно патување во африканската савана каде што се раѓа идниот цар.

**Оригинален наслов:** The Lion King

**Траење на филмот:** 117 минути

**Земја/година:** САД/2019

**Жанр:** Анимиран/цртан, авантура, семеен

**Глумци:** Доналд Гловер, Чиветел Еџиофор, Сет Роген

**Режија:** Џон Фавро

- Кои информации ги доби од постерот како најава за филмот?
- Организирајте заедничко следење на филмот „Кралот лав“.



## РАЗГОВАРАМЕ

- За што станува збор во приказната на филмот?
- Кои ликови ги сретна?
- Што ти остави најсилен впечаток?





## РАЗМИСЛУВАМЕ И ТВОРИМЕ

- Писмена вежба: Впечатоци од филмот „Кралот лав“.
  (Напиши како се чувствуваше додека го гледаше филмот.
  Кој дел од филмот беше најчувствителен за тебе? Опиши зошто.)

# ЛЕТЕН ОДМОР НÈ ЧЕКА

Летен одмор нè чека
за распустот, летото царува,
овошја природата дарува.
Грозје, лубеници, дињи и сливи,
зеленчук многу по плодните ниви.

Одморот долго ќе трае,
за игри весели секој знае.
Грижите на одмор ги нема,
сликовница секој со себе зема.

Шарени чадори по плажите има,
џагор и песна од детските грла.
Планините, езерата и
морето нè канат,
бранот танцува и ситен песок фрла.

Ели Маказлиева



## ТВОРИМЕ

**Писмена вежба:**
Состави краток текст за твоето идно патување на езеро, море или планина. Зборовите од ѕидот нека ти помагаат во пишувањето.

**Езеро, прекрасно, бранови, плива, сонце, грее, шума, патека, пешачи, оди, патува, автомобил, автобус, Марко, Симо, Пепи, Сара, Биба, камп, дрвја, плажа, чамец.**

